ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

јуни 2025 бр. 31



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ БР.31

ISSN: 1857-7644

Издавач:
Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Редакциски одбор:
Манчо Митевски | Главен и одговорен уредник
д-р Весна Стефановска | Заменик на главниот и одговорен уредник
д-р Мерсел Биљали
д-р Славица Димитриевска
д-р Ангелина Станојоска

Лектор:
Татјана Стојановска

Графички дизајн:
Дамјан Канзуров

Контакт:
Институт за човекови права
www.ihr.org.mk
ihr@ihr.org.mk

Контакт адреса:
бул. Партизански одреди бр. 23/1-5
Скопје, 1000, Северна Македонија

Скопје, јуни 2025 година

Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права. Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде пренесуван, копиран или објавуван без согласност на издавачот.

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ЕДИТОРИЈАЛ 4

ИЗДВОЕНИТЕ МИСЛЕЊА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СЛУЧАИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Илир Р. Исени 6

УПОТРЕБАТА НА OSINT ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ОД ЧЛЕН 8 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Катерина Панева 24

ГЛАВНАТА РАСПРАВА И ПРАВОТО НА ФЕР СУДЕЊЕ: ДОКТРИНА, ПРАКТИКА И ЈУРИСДИКЦИЈА НА ЕСЧП
Мартин Илиевски 31

СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ – ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ
Лилјана Јоноски и Светлана Вељановска 38

ЕДНАКВОСТА И ДОСТОИНСТВОТО КАКО ТЕМЕЛНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ ТРЕТМАН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
Габриел Живковиќ 47

МЕЃУ ЗАКОНОТ И ТРАУМАТА: ПСИХОЛОШКА АНАЛИЗА НА СЕКУНДАРНАТА ВИКТИМИЗАЦИЈА
Ана Никач 56

МЕЃУ ЖРТВАТА И ПРАВОТО: ПРЕВЕНЦИЈАТА НА СЕКУНДАРНАТА ВИКТИМИЗАЦИЈА - ПАТ ОД РАНЛИВОСТ КОН ПРАВДА
Ана Марија Николовска 63

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛИТЕТ: ПРАКТИЧНИ МЕТОДИ И ПРАВНИ АСПЕКТИ
Самир Салиевски 69

НАЧИНИ НА ОТКРИВАЊЕ И ДОКАЖУВАЊЕ НА НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ
Селма Абдуловска 76

ПРЕДИЗВИЦИТЕ ОД НОВАТА ЕУ ДИРЕКТИВА ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ
Зоран Шапуриќ 83

ЕФЕКТОТ НА ЕДУКАТИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВРЗ ЗНАЕЊЕТО И ОДНЕСУВАЊЕТО КАЈ ДЕЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ
Марија Давчевска и Дејан Филиповски 93

Почитувани,

пред вас е триесет и првиот број на стручното списание „Правен дијалог" во кој доминираат трудови кои обработуваат теми поврзани човековите права од меѓународен аспек, застапени се трудови од кривичната област и секако на големо задоволство на Уредничкиот одбор на списанието, продолжува трендот на објава на трудови кои тангираат теми поврзани со заштита на животната средина.

Очекувано е поради карактерот на списанието да доминираат трудови од областа на човековите права пред сè оние кои се однесуваат на Европската конвенција за човекови права. Ќе имате можност да прочитате повеќе за издвоените мислења на Европскиот суд за човекови права во случаите против Република Северна Македонија, за употребата на OSINT во кривичната постапка од аспект на член 8 од Конвенцијата како и за главната расправа и правото на фер судење гледано низ призмата на конвенциското право. Ќе дознаете повеќе за положбата на жените во руралните средини преку имплементација на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Особено нè радува фактот што има сè повеќе автори кои пишуваат на теми поврзани со заштита и унапредување на човековите права на лицата со попреченост кои во никој случај не смеат да бидат заборавени и маргинализирани од општеството. Од оваа причина внимателно прочитајте ги трудовите кои се однесуваат на еднаквоста и достоинството на лицата со попреченост во здравствениот систем како и заштитата на животната средина преку едукација на децата со интелектуална попреченост.

Во овој број ќе можете да прочитате повеќе за превенцијата од секундарна виктимизација, како правосудниот систем се однесува кон жртвите на трговијата со луѓе и дали постапувањето навистина обезбедува заштита или, напротив, создава нови облици на страдање. Авторите пишуваат и за организираниот криминал и можностите за негово откривање и сузбивање на недозволената трговија со дрога и оружје. Со цел да дознаете повеќе за квалитетот на воздухот, прочитајте го трудот кој ги презентира предизвиците од новата ЕУ директива за квалитетот на воздухот.

Ги охрабруваме и мотивираме сите потенцијални автори да пишуваат на теми кои не се толку актуализирани и познати на јавноста, со цел да поттикнеме дијалог и афирмирање на човековите права во сите области.

Заменик главен и одговорен уредник,
д-р Весна Стефановска

ИЗДВОЕНИТЕ МИСЛЕЊА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО СЛУЧАИТЕ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Како позитивни аспекти на издвоените мислења се: развивањето дебата; транспарентноста; развојот на толкувањето на Европската конвенција за човекови права; овозможувањето судиите да ги изнесат своите мислења наспроти мнозинството судии во советите на Судот; користењето на издвоените мислења од страна на правните научници и практичари во нивните истражувања и анализи. Како негативни аспекти на издвоените мислења се: несуштинските и/или премногу издвоени мислења може да доведат до нарушување на авторитетот на Судот; креирањето правна неизвесност преку појавување на разлики во толкувањето на Конвенцијата и доведувањето до различно толкување на одлуките на Судот од страна на домашните судови; злоупотребата на издвоените мислења од политичките партии за политички цели или за поттикнување на дебати спротивни на духот на Конвенцијата, која е механизам за заштита на човековите права

ИЛИР Р. ИСЕНИ

АПСТРАКТ

Правните научници и практичари во Република Северна Македонија многу малку, односно воопшто не се занимавале со прашањето на издвоените мислења на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), со посебен осврт на случаите против Република Северна Македонија. Од овие издвоени мислења, изјавени од судија или група судии, произлегле битни и суштествени прашања во врска со предметите коишто биле разгледани пред ЕСЧП. Од издвоените мислења, се разбира, доколку се користат во позитивна смисла, произлегуваат неколку придобивки, како што се: развој, односно еволуција на толкувањето на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП); овозможување судија или група на судии да ги изнесат своите (согласни или несогласни) мислења наспроти мнозинството судии во советите на Судот; нивното користење од страна на правните научници и практичари во нивните истражувања, анализи итн.

Клучни зборови: Европска конвенција за човекови права, Европски суд за човекови права, Деловник на ЕСЧП, трендови во судското расудување, издвоени мислења (согласни или несогласни), толкувањата на Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).

ВОВЕД

Европскиот суд за човекови права (во натамошниот текст Судот или ЕСЧП), како меѓународен суд со седиште во Стразбур, Франција, е составен од 46 судии односно бројот на судии е еднаков на бројот на земји – членки на Советот на Европа што ја ратификувале Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (ЕКЧП).[1] Судијата избран во однос на Високата договорна страна, функцијата ја извршува во лично својство, односно тој/таа не ја претставуваат државата чии државјанин е. Значи, тој/таа е целосно независен/а од земјата од која потекнува и не ги претставува ниту жалителот/ите, ниту, пак, државата/ите.

Во моментот, постојат два тренда во европското судско расудување[2]: оној на Судот како Монтескјевиот **„гласноговорник“** и оној на Судот како што Роналд Дворкин го има наречено **„форум на принципите“**, односно место каде што контроверзните правни аргументи систематски се развиваат и рафинираат, засновани на суштински принципи што сите разумни луѓе можат да ги прифатат. Сепак, несомнено е дека судската практика е поблиска до идејата за Судот како „форум на принципи“, отколку до „гласноговорникот“ на Монтескје.

Следствено на овие трендови, не може да се очекува сите судии коишто доаѓаат од различни правни системи и со различна правна традиција и култура да имаат исто сфаќање и размислување за едно исто правно прашање. Оттука, во зависност од случајот што се разгледува, може да се појави различен пристап во однос на применливоста на правото или различно решение од она што е прифатено од мнозинството судии на Советот или Големиот совет. Сепак, согласноста или несогласноста со пресудата изразена преку издвоеното мислење не е задолжителна за судската практика на ЕСЧП, но може да биде и тоа како влијателна за правните професионалци (адвокати, правни научници, практичари, итн.).

Токму поради овие, а и други причини[3], ЕСЧП дозволува издвоени и различни мислења[4], додека други судови, како што е, на пример, Судот на правдата на Европската унија, не го дозволува тоа.

---

1 По одлуката на Комитетот на министри на 16 март 2022 година, Руската Федерација повеќе не е членка на Советот на Европа.

2 Letsas, George, Judge Rozakis's Separate Opinions and the Strasbourg Dilemma (June 25, 2011);

3 Издвоените мислења може да бидат корисни, а не штетни за авторитетот на судот во едно демократско општество; издвоените мислења можно е да претставуваат израз на еволутивното толкување на одредбите на Конвенцијата; издвоените мислења можно е да претставуваат форма на судски активизам;

4 Истото го дозволува и Меѓународниот суд на правдата;

Според гледиштето кое преовладува во Судот на правдата, унитарниот резултат бил поважен од транспарентноста на расудувањето на Судот.

Прашањето за издвоените мислења е регулирано во членот 45, став 2 од Конвенцијата[5], каде е предвидено дека „Ако пресудата не претставува, целосно или делумно, едногласно мислење на судиите, секој судија има право да даде издвоено мислење". Ова прашање е регулирано и во Правилото 74 став 2 на Деловникот на Судот, каде стои „Секој судија кој учествувал во разгледувањето на случајот од страна на Советот или од Големиот судски совет има право да приложи кон пресудата издвоено мислење, кое се согласува или не се согласува со таа пресуда или гола изјава за несогласување"[6].

Во овој контекст, во овој труд се анализирани случаи кои се разгледани пред Европскиот суд за човекови права против Република Северна Македонија, во кои биле изјавени издвоени мислења со кои судија или група судии изјавиле согласно или несогласно мислење во врска со донесените пресуди од мнозинството судии, членови на Советот или Големиот Совет на ЕСЧП.

Клучната активност беше собирањето и анализирањето на судската пракса на ЕСЧП, со посебен осврт на случаите против Република Северна Македонија кои биле донесени во периодот од 2006 до 2024 година.

1. ИЗДВОЕНИТЕ МИСЛЕЊА НА СУДИЈА ИЛИ ГРУПА СУДИИ НА ЕСЧП КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ ВО РАЗГЛЕДУВАЊЕТО НА СЛУЧАИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Од анализираните случаи против Република Северна Македонија за гореспоменатиот период, се утврди дека судската практика на ЕСЧП има 14 случаи во кои судија или група судии изјавиле издвоени мислења со кои се согласувале или не се согласувале со донесените пресуди од мнозинството судии кои биле дел од советите составени од по седум судии, односно Големиот совет на ЕСЧП, составен од 17 судии.

1. 1. СЛУЧАЈОТ ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ РАДКО & ПАУНКОВСКИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[7]

Во случајот Здружението на граѓани „Радко" & Паунковски против Република Македонија, жалителите се жалеле согласно членот 11 од Конвенцијата дека со одлуката на Уставниот суд која ги прогласила за ништовни Статутот и Програмата на Здружението, дошло до распуштање на Здружението со што членовите биле лишени од можноста заеднички да ги реализираат целите утврдени во Статутот и Програмата. Вториот жалител се жалел, исто така, и согласно членот 10 дека распуштањето на Здружението прераснало во повреда на неговото право на слобода на изразување, бидејќи Здружението претставувало место за изразување на неговите ставови (и тие на останатите членови на Здружението) по однос на етничкото потекло на одредени сегменти од популацијата. Во овој контекст, тој ја забележал медиумската кампања и изјавата на претседателот на тужената држава, кој, наводно, рекол дека „нема место за човек кој тврди дека Македонците се (етнички) Бугари". Вториот жалител заклучил дека таа изјава се однесувала на него.

Од причините наведени во образложението на пресудата, со шест гласа спрема еден, Судот сметал дека има повреда на членот 11 од Конвенцијата; и, со шест гласа спрема еден, сметал дека не е неопходно посебно да се одлучува за предметот на вториот жалител по членот 10 од Конвенцијата.

---

5 *https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD;*

6 *https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/Rules_Court_ENG;*

7 ЕСЧП, Здружението на граѓани „Радко" & Паунковски против Република Македонија, апликација бр. 74651/01, 15 Јануари 2009 година.

Заради прогласување на предметот за допуштен и наоѓање на повреда на членот 11 од Конвенцијата, судијата Мирјана Лазарова Трајковска[8], изјавила издвоено несогласно мислење, поради несогласување со мнозинството судии кои во Советот, составен од седум судии, го разгледувал овој случај против Република Македонија. Во нејзиното издвоено мислење се истакнати две главни забелешки: првата е формална и има врска со исцрпувањето на домашните правни средства; а, втората, контра аргумент, е во врска со толкувањето на целите и активностите на Здружението на граѓани „Радко".

Во врска со првата забелешка, судијата Лазарова Трајковска истакнува дека жалителите не поднеле барање за заштита пред Уставниот суд, пропишано домашно правно средство со членот 110, ставот 3 од Уставот на Република Македонија, па игнорирајќи ги домашните правни средства и неискористувајќи ги, жалителите одлучиле директно да аплицираат пред Европскиот суд за човекови права, пред воопшто Здружението да биде избришано. Според нејзиното мислење, заобиколувањето на ова „единствено и екстремно важно ефективно домашно правно средство", довело домашните судови да не бидат во можност да се произнесат по барањата на жалителите кои биле поднесени пред ЕСЧП. Токму во однос на ова постоела и судска практика на ЕСЧП[9]. Во врска со втората забелешка, судијата истакнува дека тешко е да се прифати дека политиката на Здружението за негирање на националниот идентитет на луѓето во сопствената држава била во склад со Конвенцијата и вредностите на демократското општество, и поради тоа во конкретниот случај неопходната општествена потреба била да се заштити правото на членовите на Здружението за слободно изразување и здружување, едновремено заштитувајќи го правото на мнозинството од граѓаните на Република Македонија слободно да ги уживаат нивните човекови права за самоидентификација како македонска нација. Понатаму, истакнува дека одлуката на Уставниот суд за толкување на Програмата и Статутот на Здружението „Радко", како основа на национална нетрпеливост и омраза и нивното декларирање како неуставни, била легитимна и во согласност со Конвенцијата и заради тоа „вмешувањето на Уставниот суд било неопходно во демократско општество, во смисла на Конвенцијата". Поради сето тоа, судијката смета дека жалбата на жалителите требало да се прогласи за недопуштена.

1.2. СЛУЧАЈОТ АТАНАСОВСКИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[10]

Во случајот Атанасовски против Република Македонија, жалителот се жалел дека должината на постапката била некомпатибилна со определбата за „разумен рок" и дека Врховниот суд во случајот одлучил спротивно на претходно установената пракса без да даде причини за ова отстапување.

Од причините наведени во образложението на пресудата, Судот ја прогласил едногласно жалбата за допуштена; и, сметал, едногласно, дека има повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата во однос на должината на постапката, како и, со шест гласа наспроти еден, сметал дека има повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата во однос на недостигот на причини во одлуката на Врховниот суд.

Поради утврдената повреда на членот 6 став 1 од Конвенцијата во однос на недостигот на причини во одлуката на Врховниот суд, судијата Rait Maruste[11] изјавил издвоено несогласно мислење, првенствено истакнувајќи ја важноста на општиот принцип на супсидијарност, како и на принципот на владеење на правото. Бирајќи меѓу домашниот и меѓународниот правен систем, судијата Maruste неспорно им подарува поголема слобода на домашните власти. На прашањето дали Врховниот суд требало да даде повеќе причини, одговорот бил - можеби, но не било во надлежност на Судот во Стразбур да постапува како ментор или супервизор на врховните судови во поглед на тоа како тие ја вршат својата функција, се разбира, освен доколку резултатот е

8 Судија избрана во однос на Република Северна Македонија.

9 ЕСЧП, Nielsen v. Denmark, апликација бр. 343/57, 2 Септември 1959 година; и, ЕСЧП, Azina v. Cyrpus [GC], апликација бр. 56679/00.

10 ЕСЧП, Атанасовски против Република Македонија, апликација бр. 36815/03, 14 Јануари 2010 година.

11 Судија избран во однос на Естонија.

очигледно во спротивност со барањето на Конвенцијата. Значи, според него, не бил доведен во прашање концептот на праворазадавање, туку само прашањето на опсегот. Затоа, судијата заклучува дека во конкретниот случај, не бил исполнет условот за оправдување на интервенцијата на меѓународниот суд.

1.3 СЛУЧАЈОТ ЕЛ-МАСРИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[12]

Во случајот Ел-Масри против Република Македонија, жалителот се жалел дека бил предмет на тајна операција за предавање. Имено, дека агенти на тужената држава го притвориле, го држеле incommunicado, го испитувале и го малтретирале, и го предале на аеродромот во Скопје на агенти на ЦИА кои го префрлиле со специјален авион на ЦИА во таен објект за притвор, управуван од ЦИА, во Авганистан, каде бил малтретиран повеќе од четири месеци. Наводното страдање траело меѓу 31 декември 2003 и 29 мај 2004 година, кога жалителот се вратил во Германија.

Од причините наведени во образложението на пресудата, Големиот совет на Судот: 1) го отфрлил прелиминарниот приговор на Владата за непочитување на правилото за шест месеци; 2) ги прогласил за допуштени наводите во однос на членовите 3, 5, 8 и 13 од Конвенцијата, а остатокот од жалбата за недопуштена; 3) утврдил дека е сторена повреда на членот 3 од Конвенцијата во неговиот процедурален аспект поради пропустот на тужената држава да спроведе ефикасна истрага за наводите на жалителот за малтретирање; 4) утврдил дека е сторена повреда на членот 3 од Конвенцијата од страна на тужената држава поради нечовечкото и понижувачкото постапување на кое бил изложен жалителот додека бил држен во хотел во Скопје; 5) утврдил дека тужената држава е одговорна за малтретирањето на кое бил изложен жалителот на аеродромот во Скопје и дека ова постапување мора да се класифицира како тортура во смисла на значењето на членот 3 од Конвенцијата; 6) утврдил одговорност на тужената држава за трансферот на жалителот во притвор на органите на САД, иако постоел реален ризик дека тој би бил подложен на постапување спротивно на член 3 од Конвенцијата; 7) утврдил дека притворот на жалителот во хотел во траење од 23 дена, бил арбитрарен, спротивно на членот 5 од Конвенцијата; 8) утврдил дека тужената страна е одговорна според член 5 од Конвенцијата за подоцнежното заложништво на жалителот во Авганистан; 9) утврдил дека тужената држава пропуштила да спроведе ефикасна истрага за наводите на жалителот за арбитрарно притворање, како што бара членот 5 од Конвенцијата; 10) утврдил дека постои повреда на членот 8 од Конвенцијата; 11) утврдил дека постои повреда на член 13 од Конвенцијата поради отсуство на ефикасни правни лекови за жалбените наводи на жалителот во однос на членовите 3, 5 и 8 од Конвенцијата.

По однос на оваа пресуда, биле изјавени две заеднички согласни мислења, од кои првото, од судиите Tulkens, Spielmann, Sicilianos и Keller[13], а второто, од судиите Casadevall и Lopez Guerra[14].

Во првото заедничко согласно мислење, судиите Tulkens, Spielmann, Sicilianos и Keller, сметаат дека во врска со членот 13 од Конвенцијата, образложението требало да се прошири и на еден друг фундаментален аспект, односно Судот требал да признае дека, во отсуство на какво и да било ефикасно правно средство – за што се согласила и Владата – на жалителот му било одземено и „правото на вистина“, односно правото на точно објаснување за претрпените страдања и за улогата на оние одговорни за таквите маки. При користењето на терминот „вистина“, судиите сметаат дека тоа не подразбирало „вистина“ во филозофска или метафизичка смисла, туку како право за потврдување и утврдување на вистинските факти. Според нивното мислење, правото на вистина многу подобро би било ситуирано во контекст на членот 13 од Конвенцијата, особено кога тоа е поврзано со процедуралните обврски од членовите 3, 5 и 8, како што бил случајот во конкретниот случај. Правото на вистина, според нив, не било нов концепт во судската практика на Судот и не претставувало „ново“ право, туку ова право било широко признато со меѓународното и европското право за правата на човекот (на ниво на Обединетите нации и на регионално ниво, како што се Европската Унија, Советот на Европа, итн.). Како резултат на сето тоа, судиите

12 ЕСЧП, Ел-Масри против Република Македонија, [ГС], апликација бр. 39630/09, 13 декември 2013 година.

13 Судии избрани во однос на Андора односно Шпанија.

14 Судии избрани во однос на Андора односно Шпанија.

сметаат дека „сламежливата алузија“ на правото на вистина, во контекст на членот 3, и недостатокот на експлицитно признавање на ова право, во врска со членот 13 од Конвенцијата, создаваат впечаток на преголема внимателност.

Во второто заедничко согласно мислење, судиите Casadevall и Lopez Guerra, спротивно на претходно наведеното мислење, сметаат дека не било неопходно да се направи посебна анализа, како што тоа го направил Големиот совет во ставот 191 од пресудата, за постоењето на „право на вистина“, како нешто што е различно од, или како дополнение на, барањата што се веќе воспоставени во претходната судска практика на Судот по овие прашања, односно посебната анализа на правото на вистина се јавило како одвишно. Според нив, кога станува збор за правото на вистина, „жртвата, а не општата јавност, е таа којашто го има тоа право“, како резултат на членот 3 од Конвенцијата, а во светло на практиката на Судот.

1.4. СЛУЧАЈОТ АЛИШИЌ И ДРУГИ ПРОТИВ БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, ХРВАТСКА, СРБИЈА, СЛОВЕНИЈА И МАКЕДОНИЈА[15]

Во случајот Алишиќ и други против Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Словенија и Македонија, жалителите се жалеле дека сè уште не можеле да ги повлечат нивните стари штедни влогови во странска валута од нивните сметки во експозитурата на Љубљанска банка Љубљана и експозитурата на Инвест-банка во Тузла.

Од причините наведени во образложението на пресудата, Судот: 1) ги отфрил, со шест гласа спрема еден, приговорите на владите во врска со пропустот на апликантите да ги искористат сите домашни правни лекови; 2) одлучил, едногласно, дека има повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата од страна на Србија во поглед на г-дин Шахдановиќ; 3) одлучил, со шест гласа спрема еден, дека има повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата од страна на Словенија во поглед на г-ѓа Алишиќ и г-дин Саџак; 4) одлучил, едногласно, дека нема повреда на член 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата од страна на останатите тужени држави; 5) одлучил, едногласно, дека има повреда на членот 13 од Конвенцијата од страна на Србија во поглед на г-дин Шахдановиќ; 6) одлучил, со шест гласа спрема еден, дека има повреда на членот 13 од Конвенцијата од страна на Словенија во поглед на г-ѓа Алишиќ и г-дин Саџак; 7) одлучил, едногласно, дека нема повреда на член 13 од Конвенцијата од страна на останатите тужени држави; 8) одлучил, едногласно, дека нема потреба да се испитува жалбата согласно член 14 од Конвенцијата во врска со член 13 од Конвенцијата и член 1 од Протоколот бр. 1 во однос на Србија и Словенија и дека нема повреда на член 14 од Конвенцијата во врска со член 13 од Конвенцијата и член 1 од Протоколот бр. 1 во однос на останатите тужени држави, итн.

Во однос на ова пресуда, судијата Жупанчич[16] изјавил издвоено несогласно мислење, со кое приговара по неколку основи, а меѓу трите најзначајни се: повредата на територијалното начело, потребата од (не)покренување на меѓудржавен случај и составот на ad hoc Советот.

Во однос на првиот приговор, судијата Жупанчич истакнува дека во банкарството и во слични ситуации на сукцесија, „териториалното начело“, кое се применува и спроведува со цел да се надоместат долговите на одредена земја, добро го отсликува добро познатото економско размислување дека парите добиени од влоговите на депонентите се вложуваат, во смисла на т.н. „книговодствени пари“, на територијата на која банката работела како должник кон штедачите, но, особено како доверител кон бројни претпријатија кои таа банка истовремено ги финансирала преку заеми. Според него, кога се зборува за сукцесија, земјите-наследнички, исто така, ги покриваат своите територии со гаранции кога централен орган, во овој случај Централната банка во Белград, не ја исполнила својата функција како гарант. По таа логика, би било лесно да се разбере дека, исто така, имало смисла на шесте земји наследнички да им ги осигураат заштедите на штедачите - секој на својата територија. Оттука, во секој случај, логиката на територијалното начело е очигледна од двете страни на овој случај. Потсетува на едноставната идеја

15 ЕСЧП, Алишиќ и други против Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија, Словенија и Македонија, апликација бр. 60642/08, 6 ноември 2012 година.

16 Судија избран во однос на Словенија.

за поединечна правда, која се разгледувала со Протоколот бр. 1 и имало целосно дополнување во аристотеловата дистрибутивна правда вградена во територијалното начело.

Во однос на вториот приговор, тој смета дека спорот бил „измешан" зашто овој случај не бил како што би требало да биде - меѓудржавен случај. Поради тоа, истакнува две прашања: од која причина ниедна тужена држава не покренала меѓудржавна постапка против Словенија пред ЕСЧП и зошто тужените држави се криеле зад индивидуалните жалби кога се укажувало на фактот дека ова се прашања за сукцесија?

А во однос на третиот приговор, смета дека конкретната пресуда произлегувала од актуелниот состав на ad hoc Советот во кој четири членови т.н. просто мнозинство биле од државите доверители, еден бил од државите должници, додека само два члена биле од Советот, кои не биле национални судии во овој случај. Тој ја разбира вообичаената процедурална логика на Конвенцијата, во смисла дека националните судии од земјите на кои се однесува предметот, морало да бидат, во секој случај, членови на Советот, со што би се помогнало во подобра процена. Но, во ситуација каде имало седум држави наследнички кои се занимавале со нешто што е во суштина прашање за сукцесија, логиката за присуството на националните судии во секој поединечен случај ќе резултирала со таков ad hoc состав, како во предметниот случај, каде „претставници" на тужителот би имале очигледно мнозинство над „претставникот" на туженият. Според него, тоа било апсурдно, бидејќи од самиот почеток било видливо дека интересите на тужителот ќе го одредат резултатот на случајот ad hoc со мнозинска пресуда. На крајот, јасно става до знаење дека не се сомневал во непристрасноста на своите колеги, додека гледал дека имало свесна непристрасност кога било во прашање размислувањето за националните интереси и требало да има објективни граници. Како заклучок, според него, произлегува дека таквиот состав на јавноста немало да и изгледа како објективен и непристрасен.

1.5. СЛУЧАЈОТ ДОНЧЕВ И БУРГОВ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[17]

Во случајот Дончев и Бургов против Република Македонија, повикувајќи се на членот 6 од Конвенцијата, жалителите се жалеле на повреда на принципот на еднаквост на оружјата за одбрана и повредата на нивните права на одбрана во однос на сослушувањето на возачот. Во врска со ова, тие се жалеле дека, за разлика од јавниот обвинител, тие ниту биле присутни кога судечкиот суд го сослушал сведокот, ниту им била дадена можност да му постават прашања. Тие се жалеле дека возачот ги поттикнал да го сторат кривичното дело делувајќи како агент провокатор. На крајот, тие се жалеле дека нивната осуда се заснова на недопуштени докази, односно докази врз кои не може да се заснова судска одлука, обезбедени преку примена на посебни истражни мерки.

Од наведените причини, како во образложението на пресудата, Судот ја прогласил, едногласно, апликацијата во делот на наводите кои се однесуваат на правата на одбрана на апликантите во однос на сослушувањето на сведокот со прикриен идентитет за допуштена, а остатокот од апликацијата за недопуштена, и одлучил, со шест гласа наспроти еден, дека не постои повреда на членот 6 ставовите 1 и 3 (г) од Конвенцијата.

Во однос на ова пресуда, судијата Sicilainos[18] изјавил издвоено несогласно мислење, со кое не се согласува со мнозинството дека во конкретниот случај не постоела повреда на членот 6 ставовите 1 и 3 (г) од Конвенцијата. Клучното прашање што тој го поставува е следното: дали апликантите „валидно" се откажале од своето право од член 6 став 3 (г) од Конвенцијата да го оспорат и да му постават прашања на клучниот сведок против нив, како што мнозинството прифатило? Според него, во случајот Pishchalnikov против Русија[19], Судот дал резиме на својата судска практика во однос на откажувањето од правата кои произлегуваат, односно ги даваат гаранциите на правичното судење, вклучително и правото на осуденият да ги испраша сведоците против него. Во случајот, изјавите и приговорите на жалителите и нивниот бранител, истакнати, како пред судечкиот суд, така и пред Апелациониот суд, укажувале на јасен и конзистентен став кој се

17 ЕСЧП, Дончев и Бургов против Република Македонија, апликација бр. 30265/09, 12 јуни 2014 година;

18 Ibid, види точка 13.

19 ЕСЧП, Pishchalnikov v. Russia, апликација бр. 7025/04, 24 септември 2009 година.

спротивставувал на сослушувањето на клучниот сведок, приватно, во отсуство на обвинетите и нивниот бранител, согласно сетот на посебни правила за „сведоци со прикриен идентитет“. Па, од така утврдената фактичка состојба, не произлегувало дека постапката пред Апелациониот суд нудела „доволно факти за балансирање“, во смисла на значењето што на овој израз му е дадено од страна на Големиот судски совет во случајот Al-Khawaja and Tahery против Обединетото Кралство.[20]

1.6. СЛУЧАЈОТ КИТАНОВСКИ ПРОТИВ ПОРАНЕШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[21]

Во случајот Китановски против поранешната Југословенска Република Македонија, жалителите се жалеле согласно членот 3 од Конвенцијата дека животот на првиот жалител бил доведен во опасност, како и дека тој бил лошо третиран од страна на полициските службеници кои го тепале со палки, го удирале и клоцале по лицето, главата, стомакот и грбот. Тие според овој член, се жалеле дека немало ефективна истрага за наводите. Тие упатувале и дека немало ефективен лек во врска со нивните жалби според членот 3 од Конвенцијата, потпирајќи се на членот 13. Конечно тие се жалеле и според член 6 од Конвенцијата на правото на пристап до суд со оглед на отфрлањето на кривичната пријава од страна на јавниот обвинител со формално решение.

Од наведените причини, како што во образложението на пресудата, Судот 1) ја прогласил, едногласно, жалбата за допуштена, во однос на првиот жалител и недопуштена во однос на вториот жалител; и 2) сметал, со шест гласови наспроти еден, дека има повреда на членот 2 од Конвенцијата заради неоправдана употреба на потенцијално смртоносна сила против првиот жалител (суштински аспект); 3) сметал, едногласно, дека има повреда на член 3 од Конвенцијата заради деградирачкиот третман на првиот жалител во периодот на неговото апсење (суштински аспект); 4) сметал, едногласно, дека има повреда на членовите 2 и 3 од Конвенцијата заради пропустот на властите да спроведат ефикасна истрага за наводите на првиот жалител дека полицијата го ставила неговиот живот во опасност и го малтретирал (процедурален аспект) и 5) сметал, едногласно, дека не е нужно да се испита жалбениот навод на првиот жалител за недостигот на ефикасно средство, според членот 13 од Конвенцијата.

Во однос на ова пресуда, издвоено, несогласно мислење истакнал судијата Дедов[22], кој смета дека заклучокот на Судот бил преуранет, со оглед на тоа што кривичната постапка против жалителот не била завршена на национално ниво. Но, тоа што, според него, е неразрешено, е прашањето дали требало Судот да го охрабрува неодговорното и опасно однесување? Тој смета дека за конкретниот случај, одговорот е не. Според фактите за случајот, употребата на сила била апсолутно потребна. Судијата Дедов истакнува дека општо правило е дека возачката дозвола морало да биде повлечена доколку одредено ниво на алкохол биде пронајдено во крвта на возачот. Ова не зависело од однесувањето на одреден возач во одредена ситуација, туку согласно општата претпоставка алкохолот сам по себе ги загрозувал животите на другите. Оттука, според него, овој ризик требало да се третира што е можно посериозно.

1.7. СЛУЧАЈОТ МИТРОВА И САВИЌ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[23]

Во случајот Митрова и Савиќ против Република Македонија, првата жалителка се жалела дека изречената мерка лишување од слобода, со пресуда од 10 јули 2008 година; неуспехот на Центарот да ги одреди правата на првата жалителка да остварува контакти со детето во тек на неколку месеци за време на, и веднаш по нејзиното лишување од слобода; пресудата на Врховниот суд со која и било одземено правото на чување, воспитување и издржување на втората жалителка, ги повредиле нивните права утврдени во член 8 од Конвенцијата.

---

20 ECHR Al-Khawaja and Tahery v. The United Kingdom ([GC], app.no. 26766/05 & 22228/06, § 147, 2011.

21 ЕСЧП, Китановски против Република Македонија, апликација бр. 15191/12, 22 јануари 2015 година.

22 Судија избран во однос на Руската Федерација.

23 ЕСЧП, Митрова и Савиќ против Република Македонија, апликација бр. 42534/09, 11 февруари 2016 г.;

Од причините наведени како во образложението на пресудата, Судот ја прогласил, едногласно, жалбата за допуштена; и одлучил, со пет наспроти два гласа, дека немало повреда на член 8 од Конвенцијата.

Во однос на вака донесената пресуда, судиите Bianku[24] и Spano[25] изјавиле заедничко издвоено несогласно мислење поради три причини. Прво, многу проблематично било тоа што казните од Кривичниот закон во овој случај биле изречени против првата жалителка без никаква значајна процена на тоа дали другите достапни законски мерки би биле во состојба да ја одвратат неа од одбивањето да се повикува на решенијата на Центарот за социјални работи во Гевгелија. Второ, другите помеки кривични мерки (на пример: парична казна согласно членот 198 од КЗ) воопшто не биле земени предвид како можност од страна на домашните органи при изрекувањето на првата осуда против првата жалителка, туку на самиот почеток и била изречена условна казна затвор. И трето, што, според нив, е и најважно, постапките за конкретниов случај не се поврзуваат со Хашката конвенција од 25 октомври 1980 година за Граѓанските аспекти на меѓународното киднапирање деца или со постапките за старателство, туку за правата на таткото за контакти.

Додека судските постапки за старателство се исклучително важни за најдобрите интереси на детето, а институциите мораат да реагираат брзу во извршувањето на наредбите за контакти, според нив, прибегнувањето кон санкции од Кривичниот закон, посебно казната лишување од слобода без испитување на ефективноста на други инструменти, во поглед на најдобрите интереси на детето, можат да бидат контрапродуктивни. Понатаму, во светло на овие општи начела, кога првостепениот суд одлучувал за третата казна во јули 2008 година и одлучил да ја огласи за виновна првата жалителка и ја казнил со казна затвор со времетраење од три месеци, изречно или суштински не посочил никакво размислување за тоа дали одвојувањето на младата мајка од нејзиното бебе, кое имало само 15 месеци, било во согласност со најдобрите интереси на детето. Според нив, најпроблематичен во пресудата бил параграфот 91. Имено, ова било јасно разминување од претходно воспоставената судска пракса на Судот до ефектот што просторот за слободна проценка (margin of appretiation), во овој вид случаи, единствено ќе биде дозволен доколку е јасно од заклучоците од одлуките од домашните власти дека тие спровеле информирана и разумна процена на најдобрите интереси на детето во ваквите постапки. Ова подразбира дека, кога одлучувал за третата казна, во јули 2008 година, првостепениот суд, согласно судската пракса, требало јасно и непосредно да процени до кој опфат затворската казна ќе имало влијание врз физиолошката добросостојба на малото дете и емоционалните врски меѓу неа и нејзината мајка.

Од нивниот заклучок произлегува дека од Владата не било демонстрирано дека домашните органи соодветно ги зеле предвид најдобрите интереси на детето при проценување на пропорционалноста на изречените мерки против првата жалителка, ниту, пак, домашните органи посочиле такви аргументи или размислувања во нивната процена на фактите. Поради тоа, двајцата судии сметаат дека имало повреда на членот 8 од Конвенцијата, во конкретниот случај во однос на двете жалителки.

1.8. СЛУЧАЈОТ ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА АНАЛИТИЧКА ПСИХОЛОГИЈА ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[26]

Во случајот Центар за развој на аналитичка психологија против Република Македонија, во две жалби жалителот се жалел дека неговите барања во врска со договорот со Фондот, наводно, останале нерешени во поглед на основаноста заради заклучоците на домашните судови дека нема активна легитимација во постапката.

Од причините наведени, како во образложението на пресудата, Судот ја прогласил за допуштена жалбата во однос на правото на пристап до суд според член 6 став 1 од Конвенцијата, а останатиот дел од жалбите за недопуштен бидејќи сметал дека има повреда на член 6 став 1 од Конвенцијата.

24 Судија избран во однос на Република Албанија.

25 Судија избран во однос на Исланд.

26 ЕСЧП, Центар за развој на аналитичка психологија против Република Македонија, апликација бр. 29545/10 и 32961/10, 15 јуни 2017 година;

Во однос на вака донесената пресуда, судијата Wojtyczek[27] изјавил издвоено согласно мислење, поради тоа што сметал дека, иако бил прекршен членот 6 од Конвенцијата во конкретниот случај, сепак, природата на повредата ја гледал поразлично од неговите колеги. Во суштина, тој не се согласувал со главните аргументи дадени во образложението на пресудата.

Имено, судијата констатира неколку спорни прашања. Како прво, во конкретниот случај, домашните судови ги отфрлиле тврдењата на жалителот во целост, од причина што констатирале дека жалителот немал активна легитимација во постапката, бидејќи не бил странка во договорот врз кој ги засновал своите барања. Не било спорно дека жалителот имал пристап до домашните судови и добил конечна пресуда која одлучила по неговото барање. Спорно, односно проблематично, според Конвенцијата, било образложението на домашните пресуди кои не ги задоволувале барањата за квалитет утврдени во судската пракса на ЕСЧП, бидејќи конкретно, судовите во Република Македонија не успеале да одлучат за основните аргументи изнесени од страна на жалителот. Токму поради тоа, членот 6 бил прекршен поради недоволно образложение. По мислење на судијата, во образложението на пресудата било мешано процедуралното со суштинското прашање. Второ, судијата го поставува прашањето: што значи „пристап до суд"? Тој не гледа никаква пречка во однос на пристапот до суд, ако се има предвид дека случајот бил разгледан и завршил со одлука за основаноста на барањето на жалителот, кој имал целосен пристап до судовите во двете инстанци. Трето, според него, штетно е обвинувањето односно прекорувањето на домашните судови за „прекумерен формализам". Во конкретниот случај, клучно правно прашање било утврдувањето на една од страните во договорот, што е од најголемо значење за сигурноста на правниот промет. Ваквиот пристап на Судот ги задира најфундаменталните прашања во приватното право и може штетно да влијае на нејзината основа. Четврто, со критичкиот осврт кон одбивањето на побарувањето поради немање на активна легитимација, судијата смета дека Судот навлегол во сферата на домашното право, кое е во рамките на делокругот на домашните судови. Според судијата, проблемот, според Конвенцијата, не бил во содржината на законот, туку во образложението на домашните судови. И, последно според судијата, крајната реченица од став 46 од пресудата била многу двосмислена и проблематична. Реченицата гласи „...Судот не гледа причина, и ниедна причина не беше дадена од Владата, да не се согласи со заклучокот на највисокиот домашен суд." Оттука, судијата Wojtyczek покренува две прашања, првото, дали постои обврска на пониските судови да ги предвидат идните пресуди на највисокиот домашен суд(?), и второто, дали домашните судови може да се обвинат за поинаква одлука од заклучокот на највисокиот домашен суд? Според него, судовите може, во најдобар случај, да се обвинуваат поради тоа што не нашле вистински одговор на случајот, односно домашните судови не можеле да се обвинат за поинаква одлука од заклучокот на највисокиот домашен суд. Можеле да се обвинат само за недавање на вистински/от одговор - одговор што претходно или последователно го дал друг домашен суд.

Според него, принципот на stare decisis[28] не е дел од системите на граѓанското право, бидејќи пресудите во граѓанските случаи имаат обврзувачко дејство само за конкретниот случај, и дека, во некои земји, судовите треба да бидат независни не само од страните, јавноста и несудските органи од власта, туку и од другите судови. Дали ова била вистинската намера на пресудата или, за жал, се работело за неспретност во формулацијата, сепак, согласно усвоениот пристап во образложението на ова пресуда, Судот им припишува на пресудите на највисоките судови полуобврзувачка природа, што било надвор од опсегот на res iudicata во конкретен случај. Според неговиот заклучок, тоа влијаело на системот на изворите на националното законодавство со воведување на одредени елементи на системот на преседан во земјите со граѓанско право и со тоа се промовира конвергенција со обичајното право.

27 Судија избран во однос на Полска.

28 Од латинската изрека "Stare decisis et non quieta movere" која во правен контекст значи да се придржуваш до веќе донесените одлуки и да не покренуваш отварање на решени прашања.

1.9. СЛУЧАЈОТ ЉАТИФИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[29]

Во случајот Љатифи против Република Македонија, жалителот се жалел според членот 6 од Конвенцијата дека, наводно, немало докази дека таа претставува закана за националната безбедност и дека не и била дадена можност да има увид во и да се произнесе за таквиот доказ. Покрај тоа, органите не навеле причини за своите одлуки.

Од причините наведени во образложението на пресудата, Судот ја прогласил, едногласно, жалбата за допуштена; и сметал, со шест гласа наспроти еден, дека има повреда на став 1 (а) и (б) од член 1 од Протоколот бр. 7 кон Конвенцијата; и одлучил, едногласно, дека нема потреба да се испита жалбениот навод според членот 13 од Конвенцијата.

Во однос на вака донесената пресуда, биле изјавени две издвоени мислења, и тоа согласно мислење на судијата Sicilianos[30] и делумно несогласно мислење на судијата Eicke[31].

Во своето издвоено согласно мислење, судијата Sicilianos се осврнува на издвоеното делумно несогласно мислење на својот колега, судијата Eicke, кој покренал едно прашање во врска со природата на повредата на членот 1 од Протоколот бр. 7 кон Конвенцијата, а во врска со конкретниот случај. Не согласувајќи се со пристапот според кој во конкретниот случај не се работело за реална, туку за „потенцијална“ повреда на цитираниот член, судијата Sicilianos констатира дека членот 1 од Протоколот бр. 7 не се однесувал на суштинските основи за протерување, туку се фокусирал само на низа процедурални гаранции. Токму тука била и разликата меѓу членот 1 од Протоколот бр. 7, од една страна, и членот 3 од Конвенцијата, од друга страна. Имено, според него, членот 1 од Протоколот бр. 7, главно, ја третирал постапката, а членот 3 од Конвенцијата, во основа, ја третирал суштината, односно суштинската евалуација на ризикот дека жалителот би се соочил со малтретирање доколку биде протеран во друга земја.

Покрај тоа, членот 1 од Протоколот бр. 7, главно, се однесувал на фазата пред протерување, додека членот 3 од Конвенцијата бил насочен на иднината, односно на ризикот со кој ќе се соочи по евентуално протерување. Во такви околности разбирливо и неопходно било да се утврди само условна „евентуална" - повреда. Следствено на ова, целокупниот однос на член 1 од Протокол бр. 7 се разликувал од тој на другите одредби од Конвенцијата што се применуваат во контекст на протерување, а особено член 3. Токму поради тие причини, не било соодветно, според неговото мислење, да се направи паралела меѓу тие одредби и да мора да се применат истите решенија. Имајќи го предвид сето погоре наведено, тој смета дека оваа пресуда исправно утврдила реална, а не условна повреда на член 1 од Протоколот бр. 7.

Од друга страна, во своето издвоено делумно несогласно мислење, судијата Eicke истакнува дека ова негово мислење било повеќе техничко несогласување. Имено, во образложението на Протоколот бр. 7 кон Конвенцијата, во ставот 10 јасно било наведено што претставува концептот „протерување“ во членот 1 од истиот Протокол. Овој пристап бил потврден од страна на Судот и во одлуката во случајот Bolat против Русија[32], а, потенцијалната ширина на автономниот концепт на „протерување“ бил јасно даден во пресудата на Судот во случајот „Nolan и К. против Русија“[33],случаи во кои предметната одлука довела до „дефинитивно заминување“ на жалителот од тужената држава заради што и Судот во овие случаи утврдил дека има повреда на членот 1 од Протоколот бр. 7. Спротивно на ова, во конкретниот случај, судијата констатира дека не постоело „дефинитивно заминување“ на жалителката од територијата на тужената држава, туку, напротив, нејзе и било овозможено да ја напушти територијата и повторно да оствари влез на територијата на одговорната држава каде сè уште живеела, и покрај сознанијата дека таа претставувала закана за националната безбедност.

---

29 ЕСЧП, Љатифи против Република Македонија, апликација бр. 19017/16, 7 мај 2018 година.

30 Ibid., види точка 13.

31 Судија избран во однос на Обединетото Кралство.

32 ЕСЧП, Bolat против Русија, апликација бр. 14139/03.

33 ЕСЧП, Nolan и К. против Русија Russia, апликација бр. 2512/04, 12 февруари 2009 година.

Оттука, судијата извлекува заклучок дека би претставувало преголемо проширување на автономното значење на „протерувањето“, доколку тука би се вклучиле ситуации во кои одлуката што е во прашање не довела до, или не била спроведена за да доведе до - заминување на жалителката од територијата на тужената држава. Токму поради тоа, судијата смета дека каква било повреда на член 1 од Протоколот бр. 7 кон Конвенцијата би имало или ќе има само кога заминувањето на жалителката од територијата на Република Македонија е или било спроведено. Крајно, според него, тужената Влада не направила обид да се повика на исклучокот од членот 1 став 2 од Протоколот бр. 7 кон Конвенцијата, кој јасно дозволувал протерување пред остварување на правата од член 1 став 1 од неа, но само „кога таквото протерување е неопходно во интерес на јавниот ред или заради националната безбедност".

1.10. СЛУЧАЈОТ МАКРАДУЛИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[34]

Во случајот Макрадули против Република Македонија, жалителот се жалел дека неговите кривични осудувања за клевета го повредиле неговото право според членот 10 од Конвенцијата.

Од причините наведени како во образложението на пресудата, Судот одлучил дека има повреда на членот 10 од Конвенцијата.

Во однос на вака донесената пресуда, судијата Wojtyczek[35] изјавил издвоено согласно мислење, во кое истакнува дека целосно се согласува дека во овој случај имало повреда на членот 10 од Конвенцијата. Но, имал и сериозни резерви во однос на одделни делови на образложението. Имено, според него, пресудата ја нагласувала разликата меѓу „тврдења за факти“ и „вредносни судови“. Многу често се случувало некои говорни искази истовремено да опишуваат факти и изразуваат вредносни судови, како што бил случајот во конкретниот случај. Според практиката на Судот, од лице кое учествува во јавна дебата вообичаено не се барало да ја докажува вистинитоста на неговите изјави, туку доволно било да има доволно фактичка основа за тврдењето за факти, како и во случај на вредносни судови. Судијата истакнува дека во постарата практика на Судот како компатибилен со Конвенцијата се сметал условот да се докаже вистинитоста на тврдењата за факти до ниво на разумен стандард. Во постарата судска практика, Судот отстапил постепено од овој пристап во однос на тврдењата изнесени на јавна дебата, преку применување на тестот „доволна фактичка основа“ и условот „да се преземат разумни мерки“, што е тесно сврзан со овој случај. Првично, овој нов пристап бил применуван за политичари кои учествувале во жива дебата и на новинари, а потоа бил проширен и на други лица. Како резултат на тоа, во контекст на јавен говор, условот – вистинитост, бил заменет со - доволна фактичка основа.

Конкретниот предмет го подобрил овој пристап, но и понатаму ја илустрирал неадекватноста на стандардот вистинитост во одредени контексти, па оттука, тој се согласува со стандардите доволна фактичка основа и разумни мерки усвоени во образложението. Во своето мислење, иако судијата истакнува дека се согласува со тврдењето дека, кога спорната изјава била дадена во тек на жива политичка дебата, на неа можело да ѝ недостига јасна фактичка основа, но не се согласува со сугестијата дека ова се применувало само за избрани функционери, од причина што тоа требало да се применува за секој кој учествува во јавна дебата што подразбира не само за избрани функционери, туку секој би требало да ужива широка слобода да ги критикува дејствијата на власта и не само во тек на жива политичка дебата, туку и во тек на каква било друга дебата. Тоа што е спорно, за него, е дека истата содржина на говор можела да биде допуштена или не во зависност од тоа дали жалителот бил политичар (пратеник во парламент) или не бил. Тој не се согласува со пристапот усвоен во овој поглед, земајќи го предвид фактот дека жалителот е политичар и пратеник во националниот парламент, што е целосно ирелевантно во овој предмет. Ако жалителот би бил лице кое ниту е активно во политиката, ниту е член на избрано државно тело, исходот на предметот требало да биде сосема ист. Затоа и го поставува прашањето дали може одредени непријатни нешта да бидат кажани само од некого, но не и од секого? Следствено на ова, тој смета дека во уставна демократија, секој може да изнесе работи од општ интерес

34 ЕСЧП, Макрадули против Република Македонија, апликации бр. 64659/11 и 24133/13, 19 јули 2018 година.

35 Ibid., види точка 27.

на јавна дебата, особено, ако во изнесувањето се работи од општ интерес за јавна дебата, што е улога на секој граѓанин, а тоа е тоа што и припаѓа во суштината на граѓанството.

1.11. СЛУЧАЈОТ X ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА[36]

Во случајот X против Република Македонија, жалителот, кој е трансродово лице, се жалел дека, наводно, нема законска рамка и ефикасен лек за признавање на родот и дека, наводно, постои арбитрарното и неоправдано наметнување на услов за подложување на генитална хирургија со цел да може лицето да ја промени својата ознака за пол/род во матичната евиденција.

Од причините наведени во образложението на пресудата, Судот сметал, со пет, наспроти два гласа, дека има повреда на членот 8 од Конвенцијата поради недостаток на регулаторна рамка која обезбедува право на почитување на приватниот живот на жалителот.

Во однос на вака донесената пресуда, судиите Pejchal[37] и Wojtyczek[38] изјавиле заедничко издвоено несогласно мислење за ставовите на мнозинството дека, 1) жалбата е допуштена и дека 2) има повреда на членот 8 од Конвенцијата поради недостаток на регулаторна рамка која обезбедува право на почитување на приватниот живот. Поради тоа, двајцата судии ги поставиле следните три главни прашања поврзани со конкретниот предмет, а тоа се: 1) прашањето за применливоста на членот 8 во конкретниот случај, 2) прашањето на „Европски консензус“, и 3) прашањето за „регулаторна рамка“ во тужената држава.

Што се однесува на првото главно прашање, двајцата судии истакнуваат дека овластувањата на ЕСЧП биле ограничени на обезбедување на почитување на обврските преземени со меѓународен договор. Имено, Конвенцијата и Протоколите кон неа (член 19 од Конвенцијата) и не биле во согласност со овластувањата на ова судско тело да предизвика или да ги засили општествените промени по пат на „еволутивно толкување“ на Конвенцијата. Усвоената методологија на мнозинството во конкретниот случај предизвикала два приговора кај двајцата судии. Првиот приговор е дека прифатениот пристап на мнозинството се засновал на забуната меѓу прашањето од процесно право (воспоставување на ефективна и достапна постапка) и прашањето од материјалното право (постоење на јасно дефинирани услови за обезбедување на правото на жалителот на почитување на неговиот приватен живот). Овие две прашања морале да бидат јасно раздвоени. Вториот приговор е дека, иако мнозинството упатувало на почитување на приватниот живот на жалителот, како што било, наводно, дефинирано во текстот на пресудата, сепак, тие не предложиле таква дефиниција во образложението. Според нивното мислење, членот 8 од неговиот позитивен аспект можел да се примени на позитивните барања поднесени од страна на жалителите само ако постоела барем доволно прецизна prima facie обврска да ги прифати таквите барања Па, бидејќи овој услов не бил исполнет во конкретниот случај, според нив, жалбите покренати согласно член 8, требало да бидат прогласени за недопуштени.

Во однос на второто главно прашање, двајцата судии истакнуваат дека во случајот Hämäläinen против Финска[39], Судот јасно забележал дека не постои консензус меѓу европските држави за прашањето дали постои право за законско признавање на новиот пол и кои услови требало да се исполнат за такво признавање, кој став бил потврден и со пресудата по друг предмет на ЕСЧП.[40] Истите забележуваат дека образложението на пресудата во конкретниот предмет се однесува на тренд што се појавува во Европа. Но, повикувањето на трендови, според нив, се користел во отсуство на аргументи под применливите правила на толкување на договорот и биле типични знаци на судски активизам.

Додека, во однос на третото главно прашање, двајцата судии истакнуваат дека мнозинството користело многу опасна вежба кога укажале дека причината за одложувањето во процесуирањето

36 ЕСЧП, X против Република Македонија, апликација бр. 29683/16, 17 јануари 2019 година.

37 Судија избран во однос на Република Чешка.

38 Ibid., види точка 27.

39 ЕСЧП, Hämäläinen против Финска, [GC], апликација бр. 37359/09, 2014 година.

40 ЕСЧП, A.P., Garçon and Nicot против Франција, апликации бр. 79885/12, 52471/13 и 52596/13.

на случајот, односно одложувањето на донесувањето на конечната одлука, лежи во недостатоците на домашното законодавство. Токму поради тоа, двајцата судии заклучуваат дека одложеното одлучување по барањето на жалителот на домашно ниво не било оправдано и дека жалителот имал право неговото барање да биде разгледано во разумен рок, меѓутоа, во конкретниот случај, ова прашање требало да се разгледува по член 6, а не по член 8 од Конвенцијата. И токму тргнувајќи од воспоставениот механизам на Конвенцијата заснован на идејата за супсидијарност, во конкретниот случај Судот отстапил од воспоставената судска пракса за супсидијарност, наоѓајќи недостаток на соодветна „регулаторна рамка" во однос на одредена категорија на барања, пред домашниот суд да одлучува по такво барање во однос на основаноста.

1.12. СЛУЧАЈОТ ТАСЕВ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[41][42]

Во случајот Тасев против Република Северна Македонија, жалителот се жалел според член 6 од Конвенцијата дека, наводно, не му била дадена можност да изврши увид и да се произнесе за преписите од судските изборни именици од 2006, 2008 и 2010 година доставени како доказ од страна на Министерството за правда и наведени во образложението на Управниот суд. Според истиот член, тој изнел жалбени наводи за одбивањето на властите да ја променат неговата национална припадност во судскиот изборен именик, бидејќи со одбивањето е прекршено неговото право на национален идентитет.

Од причините наведени како во образложението на пресудата, Судот сметал, со шест гласа наспроти еден, дека има повреда на членот 8 од Конвенцијата.

По однос на вака донесената пресуда, судијата Wojtyczek[43] изјавил издвоено делумно несогласно мислење, во однос на ставот дека жалбата е допуштена и дека има повреда на членот 8. Според него, одбивањето да се изврши промена на евиденцијата за жалителот во избирачкиот список во однос на националната припадност не претставувала мешање во правото заштитено со членот 8 од Конвенцијата. Ваквото несогласување се однесува на три клучни аспекти: 1) толкувањето на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, која го сочинува контекстот во кој се применува Европската конвенција за човекови права; 2) методологијата за примената, како и значењето, на член 8 од Европската конвенција за човекови права; 3) методологијата за толкување на националното законодавство и неговата содржина.

Во однос на Рамковната конвенција, судијата смета дека жалителот со право се упатил на ова Конвенција, имајќи предвид дека и Република Северна Македонија го ратификувала овој договор и дека тој стапил во сила на 1 февруари 1998 година. Рамковната конвенција не гарантирала право на арбитрарен избор на сопствениот етнички идентитет. Таа го гарантирала само правото на припадниците на националните малцинства да се откажат слободно од посебната заштита на Рамковната конвенција и да го изберат општиот (генералниот) режим што се применува за сите граѓани на Северна Република Македонија. Судијата не се согласува со толкувањето на мнозинството дека за целите на признавањето на етничкиот идентитет од страна на државните органи, одлучувачки биле секогаш субјективните чувства на засегнатото лице и смета дека се точни, од причина што таквото толкување би се оддалечило и од текстот на Спогодбата и од намерата на договорните страни.

Во однос на методологијата за примената, како и значењето, на член 8 од ЕКЧП, судијата истакнува сомнежи за тоа дали правото од членот 8 од Конвенцијата може да се прошири на етничкиот идентитет. Судијата се согласува со ставот изнесен во пресудата по предметот Ciubotaru против Молдавија[44], на кое прашање се осврнал Судот и во конкретниот случај. Имено, етничкиот идентитет се состои во припаѓање кон некоја етничка заедница. Иако припаѓањето во заедницата

41 ЕСЧП, Тасев против Република Северна Македонија, апликација бр. 9825/13, 16 мај 2019 година.

42 Со Амандманот XXXIII на Уставот од јануари 2019 името на државата се промени во Република Северна Македонија. Амандманите влегоа во сила со влегувањето во сила на т.н. Преспански договор на 12 февруари 2019 година.

43 Ibid., види точка 27.

44 ЕСЧП, Ciubotaru против Молдавија, апликација бр. 27138/04, 27 април 2010 година.

зависи и од личен избор, не може да се сведе само на таков избор. Со други зборови, членот 8 не ја заштитува слободата на арбитрарно утврдување на сопствениот етнички идентитет по пат на едноставна изјава непоткрепена со било какви објективни докази. Од тие причини, одбивањето да се признае промена на етничкиот идентитет, ако барањето не е поткрепено со докази што укажуваат на објективни критериуми, не може да се смета за вмешување во право заштитено со членот 8. Дополнително, спорен за судијата е и заземениот пристап којшто е специфичен за една област, односно разгледувањето на етничкиот идентитет во контекст на изборите за Републичкиот судски совет, а притоа игнорирајќи го прашањето за признавањето на етничкиот идентитет во други контексти. Според него, таквата методологија на примена на член 8 на прашањата за етничкиот идентитет била проблематична.

На крајот, во однос на методологијата за толкување на националното законодавство и неговата содржина, судијата смета дека националното законодавство било доволно јасно и прецизно во однос на предвидливоста на оспореното вмешување. Судијата заклучува дека одбивањето на домашните власти да го прифатат барањето на жалителот не го достигнало прагот на вмешување во правото заштитено со членот 8 од Конвенцијата, онака како што се толкува во судската пракса на Судот.

1.13. СЛУЧАЈОТ Л.Р. ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[45]

Во случајот Л.Р. против Република Северна Македонија, жалителот се жалел дека, наводно, грижата и третманот што ги добивал додека бил во државна установа ги повредиле неговите права од членот 3 и дека последователниот одговор на државата не бил компатибилен со процедуралните обврски кои произлегуваат од одредбите на споменатиот член.

Од причините наведени како во образложението на пресудата, Судот одлучил, едногласно, дека има повреда на членот 3 од Конвенцијата заради несоодветно сместување на апликантот во ЗЗРББС, отсуството на обезбедување потребна грижа и нечовечки и понижувачки третман што тој го претрпел таму; одлучил, со шест гласа спрема еден, дека има повреда на членот 3 од Конвенцијата заради неуспехот на тужената држава да ја исполни својата процедурална обврска, согласно овој член; и одлучил, едногласно, дека нема потреба да се испита жалбениот навод во однос на член 13 од Конвенцијата.

Во однос на вака донесената пресуда, судијата Wojtyczek[46] изјавил издвоено делумно несогласно мислење, во однос на заклучокот дека тужената држава во конкретниот случај го повредила т.н. процедурален аспект на членот 3 од Конвенцијата. Вака донесената одлука, според него, покренала сериозни проблеми од аспект на процедуралната правда, сето тоа поврзано со: 1) опсегот на процедуралните обврски што произлегуваат од членот 3 на ЕКЧП; 2) правичноста на постапките во конкретниот случај; 3) застапувањето на малолетни лица пред Европскиот суд за човекови права.

Во врска со опсегот на процедуралните обврски што произлегуваат од членот 3, судијата смета дека фактот што истрагата во однос на старателот и болницата во Б. сè уште не резултирала со одлука да се прекине постапката или да се покрене обвинение, не бил доволен за да се утврди повреда на член 3 во конкретниот случај. Дополнително, во однос на првиот од двата основа за утврдување повреда на процедуралните обврски („системски пропусти“), по негово мислење, усвоениот пристап од мнозинството бил проблематичен од неколку причини.

Прво, во кривичен систем кој е заснован на пресумпција на невиност, одлуката да не се води истрага или да се покрене обвинение не е онаа за која е потребно оправдување, туку одлуката да се води истрага или да се покрене обвинение. Второ, судската пракса на Судот идентификувала три типа на пропусти кои можат да доведат до повреда на член 2 или 3: институционална, индивидуална или мешовита. Во конкретниот случај, Судот идентификувал „системски пропуст“, кој одговарал на институционалните пропусти наведени во судската пракса и која досега не по-

45 ЕСЧП, Л.Р. против Република Северна Македонија апликација бр. 38067/15, 23 јануари 2020 година.

46 Ibid., види точка 27.

влекла кривична или дисциплинска одговорност. Сепак, за мнозинството во конкретниот случај, обвинителството требало да провери „дали системските пропусти биле резултат на постапките на претставниците на властите или кој било друг јавен службеник, за што тие би можеле да бидат одговорни“. Оттука, мислењето на Судот во овој случај означувал важна промена во воспоставениот пристап. И, трето, кривичното право секогаш треба да остане ultima ratio Rei Publicae („последното средство на државата“). Проширувањето на обемот на кривичното законодавство бара силна оправданост и се чини дека не е најефективниот начин за превенирање системски пропусти во областа на заштита на човековите права. Следствено на тоа, развивањето на културата на казнување не се чини дека би била ефективна мерка за подобрување на квалитетот на правниот систем.

Што се однесува до вториот основ за утврдување повреда на процедуралните обврски („отсуство на соодветна реакција“), по негово мислење, употребата на таквите изрази („соодветен одговор“, „соодветна реакција“) јасно го надминува опсегот на кривичното право. Во отсуство на обвинение, соодветниот одговор, потребен според Конвенцијата, би опфаќал некривични мерки. И, со ваквата пресуда се утврдува нова обврска која не произлегувало од постојната судска пракса, притоа содржината на обврската била нејасна и му дозволувала на Судот многу широко судско дискрециono право.

Освен ова, за судијата проблематично е што во конкретниот случај, иако Судот утврдил постоење системски пропуст, сепак мнозинството одлучило да не се предложат индивидуални или општи мерки кон тужената држава, иако Судот при постење на системски или структурни пропусти, можел да препорача или нареди домашните власти да презема одредени индивидуални или општи мерки, кои се адресираат како посебно прашање под насловот „Член 41“ – за индивидуалните мерки и/или „Член 46“ – за општите мерки.

Во врска со правичноста на постапките во конкретниот случај, според него, се покренува сериозно прашање на процедуралната правичност. Имено, во овој случај, Судот, меѓу другото, во фазата на комуникација со страните, поставил прашање во врска со процедуралниот аспект на членот 3, со јасно посочување да се изјаснат за случајот врз основа на обврската за спроведување на ефикасна истрага, која била сумирана во случајот Labita против Италија[47], кои се совпаѓаат со принципите сумирано во случајот M.S. против Хрватска (no. 2).[48] Но, во последователниот дел од образложението мнозинството одлучило да примени поинаков стандард. Според тоа, овој различен стандард бара Судот да испита различни прашања и страните да обезбедат докази и да изнесат аргументи што ги надминувале принципите изнесени во случаите на Labita v. Italy или M.S. против Хрватска (no. 2). Во спротивно, доколку странките знаеле дека ќе биде применет различен стандард, ќе имале можности да се произнесат поинаку во врска со околностите на случајот.

И во врска со последното прашање односно застапувањето на малолетни лица пред Европскиот суд за човекови права, судијата смета дека конкретниот случај покренал едно друго процесно прашање, а тоа е дека застапувањето на малолетни лица кои не се под старателство на нивните родители, требало да биде регулирано со Деловникот на Судот, заради пополнување на празнината во делот на застапувањето на малолентите лица, со можност, да се предвиди назначување на curator ad litem („старател за случајот“) во ситуации како што е конкретниот случај.

1.14. СЛУЧАЈОТ МИЦКОВСКИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[49]

Во случајот Мицковски против Република Северна Македонија, жалителката се жалел на, наводно, мешање во неговите права и слободи, според членот 1 од Протоколот бр. 1 од Конвенцијата, како резултат на привремената забрана за вршење на активностите на неговата извршител-

47 ЕСЧП, Labita против Италија, апликација бр. 26772/95, 6 април 2000 година.

48 ЕСЧП, M.S. против Хрватска (no. 2), апликација бр. 75450/12, 19 февруари 2015 година.

49 ЕСЧП, Мицковски против Република Северна Македонија, апликации бр. 39107/18 и 39726/18, 24 март 2022 година.

ска канцеларија (во врска со кривичната истрага покрената против него) и судските одлуки со кои било одбиено неговото барање за надомест на штета.

Од причините наведени како во образложението на пресудата, Судот одлучил, со пет гласа „за“ и два „против“, дека нема повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата.

Во однос на вака донесената пресуда, судиите Mourou-Vikström[50] и Илиевски[51] изјавиле заедничко спротивно мислење во однос на заклучокот дека немало повреда на членот 1 од Протоколот бр. 1 на Конвенцијата. Според нив, ваквиот заклучок на мнозинството го заобиколил главното прашање во конкретниот случај, а тоа е дали апликантот морал да сноси индивидуален и прекумерен товар како резултат на начинот на кој законодавството се применувало во тие околности. Иако мнозинството правилно претпоставило дека не е задача на Судот апстрактно да го испитува домашното законодавство, сепак, се воздржал од оценка на негативните ефекти за апликантот наметнати од таквите законски одредби.

Според нив, мнозинството требало да процени дали примената на член 60 став 2 од Законот за извршување во околностите на овој случај имала негативни последици за жалителот. Ова одредба, применета во случајот на жалителот како последица на она што било само сомнение за кривично дело, не дозволувала каква било конкретна процена на пропорционалноста. Токму од тие причини, како релевантен заклучок произлегува дека толкувањето на домашното право од страна на повисоките судови во околностите на овој случај не обезбедило можност, во постапката по привремената забрана, да се земе предвид барањето за пропорционалност, што налогот за привремена забрана не успеал да го постигне. Според нив, автоматската природа на привремената забрана во околностите на овој случај не постигнала правична рамнотежа помеѓу мешањето и целта поради која била изречена.

ЗАКЛУЧОК

Издвоените мислења на Европскиот суд за човекови права се официјални делови од судските одлуки и можат да бидат „согласни“ (кога судија или група судии, во зависност од форматот се согласува/ат со одлуката) и „несогласни“ (кога судија или група судии, во зависност од форматот, не се согласува/ат, делумно или целосно со одлуката).

Издвоените мислења на ЕСЧП по своето значење се комплексни и повлекуваат позитивни и негативни аспекти.

Како позитивни аспекти на издвоените мислења се: развивањето дебата; транспарентноста; развојот, односно еволуцијата на толкувањето на Европската конвенција за човекови права; овозможувањето судиите да ги изнесат своите мислења наспроти мнозинството судии во советите на Судот; користењето на издвоените мислења од страна на правните научници и практичари во нивните истражувања и анализи.

Како негативни аспекти на издвоените мислења се: несуштинските и/или премногу издвоени мислења може да доведат до нарушување на авторитетот на Судот; креирањето правна неизвесност преку појавување на разлики во толкувањето на Конвенцијата и доведувањето до различно толкување на одлуките на Судот од страна на домашните судови; злоупотребата на издвоените мислења од страна на политичките партии за политички цели или за поттикнување на јавни дебати кои се спротивни на духот на Конвенцијата, која е механизам за заштита на човековите права.

Следствено на судската практика на Судот по однос на издвоените мислења, во домашен контекст, судиите во Република Северна Македонија треба, кога е дозволено, согласно законот, да

50 Судија избран во однос на Монако.

51 Судија избран во однос на Република Северна Македонија.

се охрабрат да ги користат издвоените мислења како инструмент со кој ќе се подобри демократската дебата меѓу нив, ќе се обезбедува транспарентност во судските постапки, и со тоа ќе се придонесува за континуираниот развој и толкување на Уставот и законите, преку кои ќе се подигне нивото на заштита на човековите права во Република Северна Македонија. Со ваквиот пристап ќе се овозможи граѓаните своите права да ги остваруваат пред домашните судови, а случаите против Република Северна Македонија пред ЕСЧП да бидат поретки.

(Авторот е Судија/Заменик на директорот на Академијата за судии и јавни обвинители на Република Северна Македонија; магистер по право во областа – Меѓународно право, Право на ЕУ и Дипломатија од Правниот факултет "Јустинијан I" во Скопје)

УПОТРЕБАТА НА OSINT ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА И ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ ОД ЧЛЕН 8 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Иако во денешно време OSINT е сè позастапено средство во истрагите, како начин на обезбедување на докази од страна на истражните органи, неговата употреба мора да се усогласи и избалансира со правото на приватност од членот 8 од Европската конвенција за човекови права, како фундаментално човеково право. Во таа насока, неговата употреба мора да биде во согласност со еволутивната доктрина на Европскиот суд за човекови права за агрегација на податоци, носење на контекстуални заклучоци и пропорционален надзор.

КАТЕРИНА ПАНЕВА

АПСТРАКТ

Интеграцијата на пребарувањето со отворен код (OSINT-Open Source Intelligence) во кривичните постапки како дел од истрагата, претставува значајна еволуција во процесот на собирање на информации и докази. OSINT вклучува собирање и анализа на јавно достапни информации од извори како што се социјални медиуми, онлајн платформи и јавни записи. Иако е економична и моќна алатка, употребата на OSINT иницира значајни прашања во врска со индивидуализираните човекови права, а особено во однос на правото на почитување на приватниот и семејниот живот, гарантирано во член 8 од Европската конвенција за заштита на човековите права. Овој труд дава критички осврт на правните предизвици што ги носи употребата на OSINT во кривичната постапка, ја анализира релевантната судска практика од Европскиот суд за човекови права и проучува начини на коишто може да се постигне рамнотежа помеѓу потребите на истрагата и заштитата на приватноста, нудејќи препораки во насока на обезбедување на функционални механизми коишто би гарантирале дека употребата на OSINT е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за заштита на човековите права, особено преку почитување на принципите на законитост, неопходност и пропорционалност.

Клучни зборови: OSINT, право на приватност, пропорционалност, законитост, неопходност.

ВОВЕД

Подемот на дигиталната ера и јавниот пристап до огромен квантум на информации го трансформираше начинот на којшто надлежните полициски, правосудни и истражни органи ги спроведуваат кривичните истраги, создавајќи нови можности и предизвици за истите. Во таа насока, пребарувањето со отворен код (OSINT), дефинирано како собирање и анализа на јавно достапни податоци, претставува сè поважен ресурс во истрагата, нудејќи увид во реално време и пристап до податоци за поединци и настани без организирање на тајни операции или претходно издавање на судски наредби. Употребата на OSINT и неговата практична и лесна пристапност може да биде незаменлива во процесот на следење на криминални активности, идентификување на сторители на кривични дела и спречување на истите, но неговата нерегулирана или недоволно регулирана употреба може да претставува значителен предизвик од аспект на заштитата на личните податоци и правото на приватност, а особено во рамките на членот 8 од ЕКЧП.

Иако борбата за постигнување на баланс и кохезија помеѓу заштитата на јавната безбедност од една страна и личните слободи и права од друга страна не е нешто ново, сепак обемот и содржината на информациите што во денешно време се достапни на интернет - почнувајќи од фотографии со геолокација, до објави на мислења и ставови, како и детални дигитални отпечатоци, иницираат клучни правни и етички прашања од аспект на употребата на OSINT. Како државите треба да ја усогласат употребата на OSINT со правата гарантирани во членот 8 од ЕКЧП? Дали собирањето јавно достапни податоци може да значи повреда на правото на приватност? Кога може да се направат отстапки и под кои услови? Ова се централните прашања што ги истражува овој труд.

1. ШТО Е OSINT И НЕГОВАТА УЛОГА ВО КРИВИЧНИТЕ ИСТРАГИ

Пребарувањето со отворен код или OSINT се однесува на информациите добиени како резултат на пребарување, евалуација и анализа на јавно достапни податоци од традиционалните медиуми, интернет платформи, јавни регистри, академски публикации, социјални мрежи, онлајн форуми, отворени бази на податоци, па дури и метаподатоци екстрахирани од слики или документи, коишто во корелација со други податоци би можеле да се употребат како доказ во постапката. Важно е да се напомене доколу истите не се анализираат и гледаат критички како дел од поголемата слика, самите по себе претставуваат само сирова информација, па така кога ги анализираме за да ги ставиме во контекст, треба да се запрашаме зошто тој податок е важен и како истиот ни помага да добиеме одговор на конкретно прашање.[1]

Во кривичните истраги, употребата на OSINT може да ни овозможи пристап до детални информации за конкретни лица и настани, коишто понатаму можеме да ги вкрстиме со другите докази и да ги искористиме во истрагата со цел да воспоставиме врска помеѓу индивидуи, да идентификуваме осомничени лица, како и да ги следиме криминалните активности во дигиталниот свет. Органите на прогонот користат OSINT за следење на криминалните активности, собирање прелиминарни податоци пред спроведување на посебни истражни мерки, следење на екстремистички или криминални активности на интернет, потврдување или побивање на изјави на сведоци, лоцирање на исчезнати лица или идентификување на осомничени.[2]

OSINT започнува со идентификација на потенцијално корисни информации од јавно достапни извори врз основа на претходно поставена цел, а во насока на проширување или дополнување на доказите и податоците кои веќе ги имаме во врска со одредено лице или кривично – правен настан. Собраните информации може да вклучуваат IP адреси, е-маил адреси, кориснички имиња, имиња на домени, кориснички профили на социјалните мрежи и другите онлајн платформи. Откако ќе ги идентификуваме и обезбедиме ваквите податоци, потребно е да се направи автентификација на истите, анализа и обработка, преку нивно филтрирање, а со цел пронаоѓање и утврдување на поврзани трендови, однесувања и настани. Последната фаза опфаќа нивна продукција, односно трансформирање на истите во форма којашто може да се презентира како доказ пред судот.[3]

Само затоа што информациите собрани преку OSINT се сметаат за легални, истите не стануваат автоматски прифатливи како доказ во конкретен судски предмет. За да истите бидат прифатливи, судот ќе го земе предвид изворот на доказите, нивната автентичност, анонимност на изворите, усогласеност со законодавството, како и легалноста на софтверот или алатката за OSINT што се користи за добивање на информациите.

Предностите на употребата на OSINT се неговата достапност, економичност и потенцијал за откривање на траги и докази без користење на интрузивни мерки како што се посебните истражни мерки или претреси, а имајќи ја предвид неговата неинвазивна природа, се претпоставува дека собирањето и употребата на податоците на овој начин е оправдано од правен и етички аспект, од причина што доколку истите гледани поединечно, претставуваат безопасна информација, но сепак, се наметнува прашањето дали со ваквиот начин на собирање на податоци се нарушува правото на приватност на поединците.

---

1 European data, “What is OSINT: Open – source intelligence?” (2022) ***https://data.europa.eu/en/publications/datastories/what-osint-open-source-intelligence***

2 NATO, “Open-Source Intelligence Handbook”, 2001, p.13.

3 UN Toolkit on Synthetic Drugs, “Open-Source Intelligence Investigations”, ***https://syntheticdrugs.unodc.org/syntheticdrugs/en/cybercrime/detectandrespond/investigation/OSINT.html***

2. ПРАВНА РАМКА НА ЧЛЕНОТ 8 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Во членот 8 од ЕКЧП се гарантира правото на почитување на приватниот и семејниот живот. Првиот став од овој член стипулира дека: „Секој човек има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и преписката.“[4] Во вториот став е предвидена позитивна обврска на државата за заштита на правото, како и условите под кои државата може да се меша во уживањето на истото. Во таа насока, утврдено е дека мешањето е легитимно само доколку е „предвидено со закон и ако претставува мерка која е во интерес на државната и јавната безбедност, економската благосостојба на земјата, заштитата на поредокот и спречувањето на кривични дела, заштитата на здравјето и моралот, или заштитата на правата и слободите на другите, во едно демократско општество.“[5] Имајќи го предвид наведеното, произлегува дека секое мешање во ова право мора да исполнува три услови: мора да биде во согласност со законот, да оправдува легитимна цел и да биде неопходно во демократско општество, односно да е во согласност со принципите на законитост, неопходност и пропорционалност.[6]

Толкувањето на Европскиот суд за човекови права во однос на тоа што се подразбира под приватен и семеен живот, дом и преписка е ектензивно и опфаќа широк спектар на лични податоци, вклучувајќи дигитални комуникации, онлајн активности, дигитални отпечатоци и информации кои можат да го препознаат идентитетот, преференциите или однесувањето на поединецот, нагласувајќи дека дури и јавните активности може да спаѓаат во опсегот на член 8 доколку се однесуваат на лична автономија или идентитет.[7]

3. OSINT И СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Иако Европскиот суд за човекови права сè уште нема донесено одлуки и пресуди кои директно се однесуваат на употребата на податоци добиени со OSINT, неколку клучни случаи ги трасираат релевантни принципи. Такви се *Peck v. United Kingdom* (2003) и *Benedik v. Slovenia* (2018), кои утврдуваат дека дури и јавно достапните податоци може да спаѓаат во правото заштитено под член 8 од ЕКЧП.

3.1. PECK V. UNITED KINGDOM

Во случајот *Peck v. United Kingdom* (2003), г. Пек бил снимен од CCTV камера додека шетал низ центарот на градот Брентвуд, Англија, држејќи нож и покажувајќи деструктивно однесување, непосредно по обид за самоубиство, а снимката била доставена од страна на локалните власти до медиумите со цел да се промовира ефикасноста на CCTV системот, при што лицето на Пек било делумно замаглено, но тој бил препознаен од повеќе лица. Снимките биле емитувани на телевизија и објавени во печатени медиуми.

Пек поднел апликација пред ЕСЧП, тврдејќи дека неговото право на приватен живот, гарантирано со член 8 од ЕКЧП било повредено со објавувањето на снимките. Постапувајќи по апликацијата, судот утврдил дека државата не успеала да ја заштити приватноста на Пек. И покрај тоа што снимките биле направени на јавно место, околностите во кои бил снимен – особено чувствителната природа на неговата состојба, претставувале мешање во неговиот приватен живот, па така

4 The Council of Europe European Convention on Human Rights, Rome, CETS No.005, Art.8.

5 Ibid.

6 *Guide on Article 8 of the European Convention on Human Rights*, ECtHR, 2024, p.7.

7 *S. and Marper v. the United Kingdom* [GC], App.no. 30562/04 and 30566/04, ECHR 2008.

ЕСЧП утврдил повреда на членот 8 со самото тоа што снимката од видеонадзор на апликантот била дистрибуирана од локалната власт без негова согласност.[8]

Иако во конкретниов случај не станува збор за кривична постапка и истрага, сепак случајот *Peck v. United Kingdom* (2003) претставува најпластичен пример за тоа како употребата на OSINT во дадена ситуација може да доведе до повреда на правото на приватност. Имено, во конотација со OSINT, примеров прикажува дека реупотребата на јавно достапни визуелни податоци, како што се видеа објавени на социјалните медиуми или онлајн платформи, може да претставува повреда на правото на приватност доколку нивната употреба е надвор од разумните очекувања на поединецот, па така користењето на истите како доказ во тој случај во кривичната постапка би можело да значи и повреда на правото на приватност, иако истите се јавно достапни.

3.2.BENEDIK V. SLOVENIA

Во случајот *Benedik v. Slovenia* (2018), словенечките власти спровеле истрага за детска порнографија на интернет, при што преку странска интернет страница, добиле динамична IP адреса поврзана со незаконската активност, а потоа побарале од словенечкиот интернет провајдер откривање на идентитетот на корисникот на таа IP адреса, без претходна судска наредба, при што истиот го идентификувале и којшто во конкретниов случај се јавува како апликант пред ЕСЧП. Во поднесената апликација пред судот тврдел дека откривањето на неговиот идентитет преку IP адресата, без судски налог, претставува повреда на неговото право на приватност според член 8 од ЕКЧП.

Постапувајќи по апликацијата, судот утврдил дека постои повреда на членот 8 бидејќи иако IP адресата самата по себе не претставува личен податок, нејзината комбинација со информациите добиени од интернет провајдерот овозможила идентификација на поединецот, а недостатокот на соодветна судска наредба со цел добивање на податоците од интернет провајдерот според судот претставува несоодветна заштита од произволно мешање од страна на државата.[9]

Од аспект на OSINT, овој случај е значаен бидејќи ја зајакнува идејата дека контекстуалното поврзување на податоци, вклучително и од јавни извори и отворени мрежи може да влезе под заштита на членот 8, затоа што дури и индиректни и технички податоци, кога се користат за идентификација, треба да бидат предмет на правни гаранции и пропорционалност. Доколку надлежните органи кои со употреба на OSINT ја детектирале IP адресата поврзана со криминалните активности, истата ја поврзале контекстуално со корисничките податоци од интернет провајдерот по претходно издадена судска наредба за обезбедување на податоците, тогаш ваквите дејствија не би претставувале произволно мешање на државата, туку истите би биле во согласност со начелото на законитост и пропорционалност. Ова е важно во истрагите бидејќи при спроведување на истите се доаѓа до огромен квантум на јавно достапни податоци, но доколку релевантните податоци ја даваат целосната слика со податоци и докази кои не се обезбедени во соодветна и со закон пропишана постапка, истото може да доведе до повреда на загарантираните човекови права, во конкретниов случај повреда на правото на приватност.

4. OSINT НАСПРОТИ ПРИВАТНОСТ - ПОТРЕБА ЗА ПРАВНО БАЛАНСИРАЊЕ

Иако OSINT се однесува на детектирање и прибирање на податоци кои се јавно достапни, собирањето, вмрежувањето и анализата на истите може да откријат сензитивни лични податоци и сознанија за поединците. Дистинкцијата помеѓу „јавно“ и „приватно“ станува нејасна кога се екстрахираат дигиталните отпечатоци од детални лични профили.

8 Peck v. the United Kingdom, App.no. 44647/98, ECHR 2003-I.

9 Benedik v. Slovenia, App.no. 62357/14, ECHR 2018.

Честа заблуда е дека јавно достапните податоци спаѓаат надвор од опсегот на заштитата од член 8 од ЕКЧП, но ЕСЧП во својата судска практика го отфрла ваквиот примитивен став, како што можевме да видиме и во горенаведените случаи. Имено, во денешно време, истражните органи сè повеќе се потпираат на автоматизирани алатки за собирање, агрегирање и анализа на податоци од отворени и јавно достапни извори на масовно ниво и иако секоја поединечна информација може да изгледа безопасна доколку се гледа изолирано, кумулативниот ефект на агрегацијата на податоци, особено кога овозможува идентификација или профилирање на однесувањето на поединци, може да го наруши правото на приватност. Со цел заштита на истото, мораат да се почитуваат принципите на законитост, неопходност и пропорционалност како централни принципи во текот на истрагата. Од аспект на законитоста, употребата на OSINT треба да се заснова на јасни правни норми, неопходноста бара мешањето во приватниот и семејниот живот на поединецот да служи за итна и неодложна општествена потреба, а пропорционалноста гарантира дека придобивките од користењето на OSINT во конкретен случај се поголеми или еднакви на мешањето во правото на приватност.[10]

5. РЕГУЛИРАЊЕ НА УПОТРЕБАТА НА OSINT ВО РАЗЛИЧНИ ЕВРОПСКИ ЗАКОНОДАВСТВА

Европските држави се разликуваат во начинот на нивното регулирање на употребата на OSINT во кривичните истраги. Во Германија, употребата на OSINT од страна на правосудните органи е согласно уставните принципи и посебни законски одредби, при што Федералниот уставен суд има донесено одлука дека собирањето на јавно достапни информации не значи во принцип и повреда на основните права, но собирањето и обработката на таквите податоци мора да е во согласност со законските одредби за заштита на личните податоци и правото на приватност.

Спротивно на ова, иако во Франција не постојат посебни законски одредби коишто ја регулираат употребата на OSINT во истрагите, истражните органи ги експортираат јавно достапните податоци за целите на истрагите, но постои општа одредба во францускиот кривичен законик, со која се гарантира правото на приватност, па така секоја активност поврзана со OSINT мора да биде во согласност со истата.

Данска од друга страна, има преземено формални чекори за нормирање на употребата на OSINT од страна на истражните органи, преку законската рамка за POL – INTEL систем, којашто е правна основа за комбинирање на постоечките полициски бази на податоци со собирањето на информации и податоци од јавно достапни извори, вклучувајќи го интернетот и јавниот надзор.[11] Овој закон ја потенцира потребата од гаранции за заштита на личните податоци, ограничувајќи го пристапот до истите само на лица коишто се авторизирани за тоа и истиот е во согласност со Повелбата за човекови права на ЕУ и ЕКЧП.

6. ПРЕПОРАКИ

Со оглед на тоа што истражните органи сè повеќе се потпираат на OSINT за истражување и предвидување на криминално однесување, постои итна потреба од донесување на законски одредби коишто ќе гарантираат дека употребата е пропорционална, транспарентна и предмет на надзор. Надлежните државни органи треба да предложат и усвојат посебни законски одредби со кои се регулира употребата на OSINT во истрагите, а кои би ги дефинирале од една страна рамката на истите, а од друга страна ограничувањата, со поставување на јасни граници за тоа што претставува прифатлива употреба на OSINT, како и забрана на системско и масовно собирање на јавно

10 Supra note 6.

11 Karlsson, Björn, The Digital Leviathan: Prediction, Politics and Police Power in POL-INTEL, IT University of Copenhagen, 2024, p.1.

достапни податоци. За практична примена на вака утврдените законски решенија, неопходно би било воспоставување на независно тело за надзор над употребата на OSINT, како и практична обука за полицијата, истражителите и јавните обвинители за етика на податоците, правото на приватност и обврските кои произлегуваат од ЕКЧП. Без јасни правила, постои реален ризик OSINT да еволуира во форма на таен надзор што ги избегнува традиционалните заштитни мерки, поткопувајќи ги самите права што член 8 треба да ги заштити.

ЗАКЛУЧОК

Иако во денешно време OSINT е сè позастапено средство во истрагите, како начин на обезбедување на докази од страна на истражните органи, неговата употреба мора да се усогласи и избалансира со правото на приватност од членот 8 од ЕКЧП, како фундаментално човеково право. Во таа насока, неговата употреба мора да биде во согласност со еволутивната доктрина на ЕСЧП за агрегација на податоци, носење на контекстуални заклучоци и пропорционален надзор. Иако OSINT вклучува неинтрузивни средства, неговиот потенцијал за инвазивно профилирање, особено кога се користи систематски и без заштитни мерки, во време кога собирањето на податоци станува пософистицирано преку користење на вештачка интелигенција и различни технологии за извлекување на податоци, може да доведе до мешање во приватниот и семејниот живот. Па така, воспоставувањето на правни и етички заштитни мерки е од суштинско значење, со цел спречување на злоупотреба и обезбедување на заштита на индивидуалните права, како и одржување на довербата на јавноста во правосудните органи и полицијата. Обезбедување на механизми кои ќе гарантираат дека практикувањето на OSINT е законско, неопходно и пропорционално, би им овозможило на државите преку надлежните органи да ја одржуваат безбедноста и општествената сигурност, без притоа да ги загрозат демократските слободи.

(Авторката е магистер по право, советник во Основното јавно обвинителство Скопје)

ГЛАВНАТА РАСПРАВА И ПРАВОТО НА ФЕР СУДЕЊЕ: ДОКТРИНА, ПРАКТИКА И ЈУРИСДИКЦИЈА НА ЕСЧП

Главната расправа, како срж на кривичната постапка, често се изведува во услови на неефикасно планирање, селективна процесна дисциплина и недоволна подготвеност на странките и судиите во постапките. Отсуствата на обвинители и судии поротници, за кои, не ретко, не постои точна причина, нерегуларните признанија и површните образложенија по разни основи, сериозно го компромитираат кредибилитетот на системот. Домашната судска практика покажува структурно отстапување од јуриспрудентните стандарди на Европскиот суд за човекови права, особено во делот на транспарентноста, процесната рамнотежа и ефикасноста на судењето. Потребни се радикални, а не само административни интервенции.

МАРТИН ИЛИЕВСКИ

„Кога знаеме што е право, во состојба сме да го дбраниме своето право“

- Јустинијан Први

АПСТРАКТ

Во трудот е презентиран теориски преглед на кривичната постапка, со посебен акцент кон главната расправа како централен стадиум. Низ призмата на основните процесни начела, се врши анализа со цел да се одговори на двете главни истражувачки прашања. Понатаму, се анализира домашната судска практика, во светло на членот 6 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) и релевантната практика на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Трудот ги користи и емпириските податоци добиени од трите последователни анализи на Коалицијата „Сите за правично судење“. Резултатите упатуваат на системски слабости во делот на транспарентноста, разумниот рок и процесната рамнотежа, што бараат суштинска институционална интервенција. Како насока за понатамошна работа се препорачува развој на алатки за надзор и унапредување на процесните гаранции, како и сеопфатни емпириски истражувања.

Клучни зборови: главна расправа, член 6 ЕКЧП, фер судење.

ВОВЕД

Во современите кривично-правни системи, главната расправа не претставува само процесен сегмент во рамките на кривичната постапка, туку суштинско јадро околу кое се градат и одмеруваат основните начела, како што се: *правото на јавно судење, фер постапка, контрадикторност, еднаквост на оружјата, правото на одбрана, пресумпција на невиност, разумен рок, независност и непристрасност на судиите.* Нејзиниот карактер, динамика и правна структура имаат директно влијание врз ефективноста кон заштитата на основните човекови права, особено во контекст на членот 6 од Европската конвенција за човекови права.[1]

Во рамките на националното кривично процесно право на Република Северна Македонија, главната расправа е уредена со Законот за кривичната постапка[2], но сè уште останува отворено прашањето дали таа се спроведува во судската практика на начин усогласен со стандардите, па оттука се поставуваат следните истражувачки прашања:

1. Дали главната расправа во судовите на Република Северна Македонија се спроведува во согласност со процесните стандарди на фер судење, како што ги утврдува членот 6 од Европската конвенција за човекови права и релевантната практика на Европскиот суд за човекови права?

2. Во кои аспекти домашната судска практика отстапува од утврдените јуриспрудентни критериуми и кои се императивите за надминување на идентификуваните слабости?

Анализата ќе се движи низ четири етапи: прво, ќе се разработи теориската доктрина на кривичната постапка и главната расправа; второ, ќе се разгледаат национални пресуди, како и пресудите од ЕСЧП; трето, ќе се анализираат емпириските наоди добиени преку мониторинг на судските рочишта; четврто, ќе се изврши правна процена на практиката во светло на стандардите и пресудите на ЕСЧП.

Истовремено, трудот не настојува да ги апсолутизира проблемите во националната практика, туку има за цел да укаже на реалните слабости, со намера да поттикне стручна расправа. Во правото, како и со правдата, формата е неопходна, но суштината е императив Токму преку оваа дихотомија ќе се анализира состојбата со главната расправа во рамки на стандардите за фер судење.

1 Совет на Европа, Европска конвенција за човекови права ETC бр.5.

2 Калајџиев, Г. и др., Коментар на Законот за кривичната постапка (Мисија на ОБСЕ во Скопје 2017) стр. 713–814.

1. СУШТИНА НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Кривичната постапка *„procedura criminalis“* претставува систем од процесни дејствија со точно утврдена форма, начин, рок, редослед и овластен субјект за нивно преземање, преку кои се утврдуваат околностите под кои е сторено кривичното дело, вината и степенот на кривичната одговорност на сторителот, како и определување на индивидуализирана кривична санкција *„poena individualis“* [3].

Со сторување на кривично дело не се нарушува само конкретното правно добро, туку и правниот поредок во целина, поради што државата, преку овластените органи, е должна да постапи во насока на воспоставување на нарушениот баланс меѓу поединецот и правото[4].

Процесните правила што ја регулираат постапката не се сведуваат на исклучиво формализирана техника за прибирање и оценка на докази, туку претставуваат правен поредок во кој се испреплетуваат начелата на пресумпција на невиност, јавност, контрадикторност, еднаквост на оружјата и правото на одбрана пред независен и непристрасен суд. Нивната крајна цел не е само ефективна санкција, туку остварување на правда преку процедурална гаранција дека ниту еден невин нема да биде осуден, а секој виновен ќе биде казнет во согласност со Законот.[5]

Во суштина, кривичната постапка функционира во служба на две меѓусебно поврзани превенции: специјалната и генералната. Специјалната превенција има за цел да го спречи рецидивизмот (*recidivus criminis*) преку индивидуализирана санкција, додека генералната дејствува како одвраќање за останатите потенцијални сторители преку пораката дека кршењето на правото ќе биде санкционирано (*poena ad paucos, metus ad omnes*).

Токму во рамките на таа постапка, ***главната расправа*** има статус на централна фаза, во која се концентрираат сите претходни процесни дејствија и каде се одлучува за судбината на обвинетиот.

2. ГЛАВНАТА РАСПРАВА КАКО ОГЛЕДАЛО НА ПРАВДАТА

Главната расправа не е само формален дел од кривичниот процес. Таа претставува „срж на судската драма“, арена во која *veritas,* „вистината“ се стреми да излезе на виделина. Во ова јадро на процесот, зборовите добиваат функција на оружје, фактите стануваат темели, а правдата се поставува како врвна цел што се следи. Тука се судираат спротивставени аргументи, се тестираат докази и се гради сликата за суштината на секој поединечен случај.

Главната расправа е детално уредена со Законот за кривичната постапка. Јасно е прецизирано кои се правата и обврските на странките и учесниците во постапката, како и можноста да се изложи сопствената теорија на случајот[6]. Обвинителството го носи товарот на докажувањето, што се изразува преку латинската максима *onus probandi incumbit ei qui dicit non ei qui negat* и има обврска да ја убеди судската инстанца дека обвинетиот е виновен, согласно со стандардот надвор од секаво разумно сомневање[7]. Обвинетиот, пак, ужива целосна процесна автономија и има право самостојно да избере дали ќе се брани со молчење или ќе даде исказ[8].

Главната расправа добива вистинска правна сила, не само преку нормите, туку и преку културата на достоинство и еднаквост на оружјата што се манифестира во судницата. Тоа е место каде

3 Калајџиев, Г., Мисоски, Б., и др. (Казнено процесно право, Правен факултет „Јустинијан Први 2015)“ стр. 09.

4 Витанов, Т. За Докажувањето. (Меѓународен Славјански Универзитет 2017). стр. 21.

5 Закон за кривичната постапка. („Службен весник на РМ“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), член 1.

6 Supra note 2, стр. 713–814.

7 Supra note 5, член 2 (пресумпција на невиност), член 4 (in dubio pro reo), член 17 (начело на акузаторност и официјалност).

8 Устав на РСМ, Службен весник на РСМ бр. 52/1991, 1/1992; 1/1992; 31/1998; 31/1998; 91/2001; 91/2001; 84/2003; 84/2003; 107/2005; 107/2005; 3/2009; 3/2009; 13/2009; 49/2011; 49/2011; 6/2019; 6/2019; види член 12.

што *audiatur et altera pars* „нека се чуе и другата страна“. При тоа, не треба да биде само формула, туку суштински услов за реализација на правичноста. Во таа атмосфера на процесна рамнотежа и меѓусебна почит, се гради довербата во правосудниот систем. Затоа главната расправа мора да биде - не само технички коректна - туку и човечки праведна, вистинско огледало на цивилизациското достигнување наречено *iustum iudicium* „фер судење“.

Структурата на главната расправа се состои од неколку суштински етапи. Се започнува со воведни говори во кои јавниот обвинител има обврска да ја изложи својата теорија на случајот, додека одбраната самостојно одлучува дали ќе се вклучи во ваквата процесна можност која ја дал законодавецот или ќе се воздржи.[9] Следува произнесување во однос на вината, кога обвинетиот има можност да каже дали се чувствува за виновен или не.[10]

Доказната постапка претставува срце на расправата. Доказите, воопшто кажано, претставуваат средства за откривање на вистината, односно извесни околности.[11] Испитувањето на сведоците, вештаците и обвинетиот се одвива преку три фази: директно, вкрстено и дополнително испитување, со што се овозможува целосно и објективно разјаснување на фактите.[12] Обвинетиот може да биде испитан само по барање на неговата одбрана. Доколку се појават нови околности, се преминува кон дополнување на доказната постапка.[13]

На крајот се даваат завршните зборови во кои странките ги кристализираат своите ставови пред судот да донесе одлука, во вид на пресуда.[14] Можноста за изразување на мислењата и аргументите на странките, шансата да се презентира сопствената теорија на случајот, е силен факт во доживувањето на процедуралната правда“[15], а него како право го имала одбраната и во далечната римска казнена постапка.[16]

Повеќе од јасно е и дека „Не постои поважна должност на судовите од таа - да обезбедат сигурност дека граѓанинот целосно ги ужива правата и имунитетот кои му се гарантирани со Уставот“.[17]

3. ПОВРЕДИ НА ПРАВОТО НА ФЕР СУДЕЊЕ ВО МАКЕДОНСКАТА СУДСКА ПРАКТИКА, СПОРЕД ЧЛ. 6 ОД ЕКЧП

Членот 6 од Европската конвенција за човекови права го гарантира правото на правично судење, вклучувајќи јавна расправа во разумен рок пред независен и непристрасен суд, пресумпција на невиност, право на повикување и испитување на сведоците на спротивната странка, како и начелото на еднаквост на оружјата.

Согласно членот 118 од Уставот, тие стандарди се директно применливи во Република Северна Македонија. Сепак, анализата на судската практика открива конкретни прекршувања:

---

9 Закон за кривичната постапка, Службен весник на РМ бр. 150/2010, 100/2012; 142/2016; 193/2016; 198/2018, види член 379.

10 Ibid, член 380 и 381.

11 Supra note 4, стр. 30.

12 Калајџиев, Г., Бужаровска, Г. и др., Вкрстено испитување: Прирачник за практичари, ОБСЕ, 2010. ***https://www.osce.org/files/f/documents/3/b/103103.pdf***

13 Supra note 9, член 394.

14 Ibid, член 395.

15 Калајџиев Г, Правична постапка, Докторска дисертација, (Правен факултет „Јустинијан Први - Скопје“, Скопје, 2004), стр.76.

16 Ѓуркова, О. Кривична постапка за коруптивните кривични дела во Римското право, (Алфа 94, Скопје, 2010), стр. 62-102.

17 Тукер против Соединетите Американски Држави, 5 Ф.2д 818, 824 (8ми Кр. 1925).

К.бр. 616/15; КЖ. 15/16 од 22.02.2016 – Апелациониот суд ја укинал пресудата, бидејќи првостепениот суд погрешно прифатил признание на вина без докажана умисла, со што го повредил член 6 од ЕКЧП и начелото на фер судење:

КЖ. 1589/15 од 26.01.2016 – Апелациониот суд ја укинал пресудата бидејќи по измена на обвинението во завршен збор, судот не го прашал обвинетиот дали ја признава вината, што претставува повреда на правото на одбрана и член 6 од ЕКЧП.

КЖ. 93/16 од 13.09.2016 – Апелациониот суд утврдил дека сведок предложен од одбраната бил директно испрашан од јавниот обвинител, спротивно на член 383 став 2 од ЗКП, со што е повреден принципот на еднаквост на оружјата и правото на фер судење согласно член 6 од ЕКЧП.

КЖ. 612/15 од 13.01.2016 – Апелациониот суд утврдил дека судот ја засновал пресудата врз фотокопирани докази, спротивно на член 392 став 2 од ЗКП, што претставува суштинска повреда на постапката и на правото на фер судење, согласно член 6 од ЕКЧП.

ВКЖ2 12-25 од 26.03.2025 – Врховниот суд ја укинал пресудата на Апелациониот суд поради основаност на жалбите на обвинетите, утврдувајќи повреда на процесните гаранции, што претставува повреда на правото на фер судење, согласно член 6 од ЕКЧП.

Овие случаи јасно укажуваат на повторувачки пропусти во примената на процесните стандарди, особено во делот на признание на вина, користење на докази и право на одбрана.

4. СУДСКА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ЕСЧП донел повеќе пресуди против Република Северна Македонија, во кои утврдил повреди на членот 6 од Европската конвенција за човекови права, кој го гарантира правото на правично судење. Во случајот ***„Талевска и Трпческа против Северна Македонија“***, Судот утврдил дека странките не биле информирани за клучен доказ, мислење на Судскиот совет, врз кое се темелела пресудата, што го повредило начелото на еднаквост на оружјата[18].

Особено значајни се и пресудите во предметите ***„Бошкоски против Северна Македонија“*** **и** ***„Јаневски против Северна Македонија“***. Во случајот *„Бошкоски“*, повредата се однесувала на произволното доделување на статус на загрозен сведок, без фактичка процена на ризикот, што го ограничило правото на одбраната да го испита сведокот. Истовремено, дел од рочиштата биле затворени за јавноста без образложение, со што била нарушена транспарентноста на постапката.[19]

Во случајот ***„Јаневски“*** Европскиот суд утврдил повреда на член 6 став 1 и став 3 (д) од ЕКЧП, бидејќи пресудата била заснована врз изјави на сведоци кои обвинетиот не можел да ги испрашува, што претставува повреда на правото на фер судење и правото на испитување на сведоци.[20]

Овие предмети јасно укажуваат на повторувачки слабости во домашната судска практика, особено во поглед на пристапот до докази, еднаквоста на оружјата и јавноста на расправата, што претставува отстапување од стандардите утврдени со член 6 од ЕКЧП.

18 Talevska and Trpchevska v. North Macedonia App.no11828/16 (ECHR, 28 June 2022).

19 Boskovski v. R. Macedonia App. No. 71034/13 (ECHR, 4 June 2020).

20 Janevski v. R. Macedonia App.no. 30259/15 (ECHR 19 November 2020).

5. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГ НА СУДСКИ ПОСТАПКИ

Врз основа на мониторингот на судските постапки во Република Северна Македонија од 2022[21], 2023[22] и 2024[23] година, јасно произлегува фактот дека во правосудниот систем постојат повторувачки и системски слабости кои директно го компромитираат правото на правично судење. И покрај годишните препораки, воочен е континуитет на истиот тип на прекршувања: одложени рочишта поради отсуство на странки или службени лица, прекршување на роковите за постапување, недоволни образложенија по разни основи, како и нерегуларности во доказната постапка.

Долготрајноста на судењата, особено во предмети со висок јавен интерес, е спротивна на стандардите на Европскиот суд за човекови права. Истовремено, зголемениот број на предмети набљудувани по барање на странките, открива недоверба во правосудниот систем.

Овие слабости се хронични, а институционалната реакција е минимална. Недостасуваат санкции за непостапување според препораките, а правосудниот систем продолжува да функционира без реални механизми за внатрешна контрола и надворешна отчетност. Ваквата состојба не само што го поткопува владеењето на правото, туку е во директен судир со критериумите од Поглавје 23 во пристапниот процес кон Европската Унија.

Потребна е итна, сеопфатна и институционално одговорна реформа, која ќе го замени досегашниот формализам со функционална правна држава. Промените не можат да се сведат на козметички корекции, потребна е политичка волја, судска храброст и граѓански притисок за вистински напредок.

ЗАКЛУЧОК

Овој труд ги разгледува двете истражувачки прашања преку анализа на усогласеноста на главната расправа со европските стандарди за фер судење и утврдување на системските отстапувања во домашната судска практика. Иако нормативната рамка, формално, ги содржи сите гаранции за фер судење како што се јавност, разумен рок, еднаквост на оружјата и правна сигурност, анализата на судската практика и мониторингот на постапките, укажуваат на сериозни и повторувачки отстапувања.

Главната расправа, како срж на кривичната постапка, често се изведува во услови на неефикасно планирање, селективна процесна дисциплина и недоволна подготвеност на странките и судиите во постапките. Отсуствата на обвинители и судии поротници, за кои неретко не постои точна причина, нерегуларните признанија и површните образложенија по разни основи, сериозно го компромитираат кредибилитетот на системот.

Домашната судска практика покажува структурно отстапување од јуриспрудентните стандарди на Европскиот суд за човекови права, особено во делот на транспарентноста, процесната рамнотежа и ефикасноста на судењето. Потребни се радикални, а не само административни интервенции.

21 Лажетиќ, Г. Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во кривични предмети во 2022 година (Коалиција сите за правично судење 2022) *https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2023/05/58-KBR-2022.pdf*

22 Аврамовски, Д. и др. Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2023 година. (Коалиција сите за правично судење 2023) *https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/03/64-APNSP-2023.pdf*

23 Аврамовски, Д. и др. Анализа на податоците од набљудуваните судски постапки во 2024 година.(Коалиција сите за правично судење 2024). *https://all4fairtrials.org.mk/wp-content/uploads/2024/12/69-AN-MON-2024.pdf*

КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ:

Да се воспостави национална дигитална платформа која ќе овозможи автоматско евидентирање на причините за одложувања, присуството на странките и текот на постапките, при што податоците ќе бидат достапни за судиите, странките и јавноста.

Судовите да воведат редовен месечен поткаст или кратки визуелни извештаи преку кои ќе ги објаснуваат трендовите, проблемите и позитивните практики, како форма на директна комуникација со јавноста и градење доверба.

Да се стимулира и развие програма за вклучување на студенти и приправници во судската администрација, со цел организациска поддршка во текот на расправите, а сè со цел намалување на оптовареноста.

Овие препораки се применливи и неопходни за подобрување на правосудната практика во согласност со стандардите на фер судење.

(Авторот е магистер по казнено право, овластен судски набљудувач 2024-2025 во Коалицијата „Сите за правично судење“ – Скопје)

СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ – ПОЛОЖБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Иако состојбите со основните права на жените од руралните средини се препознаени од сите релевантни чинители, вклучително и државата, изостанува спроведувањето на суштински мерки кои ќе придонесат за подобрување на нивната фактичката положба. Дополнително, загрижува тоа што државата во континуитет не ги исполнува препораките за подобрување на состојбата на жените од руралните средини на меѓународните тела за човековите права, вклучително и Комитетот за елиминирање на дискриминација врз жените при ООН. Воедно, во последните години продолжи трендот на усвојување на мерки за жените од руралните средини во рамките на стратегиите и акционите планови од областа на родовата еднаквост, развојот на руралните средини и земјоделството, меѓутоа тие малку се спроведуваат.

ЛИЛЈАНА ЈОНОСКИ – СВЕТЛАНА ВЕЉАНОВСКА

АПСТРАКТ

Фактичката положба на жените од руралните средини е понеповолна споредено со мажите од руралните средини, но и со жените од урбаните средини. Анализите за имплементацијата на стратегиите за рамномерен регионален развој покажуваат дека, и покрај вложувањата, ограниченият пристап до основните услуги придонесува за понизок квалитет на живот за населението од руралните средини, генерално, меѓутоа жените од руралните средини се многу попогодени од ваквата состојба[1]. Поради меѓусебната поврзаност на човековите права, неискористувањето на правата во една област води кон ограничени можности за користење на правата во другите области од животот на жените од руралните средини. Невклучувањето во сите нивоа од процесите на одлучување, придонесува за занемарување на нивните специфични потреби од страна на креаторите на националните и локалните политики. Жените од руралните средини немаат доволно информации за нивните законски гарантирани права и можности коишто им следуваат и коишто можат да придонесат за подобрување на нивната состојба.

Клучни зборови: човекови права, жени, политики, можности.

ВОВЕД

Жените од руралните средини не се доволно информирани за законски гарантираните права и механизмите (начините) за нивно остварување на национално ниво, а уште помалку со одредбите од меѓународните документи за женските човекови права, како што е Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Во периодот по последното известување, државата нема преземено мерки за зголемување на промоцијата на Конвенцијата, Факултативниот протокол и Генералните препораки меѓу ранливите групи на жени, вклучително и жените од руралните средини. Воедно, не се преведени и јавно достапни ниту Генералната препорака 34 и Заклучните согледувања и препораки на Комитетот кон шестиот Периодичниот извештај број 6 за имплементацијата на Конвенцијата од страна на државата.

За време на Ковид кризата, дури 96% од жените во руралните средини истакнале дека се соочуваат со недоволна информираност како и социјална исклученост од случувањата во општеството, па ја потенцирале својата потреба за добивање на секојдневни, редовни и ажурирани информации[2]. Според Министерството за труд и социјална политика, дури 62% од жените во руралните средини не се активни на пазарот на трудот поради ангажирање во домаќинството и грижата за децата и старите лица, а 47% од невработените жени во руралните средини вршат неплатена работа на семејните фарми.[3] Ваквата нивна положба доведува и до голем број на ограничувања во делот на искористување на правата коишто им следуваат. Имено, жените не можат да ги остварат правата од работен однос, како што се правото на боледување и правото на платено породилно отсуство. Пристапот до социјална заштита за жените е ограничен поради оддалеченоста од градовите и урбаните центри, недоволната информираност за видот на социјални услуги коишто им стојат на располагање како право, но и поради недостатокот на социјални услуги

1 Државен завод за ревизија, конечен извештај за извршена ревизија на успешност „рамномерен регионален развој со посебен акцент на демографијата. 2022 достапен на следниот линк *https://dzr.mk/sites/default/files/2023-04/170_ru_ramnomeren_regionalen_razvoj_so_poseben_akcent_demografija_2022.pdf*

2 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Работна група за родова еднаквост и зајакнување на жените, "Препораки за поддршка на жените во земјоделството и руралните средини во услови на работа предизвикана од Ковид 19", достапни на следниот линк: *https://ruralnakoalicija.mk/wp-content/uploads/2020/06/Recommendations-for-supporting-women-in-agriculture_%D0%9C%D0%9A2.pdf*

3 Регионален форум на политики за рурален развој, излагање на министерката за труд и социјална политика, достапно на следниот линк: *https://meta.mk/nad-60-otsto-od-zhenite-vo-ruralnite-sredini-se-nevraboteni-potrebni-se-merki-za-nivno-uchestvo-na-pazarot/*

адаптирани согласно нивните специфични потреби, но и потребите за грижа за децата и старите лица, што оневозможува поголемо искористување на правата од другите области, како што се јавниот и политичкиот живот и пазарот на труд.

Истовремено, жените од руралните средини недоволно ги користат и правата од примарна здравствена заштита, вклучително и правата поврзани со сексуалното и репродуктивно здравје, бременоста и раѓањето. Лишувањето од сопственост на земјоделско земјиште и имот (само 5-6% од жените во руралните средини се сопственички на имот, а 12% на земјоделско земјиште[4]), нееднаква распределба на приходите и ресурсите во домаќинството, ограничени пристапи и понуда до образование, невклучување во донесувањето на одлуки во домаќинството, ограничен пристап до јавни услуги се исто така значајни проблеми со коишто се соочуваат жените од руралните средини.

Иако ваквите состојби се препознаени од страна на сите релевантни чинители, вклучително и од државата, изостанува спроведувањето на суштински мерки кои ќе придонесат за подобрување на нивната фактичката положба. Дополнително, загрижува тоа што државата во континуитет не ги исполнува препораките за подобрување на состојбата на жените од руралните средини на меѓународните тела за човековите права, вклучително и Комитетот за елиминирање на дискриминација врз жените при ОН. Воедно, во последните години продолжи трендот на усвојување на мерки за жените од руралните средини во рамките на стратегиите и акционите планови од областа на родовата еднаквост, развојот на руралните средини и земјоделството, меѓутоа тие многу малку се спроведуваат а истовремено не постои систем за мерење на влијанието кои ваквите политики го имаат врз состојбата на жените од руралните средини.

1. АНАЛИЗА НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ, СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ

Во делот кој следи, анализирани се податоците за фактичката положба на жените од руралните средини, вклучително и степенот на имплементација во однос на областите на загриженост и препораките на Комитетот за елиминирање на дискриминација врз жените.

Државата нема преземено законски и други мерки за зголемување на учеството на жените во процесите на одлучување на национално и локално ниво. Не се воведени квоти во изборното законодавство за зголемување на бројот на градоначалнички жени во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). На последните локални избори во 2021 година, помалку од 10% од кандидатите за градоначалници биле жени. Притоа, жените биле кандидирани во 17 од вкупно 80 општини, од кои во само 4 рурални средини. Застапеноста на жените во Советите на ЕЛС е на законски предвидениот минимум од 30%, но во 31 општина има и помалку од 30% застапеност на советнички, како, на пример, општина Пласница каде што од 9 членови на Советот на општината, само една е жена[5].

Генерално, жените се многу малку застапени во планирањето и спроведувањето на политиките на национално и локално ниво, а вклучувањето на жените од руралните средини е уште поотежнато и незадоволително. Во руралните средини во РСМ, жени носителки на семејните земјоделски стопанства во рамките на вкупниот број на земјоделци изнесува само 10,4% што упатува на ниското учество во процесите на донесување на одлуки, како за сопственото земјоделско производство, така и низок процент на жени во процесите на донесување на одлуки.[6] Согласно

4 ПИНА истражување; "Мал процент од жените во руралните средини се сопственички на имот"; Линк: ***https://pina.mk/5954-jonoski-mal-protsent-na-zhenite-zemjodelki-se-sopstvenichki-na-imot-vo-ruralnite-sredini/***

5 Рурална Коалиција; "Практикување на родовата еднаквост во локалните заедници во Северна Македонија" јуни 2022 година; Линк: ***https://ruralnakoalicija.mk/wp-content/uploads/2022/08/Rodova-analiza-FINAL-REACTOR.pdf***

6 Стратегија за родова еднаквост 2022-2027, Службен Весник на РСМ, Бр. 170 од 27 јули 2022 година.

родовата анализа изработена за 17 различни општини во Република Северна Македонија (Чаир, Шуто Оризари, Илинден, Брвеница, Теарце, Кавадарци, Неготино, Делчево, Македонска Каменица, Радовиш, Гевгелија, Крушево, Кривогаштани, Струга, Вевчани, Старо Нагоричане, Липково), каде што беа анализирани вкупно 751 лидерска позиција во општините, училиштата и локалните јавни институции, само 198 припаѓаат на жени, а 553 на мажи. Тоа значи дека 73,6% од донесувачите на одлуки, вклучени во креирањето и донесувањето на стратешки документи, политики и буџети во општините се мажи. Жените се застапени со само ¼ како донесувачи на одлуки во анализираните 17 општини.[7]

Дополнително тука би споменале дека, согласно Извештајот за положбата на жените во руралните средини во Североисточниот и Полошкиот регион, изготвен од Рурална коалиција, од над 100 вклучени испитанички/жени од руралните средини, високи 97% одговориле дека не се вклучени во локалните процеси на донесување на одлуки, а ниту една од нив никогаш не присуствувала на состанок на месната заедница каде што се носат одлуки за потребите на локалното население. За жал, низ истражувањето провејуваа изјави како: „тоа е машка работа, што имам јас да одам на такви состаноци кога имам премногу работа и дома"; „местото на жената е дома, а не да оди по средби и состаноци", „кој ги слуша жените што имаат да кажат", итн.[8]

Во Националната стратегија за родова еднаквост 2022-2027 и не се предвидени посебни мерки за зголемување на учеството на жените од руралните средини во процесите на одлучување на сите нивоа. Жените од руралните средини не се издвоени посебно и нема специфични индикатори за подобрување на нивната состојба и во другите области од општественото живеење, како што се образованието, социјалната заштита, здравството, пристапот до правда, одбраната, спортот, културата, заштита од насилство врз жените и друго. Единствена област во која се издвоени жените од руралните средини, е областа на земјоделството, каде што се дефинирани посебни мерки и индикатори за подобрување на нивната состојба со управување со имот и земјоделско земјиште, намалување на неплатената семејна работа и зголемување на учеството на жените во програмите за финансиска поддршка за земјоделство и рурален развој (специфична цел 2.4.).

Во Стратегијата не се предвидени средства за постигнување на предвидените резултати и индикатори, а предвидените мерки и финансиски средства во Националниот акциски план (НАП) за родова еднаквост 2022-2024, кои се однесуваат на оваа област, не се соодветно планирани согласно специфичните потреби на жените од руралните средини. Односно, предвидените мерки се недоволни за постигнување на очекуваните резултати, а финансиските средства не се планирани согласно природата и обемот на предвидените активности и очекуваните резултати.

Наспроти неефективните стратегии за рамномерен развој, за земјоделство и рурален развој, како и подобрување на животот во руралните средини, генерално, фактичката положба на жените во овие средини е понеповолна споредено со мажите од руралните средини, но и со жените од урбаните средини. Особено загрижува тоа што ранливоста и нееднаквоста на жените е изразена во сите аспекти поврзани со руралниот развој и земјоделското производство, како што е достапноста на потребната инфраструктура, пристапот до основните социјални, здравствени и други услуги, остварувањето и распределбата на приходите.

И покрај огромниот придонес во однос на задоволувањето на потребите на домаќинствата, како и развојот на земјоделските стопанства, жените од руралните средини се соочуваат со недоволно информации и недостаток на ресурси за извршување на преземените обврски. Не постојат механизми или воспоставена пракса на вклучување на жените од руралните средини во сите нивоа од процесите на донесување на одлуки поврзани со развојот, вклучително и при планирањето на активности за развој на месните заедници во коишто живеат.

---

7 Родова анализа на лидерските позиции и општинските програми 2020/2021; Анализа изработена во рамки на проектот "Низ женски леќи", финансирана од ЕУ и достапна на следниот линк: ***https://ruralnakoalicija.mk/wp-content/uploads/2021/05/Through-Gender-Lenses-Gender-analysis-2020-2021.pdf***

8 Извештај за состојбата на жените од руралните средини во Полошкиот и Североисточниот регион; Рурална Коалиција, линк до извештајот: ***https://ruralnakoalicija.mk/wp-content/uploads/2020/02/Izvestaj-RK-finalno.pdf***

ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИТЕ НА ЖЕНИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Државата нема спроведено посебни истражувања за утврдување на специфичните потреби на жените од руралните средини, чии наоди би претставувале појдовна основа за градење на политики за подобрување на нивната состојба. Постоечките анализи и истражувања кои се однесуваат на жените од руралните средини се спроведени од националните и меѓународните граѓански организации.

Жените од руралните средини не се доволно информирани за законски гарантираните права и механизмите (начините) за нивно остварување на национално ниво, а уште помалку со одредбите од меѓународните документи за женските човекови права, како што е Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените. Имено, само половина од жените во руралните средини слушнале или имаат основна информација за основните човекови права и правната рамка за заштита од дискриминација или 51,3%, додека, пак, дури 57% од жените во руралните средини сметаат дека основните човекови права не се почитуваат доволно во руралните средини.[9]

Во периодот по последното известување во 2018 година, државата нема преземено мерки за зголемување на промоцијата на Конвенцијата, Факултативниот протокол и Генералните препораки меѓу ранливите групи на жени, вклучително и жените од руралните средини.

УЧЕСТВО ВО ИЗРАБОТКАТА И СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПЛАНОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ

Жените од руралните средини не се вклучени во сите нивоа на одлучување во централната и локалната власт, а не се вклучени ниту при донесување на одлуки за развојот на месните заедници во коишто живеат.[10] Неспроведувањето на активности за подобрување на информираноста на жените и нивно правно зајакнување, како и недостатокот на посебни мерки и механизми за зголемување на нивното учество, води кон занемарување на нивните потреби во процесите на одлучување.

Следствено, политиките и спроведените мерки во однос на рамномерниот и регионалниот развој инкорпорираат мерки за подобрување на состојбата во селата, генерално, меѓутоа не и цели и индикатори за адресирање на специфичните потреби на жените од руралните средини, а особено не за ранливите групи на жени[11]. Дури и во Стратегијата и Националниот акциски план (НАП) за родова еднаквост жените од руралните средини се посебно таргетирани со цели и индикатори единствено во областа на земјоделството, а не и во другите области од општествениот живот, како што се образованието, вработувањето, здравството и слично[12]. Согласно податоците во НАП за родова еднаквост 2022-2024, 12,01% жени се сопственици на земјиште во државата, а само 4,07% жени се носители на сопственички права во руралните средини, додека во одлуки за активностите поврзани со земјиштето учествуваат само 9,65 % од жените.[13]

---

9 Рурална Коалиција, Анализа на истражување: Каков е степенот на препознавање на родовата еднаквост како основно човеково право во руралните средини, а застапено во Поглавје 23 – Темелни права и правосудство, ***https://ruralnakoalicija.mk/wp-content/uploads/2020/03/analiza_na_istrazuvanje_final1.pdf***

10 Ставови на граѓански организации и ЛАГ кои работат во рурални средини.

11 Не се земени предвид специфичните потреби на жените од изолираните планински места

12 Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 и НАП за родова еднаквост 2022-2024, достапни на ***https://mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx***

13 Ibid

2. ПЛАТЕНО ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО – ЗАГАРАНТИРАНО УНИВЕРЗАЛНО ЧОВЕКОВО ПРАВО ИЛИ НЕ?

Република Северна Македонија ги усогласува своите национални политики со меѓународните стандарди, па вработените жени имаат право на платено отсуство за време на бременост, породување и родителство во времетраење од девет непрекинати месеци, или 15 месеци, доколку жената роди повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе). Меѓутоа самовработените лица, меѓу кои спаѓаат и жените регистрирани како индивидуални земјоделци, немаат пристап до правото на платено родителско отсуство. Политиките за платено родителско отсуство, мајчинско, татковство или родителство во согласност со стандардите на Меѓународната организација на трудот (МОТ), како и со стандардите за социјална заштита, имаат суштинско значење за реализација на родовата еднаквост и севкупниот просперитет на општеството во целина. Ваквите одредби обезбедуваат економска сигурност на работниците и нивните деца, унапредување на здравјето на мајките и децата и соодветно балансирање на приватниот и професионалниот живот.

Заштитата на мајките е фундаментално право на жените работнички кое е предвидено во клучните универзални договори за правата на човекот. На пример, во Универзалната декларација за правата на човекот од 1948 година, наведено е дека мајките и децата имаат право на специјална грижа и помош, како и на социјална заштита. Во Меѓународната конвенција за економски, социјални и културни права[14] од 1966 година е вклучена специјална заштита на мајките во текот на одреден период пред и по породувањето, заедно со платено отсуство или отсуство со соодветни социјални придобивки. Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација на жени[15] повикува на специјални мерки за гарантирање на заштитата на мајчинството, признаено како суштинско и фундаментално право. Заштитата на мајчинството има огромно значење за Меѓународната организација на трудот по усвојувањето на првата Конвенција за заштита на мајчинството од 1919 година. Заштитата на мајчинството е проследена со правото на паричен надоместок за време на породилно отсуство, што е загарантирано со законодавна рамка во многу земји.

Важно е да се спомене дека различни земји користат различни системи за одредување на критериуми за пристап до ова право, како и различни методи за нивото на паричниот надоместок. Конвенцијата на МОТ за заштита на мајчинството од 2000 година (бр. 183) го поставува водечкиот принцип дека нивото на придобивки треба да обезбеди „жената да може да се одржува себеси и нејзиното дете/деца во соодветни здравствени услови и со соодветен стандард на живеење“.

Меѓународните организации постојано ги следат ефектите од политиките и пристапот до права за отсуство поради раѓање и грижа за дете и активно дејствуваат за подобрување на законската регулатива за мајчинство, односно породилно отсуство, татковство и родителско отсуство во државите низ светот. Директивата за родителско отсуство 6 (Совет на ЕУ, 2010 година) ја замени Директивата 96/34/ЕЗ7, по усвојувањето на ревидиран Рамковен договор за родителско отсуство, склучен од европските социјални партнери на 18 јуни 2009 година. Директивата за родителско отсуство поставува минимални барања за родителско отсуство за машките и женските работници и е директно поврзана со заштитата при вработување. Главните елементи на оваа Директива се:

- работниците имаат право на родителско отсуство при раѓање или посвојување дете;
- мажите и жените работници мора да добијат еднаков третман, без разлика на нивниот тип на работа или договор за вработување;

14 Мрежа за заштита од дискриминација; Правен механизам за заштита на правата на жените земјоделки, 2023.

15 Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и нејзиниот Факултативен протокол; Министерство за социјална политика, демографија и млади *https://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/priracnik.pdf*

- родителското отсуство мора да се даде најмалку четири месеци како индивидуално право на двајцата родители;
- одредби за земање отсуство;
- одредби за правото на работниците да се вратат на работа по земањето родителско отсуство и за нивното право на недискриминација.

Од особено значење е и Директивата 2010/41/ЕУ8 за примена на принципот на еднаков пристап на мажите и жените кои вршат активности во својство на самовработени лица. Директивата упатува на уредување на надоместоците и на должината на породилното отсуство под еднакви услови, како што е уредено за останатите вработени лица кај трети лица. Но, и покрај многубројните конвенции и директиви, и денес се евидентираат празнини во одредбите за платен надоместок при бременост, раѓање и грижа за дете, како и несоодветна здравствена и безбедносна заштита како клучни предизвици за формално вработените работници, самовработените жени какви што се жените земјоделки и работниците во неформалната економија.

Во Република Северна Македонија мајката има право на породилно (родителско) отсуство во согласност со членот 165 од Законот за работни односи. Предвидено е дека вработена жена за време на бременост, раѓање и мајчинство има право на платено отсуство од работа во траење од 9 месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца (близнаци, тројка и повеќе) ѝ следува платено отсуство во период од 15 месеци. Врз основа на мислење од надлежниот здравствен орган, работничката може да започне со бременост, породување и породилно отсуство 45 дена пред породувањето и задолжително 28 дена пред породувањето. Ваквите бенефиции произлегуваат од нивниот статус на осигуреници според Законот за здравствено осигурување.

Доколку се разгледа членот 5 од Законот за здравствено осигурување, ќе се види дека со овој Закон задолжително се осигуруваат: работници во работен однос кај правно лице, самовработено лице, правни лица кои вршат дејност на јавна служба и државни органи; лица кои имаат краткотрајно вработување во согласност со Законот за агенциите за привремени вработувања; државјани на РС Македонија вработени кај странски и меѓународни органи, организации и установи; самовработени лица, како и индивидуални земјоделци, односно носители на семејни земјоделски стопанства од втора и трета категорија, во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој.[16] Во овие категории на земјоделски стопанства спаѓаат семејни земјоделски стопанства со остварен годишен нето-приход од вршење на земјоделска дејност од износот на годишниот нето-износ на минималната плата за претходната година, според податоците од Министерството за социјална политика, демографија и млади, до годишниот износ за пресметка и плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување, како и земјоделски стопанства со остварен годишен нето-приход од вршење на земјоделска дејност до 2.000.000 денари.

Со задолжителното здравствено осигурување, на осигурените лица им се обезбедува право на основни здравствени услуги под услови утврдени со овој Закон, како и право на парични надоместоци, и тоа: 1) право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, 2) право на надоместок на патни трошоци при користење здравствени услуги.

Услови за исполнување на правото на породилно отсуство како право од здравственото осигурување се следниве:[17]

- Здравственото осигурување да траело најмалку 6 месеци непрекинато пред настанувањето на случајот;

---

16 Закон за земјоделство и рурален развој, Службен весник на РМ бр.49/2010, 53/2011; 126/2012; 15/2013; 69/2013; 106/2013; 177/2014; 25/2015; 73/2015; 83/2015; 154/2015; 11/2016; 53/2016; 120/2016; 163/2016; 74/2017; 83/2018; 27/2019; 27/2019; 152/2019; 244/2019; 275/2019; 110/2021; 123/2022; 65/2023; 218/2024

17 Арсовска-Трајановиќ, И. Породилно отсуство и други родителски отсуства – Компаративен преглед; ***https://www.sobranie.mk/content/PI/6.%20%D0%9F%D0%BE%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BB%D0%BD%D0%BE%20%D0%BE%D1%82%D1%81%D1%83%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE.pdf***

- Придонесот за здравствено осигурување да е редовно уплатуван или со задоцнување од најмногу 60 дена. Во согласност со Законот за здравствено осигурување, осигуреничките во работен однос имаат право на надоместок за отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство. Висината на надоместокот за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100 % од платата. Член 5 на Законот за здравствено осигурување покажува дека Република Северна Македонија има воведено одредби и систем за породилно отсуство, но доколку се разгледаат понатамошните членови на Законот, особено членот 14, кој го опфаќа правото на надоместок на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, евидентно е дека во широката листа на осигуреници кои го имаат ова право отсуствува категоријата индивидуален земјоделец.

Земјоделките во Северна Македонија, иако помалку, сепак плаќаат придонеси за здравствено осигурување, а притоа немаат право на породилно отсуство. Сепак, треба да се земе предвид дека постојат примери на земји во ЕУ каде дури и земјоделките или други работнички кои воопшто не плаќаат придонеси имаат право на платено породилно отсуство. Вакви политики се неопходни во нашата држава, како земја во која земјоделството претставува важна стопанска дејност и како земја во која еднаквоста е клучен уставен принцип. Зајакнувањето на индивидуалните земјоделци и обезбедувањето на пристап до права треба да биде приоритет во националните политики и програми.

Тројното оптоварување во репродуктивната, продуктивната и социјалната сфера за земјоделците се продлабочува со товарот на неплатено отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство за жени - регистрирани како индивидуални земјоделци. Од неплатени домашни работници до егзистенцијални земјоделци, кои дел од своите средства за егзистенција ги насочиле кон премин од неформална во формална економија и пристапиле кон регистрирање во системот на здравствени осигуреници и системот на пензиско осигурување, работејќи во небезбедни услови, остварувајќи пониски приходи, без никаква заштита од законите за работни односи и социјални бенефиции - тие се соочуваат со предизвикот на НЕМАЊЕ право на платен надоместок при отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство. Дополнително, ако се земат предвид и сериозните последици за животот и здравјето на земјоделките и нивните новороденчиња, политиките кои не овозможуваат породилно отсуство за овие жени се сметаат за дискриминаторски и нехумани.

ЗАКЛУЧОК

Иако состојбите со основните права на жените од руралните средини кои се наведени погоре се препознаени од страна на сите релевантни чинители, вклучително и државата, изостанува спроведувањето на суштински мерки кои ќе придонесат за подобрување на нивната фактичката положба. Дополнително, загрижува тоа што државата во континуитет не ги исполнува препораките за подобрување на состојбата на жените од руралните средини на меѓународните тела за човековите права, вклучително и Комитетот за елиминирање на дискриминација врз жените при ОН. Воедно, во последните години продолжи трендот на усвојување на мерки за жените од руралните средини во рамките на стратегиите и акционите планови од областа на родовата еднаквост, развојот на руралните средини и земјоделството, меѓутоа тие многу малку се спроведуваат, а истовремено не постои систем за мерење на влијанието кои ваквите политики го имаат врз состојбата на жените од руралните средини.

Безбедното мајчинство и здравствената грижа за мајката и опстанокот на новороденчето имаат клучно животно значење. Исто така, тие имаат суштинско значење за пристојната работа и продуктивноста за жените и за родовата еднаквост на работното место. Затоа, заштитата на мајчинството е основно трудово право вградено во клучните универзални акти за човековите права. Од клучно значење е да се промовира здравјето на мајките и децата и да се спречи дискриминацијата на жените на работното место. Правото на платено породилно отсуство, заедно со татковството и родителското отсуство, имаат огромен придонес за промовирање на родовата еднаквост, а воедно придонесуваат за намалување на финансискиот стрес, овозможувајќи им

на родителите да се фокусираат на поврзувањето со своето дете и да ја зголемат родовата еднаквост, обезбедувајќи поголемо учество на татковците во обврските околу грижата за децата.

Породилното отсуство треба да биде незаменлив елемент на сеопфатните политики насочени кон обезбедување на позитивна врска меѓу работата и семејството. Принципот на еднаков третман и еднаков пристап до права треба да се применува за сите лица во јавниот и приватниот сектор, без разлика на професијата и начинот на вработување, без разлика на расата, бојата на кожата, националната или етничката припадност, потеклото, религијата или другите верувања, попреченоста или хроничната болест, возраста, семејниот или социјалниот статус, сексуалната ориентација, родовиот идентитет или карактеристики. Со исклучувањето на земјоделките од правото на породилно отсуство се врши системска дискриминација, спротивно на Законот за спречување и заштита од дискриминација. На ваков начин земјоделките се стават во многу понеповолна положба од останатите работнички, што има сериозни последици врз нивното репродуктивно, психолошко и физичко здравје, како и врз здравјето на нивните новороденчиња.

(Авторката Лилјана Јоноски, е докторанд на Универзитет „Св. Климент Охридски“ -Битола, Правен факултет – Кичево.

Авторката Светлана Вељановска е професор на Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, Правен факултет-Кичево)

ЕДНАКВОСТА И ДОСТОИНСТВОТО КАКО ТЕМЕЛНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ ТРЕТМАН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Резултатите од спроведеното истражување јасно покажуваат дека, и покрај напредокот во законската регулатива и зголемената јавна свест, лицата со попреченост и натаму се соочуваат со бариери во остварувањето на своите основни човекови права во здравствениот систем. Недоволната пристапност, несоодветната комуникација со здравствените работници, како и отсуството на индивидуализиран пристап, укажуваат на структурна нееднаквост која го компромитира нивното достоинство и правото на еднаков третман

ГАБРИЕЛ ЖИВКОВИЌ

АПСТРАКТ

Истражувањето се фокусира на почитувањето на човековите права кај лицата со попреченост во здравствениот и рехабилитациски третман, со особен акцент на еднаквоста и достоинството. Преку анкетен прашалник спроведен во електронска форма беа опфатени 40 испитаници со различен вид на попреченост. Целта беше да се испита дали овие лица имаат еднаков пристап до здравствени услуги, дали се соочуваат со дискриминација и како го оценуваат односот на здравствениот персонал кон нив. Резултатите укажуваат дека и покрај одреден напредок, сè уште постојат бариери во пристапноста, комуникацијата и односот кон лицата со попреченост, што го нарушува чувството на достоинство и правото на еднаков третман. Истражувањето сугерира потреба од едукација на здравствените работници за почитувањето на човековите права, подобрување на инфраструктурата и поголема примена на принципите на инклузивност и етички стандарди во здравствената заштита.

Клучни зборови: човекови права, попреченост, достоинство, еднаквост, здравствена заштита.

ВОВЕД

Во современото општество, човековите права се темелна вредност врз која се гради концептот на правичност, еднаквост и почитување на достоинството на секој поединец.[1] Меѓу нив, правото на здравје зазема клучно место како предуслов за квалитет на животот, лична независност и активно учество во општеството. Сепак, лицата со попреченост често се соочуваат со сериозни предизвици при остварувањето на ова право, од ограничен пристап до здравствени установи, преку неприспособени услови за пружање здравствени услуги, до дискриминаторски ставови и повреди на нивното човеково достоинство.[2]

Иако државата е обврзана преку уставни, законски и меѓународни документи да обезбеди еднаков третман за сите граѓани, во пракса лицата со попреченост често пати не ги добиваат здравствените услуги на начин кој ги почитува нивните права. Овој проблем се манифестира во различни форми: физичка и комуникациска непристапност, недостаток на рехабилитациски програми, нецелосна примена на принципот на информираност и согласност и игнорирање на индивидуалните потреби.

1. ЕДНАКВОСТ И ДОСТОИНСТВО КАКО ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ЧОВЕКОВОТО ПОСТОЕЊЕ

Еднаквоста и достоинството претставуваат темелни вредности во меѓународното право за човекови права и се особено значајни во контекстот на здравствената заштита. Еднаквоста подразбира третман без дискриминација, при што секој поединец, независно од неговите лични карактеристики (како што се полот, возраста, попреченоста и друго), има право на ист пристап до услуги, ресурси и можности. Од друга страна, достоинството претставува признание на вредноста и интегритетот на секој човек како поединец.[3] [4]

1 United Nations, Preamble to the Universal Declaration of Human Rights (1948)

2 KAP Clemente and others, 'Barriers to the Access of People with Disabilities to Health Services: A Scoping Review' (2022) 56 Revista de Saude Publica 64

3 Health Information and Quality Authority, Human Rights-Based Approach: A Guide for Health and Social Care Staff (2019) *https://www.hiqa.ie/sites/default/files/2019-11/Human-Rights-Based-Approach-Guide.PDF*

4 UN Office of the High Commissioner for Human Rights, Factsheet No 31: The Right to Health (June 2008)

Во контекстот на здравствената заштита, овие два концепта значат дека секој човек има право на здравствена грижа која не само што е пристапна и квалитетна, туку и таква што го почитува личното достоинство на корисникот. Ова особено важи за ранливите категории на граѓани, меѓу кои се и лицата со попреченост.[5]

2. ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ ТРЕТМАН

Концептот на човекови права во здравствениот систем подразбира дека секој има право на највисок достапен степен на физичко и ментално здравје. Ова право вклучува пристап до здравствени установи, услуги и информации, како и третман со почит, без никаков вид на дискриминација.[6]

Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (CRPD) експлицитно нагласува дека државите се обврзани да обезбедат еднаков пристап до здравствени услуги, вклучувајќи и услуги кои се специфично наменети за лицата со попреченост со највисок можен стандард на здравје без дискриминација.[7]

Во членот 25 од оваа Конвенција се истакнува обврската за обезбедување на здравствена грижа базирана на почитување на достоинството, независноста и индивидуалните потреби на секое лице.[8]

Овие инструменти ги обврзуваат државите да обезбедат дека здравствената заштита е достапна, со еднаков квалитет и се испорачува со почитување на независноста и вроденото достоинство на секој поединец, без оглед на попреченоста.[9] [10] Понатаму, Етичките кодекси на здравствените професии, како и националното законодавство, го истакнуваат значењето на хуманиот пристап, информираната согласност и индивидуализираниот третман во согласност со човековото достоинство.

3. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Истражувањето беше спроведено со цел да се испитаат ставовите на лицата со попреченост во однос на еднаквоста и достоинството при користење на здравствени услуги. Во истражувањето учествуваа вкупно 40 испитаници со различен вид на попреченост (физичка, ментална и комбинирана). Сите испитаници претходно имале искуство со користење услуги и рехабилитациски третмани во здравствените установи низ територијата на Република Северна Македонија.

Како главен истражувачки инструмент беше употребен анкетен прашалник, дизајниран да ги опфати демографските податоци (пол, возраст, занимање, вид на попреченост) и клучните аспекти на здравствената грижа: пристапноста до здравствените установи и услуги, квалитетот на комуникацијата со здравствените работници, искуства со дискриминација, како и перцепцијата за односот кон достоинството на лицата со попреченост. Анкетата беше спроведена во електронска форма, со цел да се овозможи поголема достапност и вклученост на испитаниците од различни региони и со различни можности за физичко учество. Добиените податоци беа обработени со

5 James L Madara et.al 'Health Care Professionals' Charter on Human Rights' (2024) Annals of Internal Medicine

6 Paul Hunt, 'Interpreting the International Right to Health in a Human Rights-Based Approach to Health' (2016) 18(2) Health and Human Rights 109

7 UN General Assembly, Convention on the Rights of Persons with Disabilities, UN Doc A/RES/61/106

8 Ibid, Article 25

9 Light for the World, The Right to Disability-Inclusive Health: Issue Brief (International Disability Alliance 2021)

10 Council of Europe, Recommendation Rec(2006)5 of the Committee of Ministers to member states on the Council of Europe Action Plan to promote the rights and full participation of people with disabilities in society: Improving the quality of life of people with disabilities in Europe 2006–2015 (2006) *https://rm.coe.int/168070d7f5*

примена на дескриптивна статистичка анализа, со што се овозможи согледување на добиените статистички резултати во вид на апсолутни броеви и процентуална вредност.

Истражувањето беше спроведено со цел да се испитаат ставовите на лицата со попреченост во врска со еднаквоста и достоинството, како темелни човекови права во здравствениот третман што го добиваат.

Резултати

Пол	Број на испитаници	%
Машки	16	40%
Женски	*24*	*60%*

***Табела број 1**. Број на испитаници според пол*

Во спроведеното истражување во однос на полот, од вкупно 40 испитаници, 16 испитаници се од машки пол (40%), додека 24 испитаници се од женски пол (60%). Овие податоци укажуваат на тоа дека испитаниците со попреченост од женски пол доминираат.

***Табела број 2.** Број на испитаници според возраста*

Возраст	Број на испитаници	%
Под 18 год.	15	37,5%
18 - 30 год.	7	17,5%
31- 45 год.	6	15%
46 - 60 год.	9	22,5%
Над 60 год.	3	7,5%

Во спроведеното истражувањето во однос на возраста, најголем дел од испитаниците се на возраст под 18 години, или 15 испитаници (37,5%). Следуваат испитаниците на возраст од 46 до 60 години, кои се застапени со 9 учесници (22,5%), потоа 18 до 30 години со 7 испитаници (17,5%), додека групата од 31 до 45 години вклучува 6 испитаници (15%). Најмала застапеност имаат испитаниците над 60 години – вкупно 3 лица (7,5%). Овие податоци покажуваат дека најбројни се младите лица под 18 години, што може да укажува на зголемен интерес или потреба кај оваа популација за подигање на гласот за борба за сопствените човекови права поврзани со здравствениот третман, подобриот квалитет и пристапноста до здравствени услуги.

***Табела број 3**. Број на испитаници според видот на попреченоста*

Вид на попреченост	**Број на испитаници**	**%**
Физичка попреченост	14	35%
Сензорна попреченост (слух, вид)	5	12,5%
Интелектуална попреченост	9	22,5%
Психосоцијална попреченост	4	10%
Говорни попречености	6	15%
Ретки болести	2	5%

Во спроведеното истражување учествувале испитаници со различни видови попреченост. Најголем број на испитаници имаат физичка попреченост 14 испитаници (35%), додека 9 испитаници (22,5%) имаат интелектуална попреченост. Следни се испитаниците со говорни попречености, кои се 6 лица (15%), и оние со сензорни попречености, кои вклучуваат проблеми со слухот или видот, 5 испитаници (12,5%). Помал број на испитаници имаат психосоцијални попречености 4 (10%) и со ретки болести 2 (5%). Овие податоци покажуваат различност во потребите и искуствата на лицата со попреченост, што ја нагласува потребата од специфична и приспособена здравствена грижа и поддршка за секој вид попреченост.

Табела број 4. *Број на испитаници според занимањето*

Занимање	**Број на испитаници**	**%**
Студент/ученик	20	50%
Вработен/на	10	25%
Пензиониран/а	3	7,5%
Во постојан здравствен третман	7	17,5%

Според добиените резултати од спроведеното истражување во однос на занимањето, од вкупно 40 испитаници, најголемиот број се студенти или ученици или 20 испитаници (50%). Следуваат вработените, кои се 10 (25%), потоа 7 испитаници (17,5%) се во постојан здравствен третман и, на крајот, пензионираните испитаници, кои се 3 (7,5%). Овие податоци покажуваат дека значителен дел од испитаниците се млади лица кои сè уште во образовен процес.

Табела број 5. *Зачестеност на користење здравствени услуги*

Можни одговори	**Број на испитаници**	**%**
Ретко	4	10%
Повремено	15	37,5%
Често	11	27,5%
Редовно	10	25%

Во однос на користењето здравствени услуги, најголем број испитаници, или 15 (37,5%), изјавиле дека ги користат повремено. Следуваат испитаниците кои ги користат здравствените услуги често, вкупно 11 (27,5%). Десет испитаници (25%) ја наведоа опцијата редовно, додека само 4 испитаници (10%) изјавиле дека ретко користат здравствени услуги. Овие податоци укажуваат на тоа дека голем дел од лицата со попреченост користат здравствени услуги на повремено и често, што може да биде резултат на нивните здравствени потреби и редовен контакт со здравствените работници.

Прашање	Можни одговори	Број на испитаници	Процент (%)
Запознаеност на испитаниците со човековите права за лицата со попреченост	Да	14	35%
	Делумно	21	52,5%
	Не	5	12,5%
Информираност на испитаници за човековите права при здравствениот третман	Да	3	7,5%
	Делумно	12	30%
	Не	25	62,5%
Пречки при користење на здравствените услуги	Да	27	67,5%
	Делумно	9	22,5%
	Не	4	10%
Влијанието на претходните негативни искуства на пристапот до здравствени услуги кај лица со попреченост	Да	33	82,5%
	Не	7	17,5%
Почитување на правото на приватност и дискреција при здравствениот и рехабилитацискиот третман лица со попреченост	Да	13	32,5%
	Делумно	23	57,5%
	Не	4	10%
Перцепција на испитаниците за обученоста на медицинскиот персонал за комуникација и постапување со лицата со попреченост	Да	3	7,5%
	Делумно	14	35%
	Не	23	57,5%
Став за приоритет во закажувањето при медицинскиот третман за лица со попреченост според испитаниците	Да	33	82,5%
	Делумно	3	7,5%
	Не	4	10%
Можни пречки во процесот на закажување дијагностички и специјалистички прегледи за лица со попреченост	Да	36	90%
	Не	4	10%
Достапност и квалитет на рехабилитациски услуги за лица со попреченост	Да	3	7,5%
	Делумно	9	22.5%
	Не	28	70%
Степен на информираност за рехабилитациски третмани	Да	7	17,5%
	Делумно	14	35%
	Не	19	47,5%

Искуства на дискриминација во здравствени установи на лицата со попреченост	Да	22	55%
	Делумно	10	25%
	Не	8	20%
Перцепција за квалитетот на здравствената грижа за лицата со попреченост	Да	5	12,5%
	Делумно	15	37,5%
	Не	20	50%
Влијание на гласот на лицата со попреченост при донесувањето одлуки за лекување и рехабилитациски третман	Да	5	12,5%
	Делумно	23	57,5%
	Не	12	30%
Перцепција на почитувањето и достоинството во здравствениот третман на лицата со попреченост	Да	13	32,5%
	Делумно	20	50%
	Не	7	17,5%
Перцепција на информираноста на лицата со попреченост за здравствениот и рехабилитацискиот третман	Да	11	27,5%
	Делумно	19	47,5%
	Не	10	25%
Степен на ефикасност на заштитата на човековите права на лицата со попреченост при здравствената грижа	Да	8	20%
	Делумно	12	30%
	Не	20	50%
Степен на информираност за можност за поднесување жалба при повреда на правата на лицата со попреченост	Да	10	25%
	Не	30	75%

Во однос на запознаеноста со човековите права за лицата со попреченост, резултатите укажуваат на потребата од поголема едукација и информирање на лицата со попреченост во однос на нивните човекови права како корисници на здравствени услуги, со цел да се зајакне нивната самозастапеност и да се унапреди нивниот квалитет и третман во здравствениот систем. Постои потреба од активно информирање на лицата со попреченост за нивните права. Недостатокот на систематска и директна комуникација може да влијае врз начинот на кој овие лица го доживуваат здравствениот третман и нивната способност да ги остварат своите права. Пристапот до здравствените услуги и натаму претставува значаен предизвик за лицата со попреченост, што директно влијае на нивното право на еднаков, достоинствен и недискриминирачки третман во рамки на здравствениот систем.

Влијанието на претходните негативни искуства на пристапот до здравствени услуги кај лица со попреченост укажува на сериозно нарушена доверба кон здравствениот систем кај лицата со попреченост, што може да има директни последици врз нивното здравје и благосостојба. Негативните искуства, било да се однесуваат на непрофесионален однос, непочитување или институционални пречки, очигледно оставиле силен отпечаток, доведувајќи до избегнување на потребни здравствени услуги.

Перцепцијата на испитаниците за обученоста на медицинскиот персонал за комуникација и постапување со лицата со попреченост упатува на значаен јаз во стручната подготвеност на

здравствените работници во однос на пристапот кон лицата со попреченост. Недостатокот од соодветна едукација и сензибилизација за специфичните потреби на оваа група го нарушува квалитетот на здравствената грижа и ја поткопува довербата во здравствениот систем. Ова упатува на итна потреба од воведување на специјализирани обуки и програми за развој на комуникациски и етички вештини кај здравствените професионалци.

Постои широко распространето убедување дека лицата со попреченост, поради специфичните здравствени и логистички предизвици со кои се соочуваат, треба да уживаат повисок степен на поддршка и олеснет пристап до специјалистички здравствени услуги. Приоритетното закажување не само што би придонело за навремен третман, туку и би претставувало конкретен израз на еднаков пристап до здравствена заштита во согласност со принципите на социјална правда и инклузија.

Постои сериозен недостаток во системот на поддршка за лицата со попреченост, особено во доменот на континуираната рехабилитација, која е клучна за одржување и унапредување на функционалната состојба и вкупниот квалитет на живот. Потребно е да се преземат чекори за унапредување на достапноста и капацитетот на рехабилитациските сервиси, како и за нивна подобра територијална распределеност. Во оваа насока мора да се потенцира и недоволната информираност за достапните рехабилитациски услуги што претставува значајна бариера за нивно користење и директно влијае врз процесот на рехабилитација и интеграција на лицата со попреченост.

Податоците говорат за постоење на одреден степен на етички однос и свест кај здравствениот кадар, но истовремено и на недоволен континуитет во обезбедувањето на хуман и достоинствен третман. Почитувањето на достоинството е суштинска компонента на квалитетната здравствена грижа, особено кога станува збор за ранливи групи како што се лицата со попреченост.

Сериозните разлики меѓу правната рамка и практичната примена на законите укажуваат на проблеми со кои се соочуваат лицата со попреченост бидејќи не добиваат соодветна институционална заштита.

4. ДИСКУСИЈА

Наодите од ова истражување се усогласуваат со резултатите од други национални и меѓународни студии кои укажуваат на постоење на структурни и организациски бариери во пристапот до здравствени услуги за лицата со попреченост. Според студијата на СЗО и Владата на Северна Република Македонија (2024), лицата со попреченост во земјата се соочуваат со недостаток на медицински помагала, долги листи на чекање и чувство на дискриминација при користење на здравствени услуги. Овие наоди се во согласност со резултатите од нашето истражување, каде испитаниците, исто така, истакнаа слични предизвици.[11]

Меѓународно, Глобалниот извештај на СЗО за здравствена еднаквост на лицата со попреченост (2022) нагласува дека овие лица имаат поголема веројатност да доживеат неправеден третман во здравствениот систем, што води до полоши здравствени исходи. Овој извештај препорачува 40 конкретни мерки за подобрување на здравствената еднаквост, вклучувајќи и едукација на здравствениот кадар и подобрување на пристапноста.[12]

Дополнително, анализата на УНИЦЕФ за правата на лицата со попреченост во Северна Македонија (2021) укажува дека, и покрај ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со

11 Koller TS, Janeva JK, Ognenovska E et.al, 'Towards Leaving No One Behind in North Macedonia: A Mixed Methods Assessment of Barriers to Effective Coverage with Health Services' (2024) 23 International Journal for Equity in Health 58 *https://doi.org/10.1186/s12939-023-02082-3*

12 World Health Organization, Global Report on Health Equity for Persons with Disabilities (2022) *https://www.who.int/publications/i/item/9789240063600*

попреченост, постојат значителни предизвици во нејзината имплементација, особено во делот на здравствената заштита.[13]

Овие споредбени анализи ја потврдуваат потребата од системски пристап во решавањето на бариерите со кои се соочуваат лицата со попреченост во здравствениот систем.

Препораките вклучуваат:

- **Континуирана едукација** на здравствениот кадар за правата и потребите на лицата со попреченост.
- **Подобрување на инфраструктурната и комуникациската пристапност** во здравствените установи.
- **Вклучување на лицата со попреченост** во процесите на донесување одлуки и креирање политики.

Само преку интегриран и инклузивен пристап може да се обезбеди здравствен систем кој ги почитува и унапредува човековите права на сите граѓани, без оглед на нивната функционална способност.

ЗАКЛУЧОК

Резултатите од ова истражување јасно покажуваат дека, и покрај напредокот во законската регулатива и зголемената јавна свест, лицата со попреченост и натаму се соочуваат со бариери во остварувањето на своите основни човекови права во здравствениот систем. Недоволната пристапност, несоодветната комуникација со здравствените работници, како и отсуството на индивидуализиран пристап, укажуваат на структурна нееднаквост која го компромитира нивното достоинство и правото на еднаков третман.

Истовремено, истражувањето открива дека дел од испитаниците доживеале позитивни искуства, што упатува дека постојат здравствени професионалци кои проактивно ги применуваат етичките принципи и се стремат кон инклузивна пракса. Сепак, овие искуства не се доволни за да се надмине системскиот недостиг на сензитивност и функционални решенија кои ќе обезбедат целосна интеграција на лицата со попреченост во здравствениот систем.

Затоа, се наметнува потребата од воведување континуирани едукативни програми за здравствените работници, институционални протоколи што гарантираат недискриминација и достапност, како и ефективни механизми за заштита на човековите права во здравствениот третман. Само преку мултисекторски и холистички пристап, може да се обезбеди систем во кој лицата со попреченост ќе бидат третирани со целосна почит, достоинство и еднаквост, во духот на современите етички и човеково-правни стандарди.

(Авторот е магистер, вработен во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски“ – Битола,)

13 UNICEF, Situational Analysis of the Rights of Persons with Disabilities in the Republic of North Macedonia (December 2022) *https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/situational-analysis-rights-persons-disabilities-republic-north-macedonia*

МЕЃУ ЗАКОНОТ И ТРАУМАТА: ПСИХОЛОШКА АНАЛИЗА НА СЕКУНДАРНАТА ВИКТИМИЗАЦИЈА

Практиката покажува дека формалното постоење на правни одредби не е доволно доколку не се следи со конкретна институционална реакција, адаптирана кон психолошката состојба на жртвите. За надминување на овој сериозен проблем, неопходно е судовите, обвинителствата и полицијата системски да применуваат посебни мерки за заштита, да ангажираат психолози при испитување и да овозможат технички услови што ќе спречат дополнителна траума. Од друга страна, жртвите и нивните застапници мора да бидат проактивни во барањето на тие права, да пријавуваат институционални пропусти и да користат стручна психолошка поддршка уште од првичната фаза на постапката. Ова би било особено важно доколку стане задолжителна практика

АНА НИКАЧ

„Жртвите на траума не можат едноставно да ја

раскажат својата приказна освен ако не се чувствуваат

безбедно и поддржано. Без такви услови, сеќавањето станува

фрагментирано, изобличено или целосно недостапно.“

(Bessel A. van der Kolk, 2014, p. 223)

АПСТРАКТ

Во фокусот на овој труд се става прашањето како правосудниот систем се однесува кон жртвите на трговијата со луѓе и дали постапувањето навистина обезбедува заштита или, напротив, создава нови облици на страдање. Се поставува хипотеза што се анализира преку пресек на правната и психолошката перспектива, при што се разгледуваат пресуди од домашната судска практика и на Европскиот суд за човекови права.

Посебно внимание се посветува на улогата на психолошката доктрина, со цел да се идентификуваат институционалните слабости и да се нагласи потребата од чувствителен пристап кон жртвите. Трудот ја афирмира важноста од интегрирање на психолошката експертиза во сите фази од постапката, како услов за вистинска и хумана правда.

Клучни зборови: виктимизација, институции, психолошка заштита, траума.

ВОВЕД

Трговијата со луѓе претставува тежок облик на организиран криминал со сериозни последици врз менталното здравје и достоинството на жртвите. Покрај примарната виктимизација, тие често се изложени и на секундарна виктимизација, повторна психолошка траума предизвикана од несоодветно институционално постапување. Според психологијата, тоа може да доведе до развој на нарушувања како PTSD, хронична анксиозност и *dissociatio psychologica*, „состојба во која личноста, најчесто поради траума, привремено го губи чувството за реалност, идентитет или сеќавање“[1].

Истражувањата во судската психологија укажуваат дека повторното сведочење, испитување без соодветна поддршка и игнорирањето на емоционалната состојба на жртвите, претставуваат сериозен ризик за нивната психолошка стабилност. Ваквите појави не се само стручни пропусти, туку индиректна повреда на човековите права, особено во контекст на член 4 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП).

Во таа насока трудот поставува водечка хипотеза: *Неспроведувањето на психолошки информирани и сензибилизирани постапки од страна на институциите води до секундарна виктимизација кај жртвите на трговијата со луѓе, што претставува индиректна повреда на член 4 од Европската конвенција за човекови права.*

Оваа хипотеза ќе биде испитана преку анализа на психолошките реакции на жртвите, практичните слабости на институциите и релевантната судска практика во национален и европски контекст.

1 Bremner, J. D. Trauma, memory, and dissociation: An integrative formulation. (1999). American Journal of Psychiatry, p. 365-366.

1. ПСИХОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА И НЕЈЗИНАТА ВРСКА СО ПРАВОТО

Психологијата, како наука која ги проучува психичките процеси, однесувањето и личноста во нивната вкупност, претставува алатка во разбирањето на дејствијата и состојбите поврзани со криминалитетот, виктимизацијата и институционалното постапување. Низ специјализираната гранка *forensis psychologia*, се воспоставува директна поврзаност со правото, особено преку проценатa на пресметливоста, свесноста, можноста за сведочење и капацитетот за разбирање на последиците.

Во стручната литература е јасно посочено дека „не е пресметлив сторителот којшто во времето на извршување на кривичното дело не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки“[2]. Иако дефиницијата се однесува на сторителот, нејзината логика е применлива и кај жртвите, особено во фазата на нивното сведочење[3]. Ако жртвата се наоѓа во состојба на привремена психичка дезорганизација или е под влијание на трауматски реперкусии, нејзиниот исказ може да биде психолошки обременет и несоодветно перципиран од институциите.

Ваквиот пристап добива посебно значење во ситуациите каде што жртвите се изложени на секундарна виктимизација, особено преку репетитивни, нестручни испрашувања и недоволно хумана процесна поддршка. Психолошката анализа на функционирањето на сетилната перцепција потврдува дека „од сетилните органи создадените надразби, преку центрипеталните нервни влакна, стигнуваат до кората на големиот мозок каде што се создаваат квалитативно различни психички феномени“.[4]

Во таа насока, историскиот развој на концептот на дисоцијација укажува дека личноста, кога се соочува со интензивна траума, може да функционира преку повеќе автономни психолошки субсистеми. Одделени аспекти на нејзината психичка структура можат да се активираат или повлечат во различни моменти, што доведува до фрагментирано доживување на реалноста[5]. Ваквата психолошка состојба сериозно го нарушува капацитетот за давање јасен, доследен и логички поврзан исказ и мора да биде препознаена и земена предвид од институциите при секое постапување со жртви на кривични дела.

Литературата укажува дека во судско-медицинската и судско-психијатриската пракса, „во кривичната постапка, по правило, се вештачат квалитативните промени на свеста зашто вршењето кривични дела во состојби на квантитативно изменета свест (сомноленција, сопор, кома) се исклучително ретка појава“[6]. Ова значи дека системот, најчесто, се фокусира на патолошките пореметувања на сторителот, додека воопшто не се вклучува проценатa на менталната состојба на жртвите при давањето исказ, што е сериозен пропуст во смисла на спречување на секундарна виктимизација[7].

Анализата на нарушувањата на свеста покажува дека „најчести се делириумот, психомоторната епилепсија, афективната растроеност и органски предизвиканите психози“[8], состојби што воопшто не се земаат предвид при распитот на жртвите. Токму овие моменти треба да бидат централни во секоја процена од страна на институциите, со што се обезбедува минимизирање на повторната психолошка штета и исполнување на позитивните обврски според член 4 од ЕКЧП.

---

2 Камбовски, В. (2016). Коментар на кривичниот законик. Матица. Скопје, стр. 183-196.

3 Новотни, Љ. Судска психијатрија. (1998). Студентски збор, стр. 35.

4 Ibid, стр. 79.

5 Spiegel, D., & Cardeña, E. Dissociation: Culture, mind, and body. (1997). Washington, DC: American Psychiatric Press, стр. 5.

6 Supra note 3, стр. 73.

7 Маљановски, К. Судска психологија со психопатологија, (2017). Фондација Албиз, стр. 163.

8 Supra note 3. стр. 74.

2. ЖРТВАТА НА КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА НИЗ ПСИХОЛОШКИОТ ОБЈЕКТИВ

Кога жртвата на трговијата со луѓе се соочува со систем што треба да ја заштити, но истовремено ѝ создава нова психолошка тежина, прашањето престанува да биде само правно. Стравот, прекинатото чувство на контрола и недовербата кон институциите ја прават нејзината положба далеку посложена од тоа што го предвидуваат законските решенија.

Член 53 од Законот за кривичната постапка ѝ признава на жртвата право да учествува како оштетена, право на посебна грижа и право на стручна поддршка. Но, без вистинска примена, таа останува само „процесен субјект" во повторен круг на виктимизација. *Traumatis personae*, односно трауматизираната личност, не може да одговори на очекувањата на судската постапка без соодветна заштита.

Член 54 предвидува посебни мерки за загрозени и особено чувствителни жртви. Тоа се лица чие сведочење, без адаптирана средина и психолошка поддршка, може да предизвика дополнителна штета. Судот, особено кај деца, мора да примени технички и процесни мерки за нивна заштита. Но, овие мерки често се разбираат само како формалност, наместо како прашање на емпатија и грижа.

Член 55 ја нагласува заштитата на жртвите на дела против половата слобода и човечноста. Тие имаат право да одбијат прашања што не се однесуваат на самото дело. Примената на начелото *respectus personae*, односно почит кон личноста, подразбира институции што препознаваат траума, а не само бараат исказ.

Според член 56, жртвата која не била известена за своите права може самостојно да се пријави како оштетена. Но, во пракса, тоа често доаѓа предоцна. Кога жртвата останува без информации и без водство, таа не се чувствува како носител на право, туку како бројка во административна постапка[9]. Тоа води до чувство на изолираност и повторна виктимизација.

Законот формално нуди рамка за заштита, но без психолошка експертиза и суштинска примена, системот останува недостапен за оние што најмногу имаат потреба од него. Психологијата не треба да биде придружен елемент, туку основен дел од правичната постапка.

3. ЗАКОНОТ НАСПРОТИ ПРАКСАТА НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА: ПСИХОЛОШКА ДОКТРИНА

Иако домашното законодавство, преку членовите 53 и 54 од Законот за кривичната постапка, како и член 15 од Директивата 2011/36/EU, изрично предвидува задолжителни мерки за заштита на посебно чувствителните жртви, судската пракса сè уште се движи во границите на фрагментарна и неконзистентна примена. Тоа отвора сериозни прашања за ефикасноста на заштитниот механизам, особено во светло на психолошките импликации врз децата како сведоци.

Од аспект на когнитивно-бихевиоралната психологија, децата-жртви развиваат адаптивни одбранбени механизми кога се соочени со повторно сведочење за трауматичен настан. Испитувањето во судски услови, без примена на технички средства и без адекватна поддршка, може да предизвика повторна активација на трауматската матрица, што во когнитивна смисла доведува до појава на блокади во меморијата, конфузија, контрадикторни искази и избегнувачко однесување. Токму такви појави се евидентирани во анализираните пресуди.

Во Пресудата КОК бр. 92/18, Судот, следејќи го член 54 од ЗКП и насоките од претходната постапка, ја уважил ранливоста на детето со ментална попреченост и го репродуцирал снимениот ис-

9 Закон за кривична постапка. Службен весник на РСМ, бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016, 198/2018, 150/2021. (Глава V жртва, оштетен и приватен тужител).

каз. Ова е позитивен пример на системска заштита, при што институцијата покажала разбирање за когнитивната нестабилност и можноста за повторна виктимизација. Притоа, применетата мерка е во согласност со принципот *non nocere* „да не се наштети", што е основа во психолошката и медицинската практика.

Во останатите пресуди се забележува сериозен недостаток во доследна примена на тие мерки. Во дел од предметите децата биле повикани да ги потврдат своите искази без никаква психолошка поддршка, што во когнитивно-бихевиорален контекст ја интензивира чувствителноста на сведочењето и го нарушува чувството на безбедност. Во други случаи, воопшто нема информации за начинот на испитување, што укажува на институционална незаинтересираност за психичката благосостојба на жртвата.

Особено важен е случајот КОК бр. 73/10, каде Судот, следејќи ја проценатa на психологот и полномошникот, избегнал директен визуелен контакт меѓу жртвата и обвинетите. Ова е пример на процесна свесност дека контра-фронтација со сторителот може да предизвика повторно активирање на траумата, што когнитивната психологија го препознава како „тригерирање на закана", проследено со зголемена анксиозност, па дури и дисоцијативни реакции.

Наспроти тоа, во случајот КОК бр. 53/14, жртвата дала нов исказ осум години по настанот, без да и биде овозможена заштита преку технички средства. Психолошката експертиза нотирала зголемен емоционален товар и анксиозност, што е директна последица од отсуство на соодветна грижа од страна на институциите.

Во пресудата КОК бр. 18/15, малолетната Е.У. го променила својот исказ, негирајќи претходна злоупотреба. Судот го прифатил нејзиниот прв исказ како веродостоен, повикувајќи се на потенцијален психолошки или надворешен притисок. Ова укажува на индиректно признавање дека психолошката состојба може да влијае врз конзистентноста на исказот, иако во конкретниот случај не била обезбедена заштита што би го спречила тоа влијание.[10]

Ако системот не ја разбере важноста на психолошката динамика во сведочењето, тогаш секоја нормативна заштита останува само декларативна. Когнитивно-бихевиоралниот пристап укажува дека правдата не се постигнува само со осуда на сторителот, туку и со грижа за менталната стабилност на жртвата. Без тоа, процесот нема целосна легитимност.

4. СУДСКАТА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НИЗ ПРАВНИОТ И ПСИХОЛОШКИОТ ПРИСТАП

4.1. RANTSEV V. CYPRUS AND RUSSIA (APPL. NO. 25965/04)

Овој случај е преседан во афирмирањето на членот 4 од ЕКЧП во транснационален контекст. Жртвата, руска државјанка, била регрутирана под лажно ветување за работа, а завршила во состојби на сексуална експлоатација на Кипар, каде и починала под неразјаснети околности. Судот утврди одговорност на Кипар за недоволна институционална реакција и на Русија за пропуст во спречување и истрага[11].

Од психолошки аспект, неспроведувањето на итна заштита во услови каде се присутни очигледни индикатори на трговија со луѓе, претставува институционално игнорирање на ризиците од секундарна виктимизација. Недостигот од психолошка процена и несензибилизирана реакција доведоа до фатален исход. Оваа пресуда првпат го вгнездува поимот „еквивалентно на ропство" во правната интерпретација и утврдува стандарди за идентификација, превенција и ефективна истрага.

10 Здравкова И, Лажетиќ Г. Правата на жртвите на трговија со луѓе во судските постапки (2020), Совет на Европа. *https://rm.coe.int/hf29-research-thb-mkd/16809f035d*

11 Rantsev v. Cyprus and Russia App.no.25965/04 (ECHR, 7 January 2010).

4.2. T.I. AND OTHERS V. GREECE (APPL. NO. 40311/10)

Случајот се однесува на жртви на сексуална експлоатација во Грција, кои биле идентификувани како жртви на трговија со луѓе, но државата постапувала бавно и неефикасно. Судот утврди повреда на членот 4 поради институционална инертност, посебно во ситуации кога меѓу обвинетите имало и државни службеници[12].

Од психолошка перспектива, одложеното процесуирање на случајот го продлабочува чувството на несигурност и создава хронична анксиозност кај жртвите. Психологијата укажува дека долготрајна правна неизвесност ја нарушува трауматската интеграција, а недостатокот од психолошка поддршка го зголемува ризикот од retraumatizatio – повторна траума предизвикана од институционално однесување.

4.3. S.M. V. CROATIA (APPL. NO. 60561/14, GRAND CHAMBER)

Предметот се однесува на обвинувања за присилна проституција, при што Судот утврди дека хрватските власти не ја исполниле својата истражна обврска. Особено значајно е што националниот суд ја дисквалификувал изјавата на жртвата како „неконзистентна“, без психолошка евалуација[13].

Оваа пресуда претставува суштински исчекор во препознавањето на ефектите на траумата врз когнитивната и комуникативната способност на жртвата. Судот експлицитно бара психолошката состојба да биде земена предвид при оценката на искази, со што се вградува концептот на „trauma-informed justice“, правда заснована врз разбирање на психолошката природа на страдањето.

4.4. L.E. V. GREECE (APPL. NO. 71545/12)

Во овој случај, ЕСЧП констатираше повреда на членот 4 и членот 6 став 1 од ЕКЧП, поради сериозни доцнења во препознавањето и третманот на жртвата. Деветмесечното доцнење за признавање на нејзиниот статус и бавното водење на постапката беа оценети како институционална недоволна грижа[14].

Психолошкиот импакт од ваквиот однос е длабок: жртвата останува во состојба на правна и лична неизвесност, што го инхибира процесот на психичка стабилизација. Судот ги поврза процесните права со менталната состојба на жртвата, нагласувајќи дека одложената правда во овие случаи може да има последици еднакви на неисполнување на правото на заштита.

ЗАКЛУЧОК

Анализата недвосмислено ја потврдува поставената хипотеза: *неспроведувањето на психолошки информирани и сензибилизирани постапки од страна на институциите води до секундарна виктимизација кај жртвите на трговијата со луѓе, што претставува индиректна, но реална повреда на членот 4 од Европската конвенција за човекови права*. Практиката покажува дека формалното постоење на правни одредби не е доволно доколку не се следи со конкретна институционална реакција, адаптирана кон психолошката состојба на жртвите.

За надминување на овој сериозен проблем, неопходно е судовите, обвинителствата, полицијата, како и центрите за социјална работа системски да применуваат посебни мерки за заштита, да ангажираат психолози при испитување и да овозможат технички услови што ќе спречат дополнителна траума.

---

12 T.I. and Others v. Greece App.no.40311/10 (ECHR, 18 July 2019).

13 S.M. v. Croatia App.no. 60561/14 (ECHR, 19 July 2018).

14 L.E. v. Greece App.no. 71545/12 (ECHR, 21 January 2016).

Од друга страна, жртвите и нивните застапници мора да бидат проактивни во барањето на тие права, да пријавуваат институционални пропусти и да користат стручна психолошка поддршка уште од првичната фаза на постапката. Но, ова би било особено важно доколку стане задолжителна практика, во смисла на тоа, како што се укажуваат задолжително правата на осомничените/обвинетите од институциите, така да се укажуваат ваквите права и на жртвите, веднаш по пријавата од нивна страна. Само преку заемно ангажирање и холистички пристап може да се спречи повторната виктимизација и да се обезбеди правда што навистина штити.

(Авторката е дипломиран психолог)

МЕЃУ ЖРТВАТА И ПРАВОТО: ПРЕВЕНЦИЈАТА НА СЕКУНДАРНАТА ВИКТИМИЗАЦИЈА - ПАТ ОД РАНЛИВОСТ КОН ПРАВДА

Секундарната виктимизација не е само комплициран термин. Судскиот процес не треба да биде само инструмент за казна, туку и инструмент за обновување на достоинството и правата на една жртва. Само објективно познавање на обемот на виктимизација ќе овозможи не само да се создаде сигурна слика за криминалот, туку и ефикасно да се организираат превентивни активности за спречување на појавата на секундарна виктимизација.

АНА МАРИЈА НИКОЛОВСКА

АПСТРАКТ

Обвинувањето на жртвата, несоодветното однесување или коментарите дадени кон жртвата од здравствените работници или други професионалци или какви било други дејства што го зголемуваат страдањето на жртвата, сето тоа е секундарна виктимизација. Тоа е една од главните причини зошто жртвите кои доживеале насилство не се секогаш подготвени да бараат правда. Трудот ја истражува важноста од спречување на секундарна виктимизација на жртвите во институционалните активности со цел да се изнајдат практични насоки за примена на резултатите од истражувањето во оваа област. Истражувањето ги елаборира насоките за спречување на оваа појава, поврзани со подобрување на организацијата на службите за спроведување на законот, како и проучување на причините и условите кои придонесуваат за појава на секундарна виктимизација на жртвите.

Клучни зборови: жртва, правда, право, превенција, секундарна виктимизација.

ВОВЕД

Жртва на кривично дело е лице кое претрпело физичка, морална или имотна штета од незаконито дејствие.[1] Во општеството постои негативен општествен феномен кој има за цел да ја префрли вината од криминалецот врз жртвата преку осуда на жртвата за таканаречено „неприфатливо, неморално или несовесно однесување“, а тоа врши дополнителен притисок врз оштетената страна.

Виктимизација (од лат. victima - жртва)[2] е процес со кој едно лице станува жртва на кривично дело. Виктимизацијата е вториот (по „жртвата“) централен виктимолошки концепт. Има двојно значење. Прво, тоа значи самиот процес на претворање на потенцијалната жртва во вистинска и, второ, конечниот и кумулативен резултат на штетата предизвикана во нејзините различни форми на индивидуално и масовно ниво. Виктимизацијата е процес и резултат на претворање на личноста во жртва на кривично дело.

Во зависност од нивото на интеракција меѓу криминалот и виктимизацијата, неговото времетраење и односите објект-субјект, се разликуваат следниве видови виктимизација: примарна, секундарна и терцијарна.

Примарната виктимизација се подразбира како предизвикување материјална, физичка, морална и друга штета на жртвата директно во процесот на извршување на кривично дело. Секундарната виктимизација вклучува случаи на индиректна повреда на жртвата, поврзана со односот кон жртвата од општествената заедница како целина и од поединци од непосредната социјална средина. Предрасудите кон жртвата, грубиот, невнимателен третман и негативниот однос кон неа како личност која на некој начин се извалкала себеси, понижувањето на нејзината чест и достоинство, сочинуваат список на типични форми на секундарна виктимизација. Терцијарната виктимизација на жртвата на кривично дело се манифестира не само во употребата на жртвата од страна на службениците за спроведување на законот и медиумските работници за свои цели, туку и предизвикување или закана за нанесување штета на жртвата во врска со неговото или нејзиното учество во кривичната постапка.

1 United Nations General Assembly, ‘Declaration of Basic Principles of Justice for Victims of Crime and Abuse of Power’ (29 November 1985) A/RES/40/34.

2 Van Dijk, Jan. «Galona’s review of victim labelling theory: A rejoinder.» International review of victimology 25.1 (2019): 125-131.

1. СЕКУНДАРНА ВИКТИМИЗАЦИЈА ИЛИ ПОВТОРНА ТРАУМА ЗА ЖРТВИТЕ

Во делот од криминологијата, како виктимологијата, кој ја проучува физичката и менталната состојба и однесувањето на жртвите на незаконски дејствија, се разликуваат концептите на секундарна и терцијарна виктимизација. Секундарната виктимизација настанува кога, покрај примарната, односно негативните емоционални последици од самиот факт на извршување на кривично дело, жртвата може повторно да биде подложна на морални и етички осуди во однос на она што се случило. Имено, тоа е индиректно предизвикување морална штета поврзана со ставот на околината на одредена жртва, како и општеството како целина.

Станува збор за повторување на виктимизацијата и за тоа како нечувствителноста на полициските службеници, вработените во другите служби, па дури и судиите, доведува до тоа жртвите кои доживеале насилство да одбијат да ги контактираат институциите должни за спроведување на законот. Таквата виктимизација е индиректна штета којашто може да ѝ се нанесе на жртвата за време на работата со институциите за спроведување на законот, адвокатите, форензичките експерти, но и лекарите. Истото вклучува стереотипен, груб и негативен став, понижување на честа и достоинството на една жртва. Прашањето *„Што носеше кога те нападнаа?“* е, исто така, еден пример за секундарна виктимизација.[3] [4]

Со цел да назначи јавна цензура и притисок кон жртвата на кривично дело или друг престап, американскиот психолог Вилијам Рајан во научната циркулација воведе посебен термин - „виктимблејм“ (обвинување на жртвата).[5]

Жртвите неретко одбиваат да ги контактираат институциите за спроведување на законот затоа што немаат доверба во системот и сметаат дека сторителот нема да се соочи со вистинска казна. Поради тоа, официјалната статистика не ја покажува реалната слика за насилството.

Комитетот на министри на Советот на Европа во април 2011 година ја усвои Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство и Македонија беше меѓу првите земји кои ја потпишаа.[6] По притисок од граѓанските организации истата е ратификувана во декември 2017 година и стапи на сила во јуни 2018 година.[7] И покрај тоа, во праксата, наместо санкционирање на сторителите, честопати се иницираат процеси на помирување меѓу жртвата и насилникот, што е строго забрането со Конвенцијата. Исто така, институционалните пропусти ретко се санкционираат, а истрагите, пак, се неретко компромитирани од политички влијанија.[8]

Со самото тоа, кај жртвите се јавува дилема дали да го пријават кривичното дело. Самото учество во кривичната постапка кај нив може да предизвика дополнителна психолошка траума.[9] Ниските стапки на пријавување насилство до институциите за спроведување на законот доведуваат до неказнивост на криминалците и зголемена виктимизација на населението. Тоа има негативно влијание врз состојбата со криминалот поради неказнивоста на криминалците и не дозволува развој на ефективни превентивни мерки. Излегува дека сето тоа е маѓепсан круг во кој повеќето жртви на насилство не бараат помош од институциите, нема податоци за реалната

3 Birns, Joanna. "What were you wearing?": Victimization of Sexual Assault Victims at Cal Poly." (2018).

4 Fairchild, Kimberly. ""But look at what she was wearing!": Victim blaming and street harassment." Gender, Sex, and Politics. Routledge, 2015. 22-32.

5 Schoellkopf, Julia Churchill. "Victim-blaming: A new term for an old trend." (2012).

6 Council of Europe, Council of Europe Convention on Preventing and Combating Violence against Women and Domestic Violence (Istanbul Convention) (Council of Europe, 2011).

7 Council of Europe, 'Chart of signatures and ratifications of Treaty 210' (Council of Europe, 2018).

8 Balkan Insight, 'Accomplices to Crime: North Macedonia's Domestic Violence Victims Feel Betrayed by Institutions' (Balkan Insight, 23 May 2023).

9 Orth, U. Secondary Victimization of Crime Victims by Criminal Proceedings. Social Justice Research, 2002, vol. 16.

состојба со насилството врз жртвите и е невозможно да се развијат ефективни превентивни мерки за секундарната виктимизација.

2. ПРЕВЕНЦИЈА НА СЕКУНДАРНАТА ВИКТИМИЗАЦИЈА

Во социјалната работа, како една од централните вредности, се јавува постојаната поврзаност меѓу теоријата и практиката.[10] Тоа е исклучително важно кога се зборува за теми како што е секундарната виктимизација. Тоа е тема каде што не може да се работи само на ниво на апстрактни концепти и потребна е реална промена во институционалните пристапи. Со тоа, превенцијата на секундарната виктимизација мора да биде поддржана од емпириски сознанија кои, пак, треба да се користат како основа за конкретни подобрувања во системот на социјална и институционална поддршка за жртвите, а особено на децата. За да се намали ризикот и да се превенира секундарната виктимизација, важно е институциите да развијат стратегии кои обезбедуваат поддршка пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка. Тука спаѓаат: воведување на соодветни казнени, процедурални и психолошки мерки во правосудниот систем.

Жртвите често се соочуваат со недоверба и страв од институциите, што може да се надмине само со долгорочна посветеност и постојано усовршување на социјалните работници и службениците кои се во првата линија.[11] Особено важен е односот на самите институции кон жртвата кога станува збор за патријархалната култура која, неретко, придонесува за нормализација на виктимблејмингот од страна на службените лица, но и од страна на јавноста.[12][13] Важно е правосудните институции да ја разберат динамиката на посттрауматското искуство, а со тоа да се обезбеди целосна правда за жртвите.

Во судската практика во Јогјакарта се применуваат практики како: испитување во затворена просторија, користење на „простории за релаксација“, изолирање на сторителот при сведочење и дозвола за видео-конференциско сведочење - се со цел да се заштити достоинството и менталната состојба на жртвата.[14] Но, и покрај овие формални заштити, реалноста покажува дека дел од судиите не реагираат на дискриминаторските изјави на учесниците во постапката, за што е потребна подлабока едукација и надзор.

Најважно од сè е жртвите да имаат пристап до јасна, достапна и континуирана правна и психолошка поддршка. Тоа опфаќа разбирање на нивните права, фазите на постапката, можностите за заштита и поддршка при закани и објаснување на правната терминологија која, често, претставува дополнителен извор на страв и конфузија.[15]

Неопходно е да се воспостават и процедури кои нема да ги потиснат правата на обвинетиот, но истовремено ќе овозможат зголемена правичност за жртвата. Изјавите за влијание врз жртвата овозможуваат таа да го искаже својот став пред судот, без притоа да се наруши начелото на фер постапка.[16][17]

---

10 Staub-Bernasconi, S. Soziale Arbeit als Handlungswissenschaft. Bern: Haupt Verlag, 2007.

11 Brown, D. J. Working the System: Re-Thinking the Institutionally Organized Role of Mothers and the Reduction of “Risk” in Child Protection Work. Social Problems, 2006, vol. 53, no. 3, pp. 352–370.

12 Syahbur, D. F., Martha, A. E., Rizqia, G. P. Prevention of Secondary Victimization for Victims of Sexual Violence in Court Proceeding. Contemporary Issues in Criminal Law, 2024, vol. 1, no. 1, pp. 19–36.

13 Latra Wijayanti, S. T. P., Suarya, M. K. S., Luh, M. K. S. Fenomena Victim Blaming Pada Korban Kekerasan Seksual: Kajian Literatur. Psychopolytan: Jurnal Psikolog, 2023, vol. 7, no. 1.

14 Supra note 12.

15 Bennett, L., Goodman, L., Dutton, M. A. Systemic Obstacles to the Criminal Prosecution of a Battering Partner. Journal of Interpersonal Violence, 1999, vol. 14, no. 7, pp. 761–772.

16 Erez, E., Tontodonato, P. The Effect of Victim Participation in Sentencing on Sentence Outcome. Criminology, 1992, vol. 30, no. 3, pp. 513–541.

17 Kelly, L., Erez, E. Victim Participation in the Criminal Justice System. International Review of Victimology, 1997, vol. 4, no. 3, pp. 203–215.

Автоматското зголемување на казните, кога станува збор за казнената политика, не се препорачува како средство за „утеха“ на жртвите. Напротив, истражувањата покажуваат дека фер и правичната постапка има подлабок ефект и задоволство кај нив, отколку строгоста на казната.[18][19] Жртвите, често, имаат потреба за симболично признавање на нивната болка, за компензација, за изразување каење од страна на сторителот и за можност за јавно сведочење за последиците од делото.

Една од главните алатки во превенирањето на секундарна виктимизација е развивањето на емоционалната интелигенција кај професионалците, а тоа, пак, вклучува активно слушање, емпатија и ненасилна комуникација.[20] Овие пристапи не се само „додаток“, туку се основа за градење доверба меѓу жртвите и системот. Прашањата од страна на полициски службеници и обвинители како: *„Дали ти беше пријатно додека се случуваше нападот?“* или *„Зошто пријавуваш дури сега?“*, само го поткопуваат менталното здравје на жртвите, а можат и да предизвикаат повторна траума, па дури и суицидални мисли.[21][22] Поради несоодветниот третман од страна на полицијата, медицинскиот персонал и социјалните служби, голем број од жртвите се чувствуваат „повторно силувани“.[23] Терапевтите кои работат со овие жртви забележуваат дека овие искуства ја продлабочуваат траумата и не помагаат во процесот на подобрување.

3. ОПШТИ ВИКТИМОЛОШКИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

Меѓу мерките кои треба да се преземат е изработка и дистрибуција на специјални летоци – предупредувања за жртвите како да се заштитат од дополнителна штета при контакт со институциите. Потребно е информирање на граѓаните преку медиумите за важноста која ја имаат почитувањето и поддршката на жртвите, а избегнување осуда, стигматизација и префрлање на вината врз нив. Давањето практична помош на жртвите при користењето на институционалните услуги (обезбедување на придружба од правен застапник, психолог, социјален работник и слично) е исто така подеднакво значајно. Неизоставен дел е и проверката и преземањето мерки за безбедно, доверливо и соодветно насочување на жртвите во полициски станици, судови и други институции. Покрај тоа, потребно е и водење насочени разговори со самиот институционален персонал (полиција, здравствени работници, социјални служби и слично) за правилен пристап со жртвите и избегнување неадекватни прашања, осуда или недоверба.

Дополнително, потребно е да се развиваат упатства и методи за вработените во институциите за внатрешни работи и другите овластени тела за работа со жртвите на криминал. Инструкциите и методите може да вклучуваат поедноставување на процедурите и намалување на времето кое едно лице мора да го потроши за контакти со полициски службеници или претставници на други служби, обезбедување на почитување на оние што контактираат со нив, нивната доверливост и задолжително информирање на жртвите за нивните права и главните фази на случајот. Потребни се нови стандарди и упатства за работа со жртвите на родово засновани кривични дела, а полициските службеници мора да бидат во контакт со психолози, социјални работници и други лица кои мора да им помогнат на жртвите. Зајакнувањето на државната поддршка за создавање засолништа, кризни центри и центри за рехабилитација за жртви на криминал, вклучително и преку државната програма за социјални набавки, е исто така важно. Покрај тоа, неопходно е независните социолошки институции редовно да спроведуваат длабински студии за искуствата

18 Supra note 9.

19 Smith, B. E., Hillenbrand, S. W. Making Victims Whole Again: Restitution, Victim-Offender Reconciliation Programs, and Compensation. Bo: Davis, R. C., Lurigio, A., Skogan, W. (eds). Victims of Crime, 2nd ed., Sage, Thousand Oaks, 1999.

20 Keeling, J., Wormer, K. Social Worker Interventions in Situations of Domestic Violence: What We Can Learn from Survivor's Personal Narratives? The British Journal of Social Work, 2012, vol. 42, no. 7, pp. 1354–1370.

21 Yang, S. B., Choi, S. S., Chang, H. Y., Kim, D., Lee, Y., Lim, M. H. Central Symptoms of Post-Traumatic Stress Disorder on Adult Victims of Sexual Violence: A Network Analysis. Medicine (United States), 2023, vol. 102, no. 27, E34083.

22 Parsons, J., Bergin, T. The Impact of Criminal Justice Involvement on Victims' Mental Health. Journal of Traumatic Stress, 2010, vol. 23, no. 2, pp. 182–188.

23 Campell, R., Raja, S. The Sexual Assault and Secondary Victimization of Female Veterans. Psychology of Women Quarterly, 2005, vol. 29, no. 1, pp. 97–106.

на жртвите во контактот со институциите за да се идентификува реалната состојба со стапката на криминал.

4. ВИКТИМОЛОШКИ ПРЕПОРАКИ

Значајно место во развојот на превенција на секундарна виктимизација заземаат препораките за оптимално однесување во такви ситуации. Потребно е да се избегне изложување на повторна траума преку предетално и пречесто прераскажување на самиот настан. Жртвите во текот на институционалните процедури треба да побараат почитување на нивните права, како и правото на пристојно постапување, приватност и информираност за текот на самата постапка. Тие треба да се охрабрат да реагираат во ситуации кога ќе се соочат со сомнително или неетичко однесување од страна на службени лица. Можат да побараат замена на службеното лице доколку постои таква можност или да поднесат жалба. Подеднакво важно е и информирањето на жртвите дека тие не се должни да користат одредени механизми и постапки, како што е медијација со напаѓачот, доколку сметаат дека тоа би ја загрозило нивната психолошка состојба и чувство на сигурност. Важно е жртвите да се свесни дека дури и кога не може веднаш да ја променат институционалната постапка, дека имаат право да го документираат своето искуство за евентуално неадекватно постапување за идно остварување на правна заштита.

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Секундарната виктимизација не е само комплициран термин. Судскиот процес не треба да биде само инструмент за казна, туку и инструмент за обновување на достоинството и правата на една жртва. Само објективно познавање на обемот на виктимизација ќе овозможи не само да се создаде сигурна слика за криминалот, туку и ефикасно да се организираат превентивни активности за спречување на појавата на секундарна виктимизација.

(Авторката е дипломиран студент на „Факултет за безбедност - Скопје“ , УКЛО)

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛИТЕТ: ПРАКТИЧНИ МЕТОДИ И ПРАВНИ АСПЕКТИ

хот со преземање на низа мерки и активности од страна на земјите членки за спречување и намалување на испуштање на штетни емисии во воздухот, на самиот изворот на настанување на проблемот, и тоа во повеќе области, како што се сообраќајот, индустријата, енергијата, градежништвото, просторното планирање, земјоделството, отпадот, како и во други области кои го предизвикуваат загадувањето. Директивата се базира на Европскиот зелен план, усвоен во 2019 година, кој предвидува потреба од многу поголеми напори за справување со климатските промени, при што намалување на загадување на воздухот е од голема важност. Исполнување на овие стандарди е сериозен предизвик за Унијата, која демонстрира цврста решителност за значително намалување на загадувањето на воздухот. Директивата се повикува на најнови научни истражувања во повеќе области, меѓу кои и во областа на здравството, при што е утврдено дека лошиот квалитет на воздухот е причина за многу заболувања и предвремена смрт. Таа утврдува дека се потребни посилни превентивни активности и многу поголеми вложувања во повеќе области заради подобрување на квалитетот на воздухот, и дека ова не треба да се разбере само како трошок, туку и како иден бенефит за поквалитетен и поздрав живот на граѓаните, но и притоа, треба да се има предвид дека на долг рок, тоа ќе доведе до намалување на трошоците за здравствена заштита. Директивата претставува сериозен чекор кон унапредување на транспарентноста и на правото на надомест на штета на граѓаните од директните и индиректните негативни последици од загадување на воздухот. Несомнено дека оваа Директива отвара нови перспективи за унапредување на квалитетот на воздухот и со тоа ја покажува определбата на Унијата за интегрално унапредување на животната средина.

Директивата го потенцира универзалниот карактер на загадувањето на воздухот и потребата за подобрување на квалитетот на воздухот во цела Европа, како и во земјите кандидати за членство на ЕУ. Притоа, се нагласува потребата за помош на овие земји, бидејќи најголем дел од нив, значително заостануваат зад еколошките стандарди на Унијата. Од ова произлегува и обврската за натамошни напори и на Република Северна Македонија, за хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на воздухот. Но уште поголеми напори ќе бидат потребни за практична имплементација на стандардите, особено ако се има предвид дека квалитетот на воздухот во државата е незадоволителен.

1. ГЛАВНИ ЗАЛОЖБИ НА ДИРЕКТИВАТА НА ЕУ ЗА КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ

Европската комисија во својот документ усвоен во 2019 година, насловен како Европски зелен план,[4] јасно ги утврди приоритетите за преобразба на Унијата, во праведно и просперитетно општество кое ги штити граѓаните од ризиците и последиците од сите видови на деградација на животната средина. Во документот големо внимание се посветува на подобрување на квалитетот на воздухот и се потенцира дека загадување на воздухот е причина за сериозно нарушување на здравјето на граѓаните. Се предвидуваат перманентни мерки за унапредување на квалитетот на воздухот и усогласување со препораките на Светската здравствена организација. Притоа, е утврдена цел, Европа да стане прв климатско неутрален континент во светот, преку драстични намалувања на испуштања на штетни емисии во воздухот и достигнување на нулта стапка на загадување до 2050 година.

Новата Директива на ЕУ за квалитет на воздухот, е базирана на детални научни истражувања кои покажуваат дека загадувањето на воздухот е причина за низа болести: респираторни, кардио-васкуларни, дијабетес, канцери и други. Посебен акцент, е ставен на опасноста за ранливите групи на население, како што се децата, возрасните, хронично болните и лицата со хендикеп. Директивата се темели на најновите технолошки достигнувања и ја утврдува потребата од натамошен развој и усовршување на нови технологии што ќе овозможат значително редуцирано

4 The European Green Deal, *https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/priorities-2019-2024/story-von-der-leyen-commission/european-green-deal_en#:~:text=The%20European%20Green%20Deal%20was,course%20of%20action%20is%20critical.*

испуштање на штетни супстанции во воздухот. Утврдени се построги стандарди за дозволени емисии на ПМ 2,5, и ПМ 10, честички, азотни оксиди, сулфур диоксид, озон, јаглен моноксид, бензен, арсеник, кадмиум, литиум и олово. Овие стандарди земјите - членки треба да ги транспонираат во своето законодавство најдоцна до крајот на 2026, односно до крајот на 2030 година. Со ова ЕУ покажува решителност во справување со загадувањето и значително да го подобри квалитетот на воздухот, како и да ги намали штетите по животната средина и здравјето на луѓето. Директивата треба да има значаен придонес да се оствари целта на ЕУ за климатска неутралност и остварување на нулта точка на загадување до 2050 година, како стратешка определба на Унијата.

Во Директивата се предвидени и стриктни процедури за следење на напредокот на земјите-членки во остварување на целите во оваа област, од страна на Европската комисија, при што е утврдено дека тие мораат да доставуваат редовни извештаи до Комисија, за остварување на целите за подобрување на квалитетот на воздухот. Доколку некоја земја членка не успее да ги оствари утврдените цели, таа е должна да докаже дека тоа е од оправдани и од објективни причини. Притоа, државата членка која нема да ги исполни целите, односно стандардите утврдени во директивата е должна да достави анализа на причините и последиците од испуштањето на поголема количина од дозволените лимити за предвидените супстанции, како и да достави конкретен план, со динамика на активности и конкретни дејства во повеќе области, а особено во транспортот, сообраќајот, енергетиката и греењето, земјоделство, индустријата, градежништво и управувањето со отпад. Овие активности треба да бидат одобрени од Комисијата.

Директивата јасно укажува дека самото транспонирање на европското законодавство за квалитет на воздухот и донесувањето на планови за подобрување на квалитетот на воздухот, не значи дека државата членка ги исполнила обврските, што е и став на Европскиот суд на правда. Држава која нема да исполни целите и стандардите, е обврзана да изврши и мапирање на подрачјата каде се доцни со исполнување на целите и да ја утврди динамика на мерки и активности за исполнување на стандардите, односно целите. Во спротивно, таа земја - членка ќе биде санкционирана од страна на ЕУ, што се остварува главно преку кратење на користење на дел од средствата од ЕУ фондовите. Со ова се остварува интенцијата на европското законодавство во областа на животната средина, што е присутна во последниве неколку години, дека не е доволно само транспонирање на европското законодавство во националните законодавства, без стриктна практична имплементација, а во конкретниот случај, намалување на испуштање на штетни емисии во воздухот.

Исто така, земјите-членки треба да предвидат во своите законодавства, санкции за прекршителите на одредбите на оваа директива, кои пак, треба да бидат во усогласени со севкупното законодавство на Унијата во областа на животната средина. Санкциите треба да обезбедат ефикасност, пропорционалност, да делуваат превентивно и да имаат ефект на спречување на идно противправно постапување. При определување на санкциите треба да земе предвид природата, тежината, обемот, и времетраењето на прекршување, влијанието на населението, вклучително и чувствителното население и ранливите групи и големината на подрачје што е опфатено од загадувањето. Притоа, треба да се има предвид целта на постигнување на висок степен на заштита на животната средина и здравјето на луѓето. При изрекување на санкциите за загадувачите, треба да се опфати и економската корист што правното или физичкото лице, ја остварило со кршење на одредбите, односно со активности што доведоа до деградација на воздухот и севкупната животна средина. Ова јасно ја покажува тенденцијата на директивата за детално утврдување на одговорност, како и степенот на одговорност при утврдување на санкциите.

Научните сознанија тврдат дека загадениот воздух е причина за предвремена смрт на околу 250 илјади граѓани на ЕУ на годишно ниво и дека загадениот воздух продуцира додатни здравствени трошоци во ЕУ во износ од преку 850 милиони евра годишно. Покрај ова, се потенцира дека загадување на воздухот сериозно влијае и врз деградацијата на биодиверзитетот и квалитетот на земјоделските производи и храната.

Со оваа директива, се имплементираат стратешките определби од Европскиот зелен план,[5] како и од низа други стратешки документи усвоени од ЕУ, во кои се потенцира важноста на развојот на еколошки одржлива економија која треба во иднина да биде поконкурентна од традиционалната економија, преку развој на нови зелени технологии и креирање на нови видови на еколошки финансиски инструменти. Еколошката економија треба да овозможи помеѓу другото, и поголема заштита на здравјето на граѓаните и на биодиверзитетот. Планот предвидува дека подобрување на квалитетот на воздухот е главна алатка во постигнување на целта за намалување на емисии на стакленичките гасови за најмалку 55 % до 2030 година, споредено со емисиите од 1990 година. Оваа амбициозна цел е пренесена во директивата и претставува голем предизвик за Унијата и за земјите-членки, но сосема е јасно дека ЕУ не се откажува од напорите за остварување на оваа цел. Директивата освен на емисиите на штетни супстанции во воздухот дава и многу поголем акцент на последиците од нивното таложење на површините, што исто така, треба да биде предмет на постојан надзор. Се дефинира и изедначување на методологијата, техниките и критериумите за мерење на загадувањето на воздухот и унифицирано класифицирање на зони на агломерација,(кои се утврдуваат според густината на населението и површина, и големината на екосистемите кои се изложени на загадување на воздухот), како и задолжителната соработка и постојана размена на податоци и сите потребни информации на земјите-членки. Исто така, сите податоци мора да се доставуваат до Европската комисија, како и до Европската агенција за животна средина, која е најрелевантна стручна институција во областа на животна средина во рамките на ЕУ. Директивата дава значаен придонес за постигнување на целите на одржлив развој, утврдени од Обединетите нации во документот Агенда 2030 година за Одржлив развој.[6]

2. СТАНДАРДИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ УТВРДЕНИ ВО ДИРЕКТИВАТА

Стандардите за квалитет, во најопшта смисла претставуваат збир на практики за управување, методи, процедури, техничко-технолошки норми, вредности, системи, и барања да се постигне одреден квалитет. Поконкретно стандарди за квалитет на воздухот, во смисла на оваа директива, претставуваат гранични и целни вредности, лимити, обврски за намалување на просечна изложеност на концентрација на штетни загадувачки супстанции во воздухот за одреден временски период, со цел да се постигне пропишано ниво на квалитет на воздухот. Како што е напоменато, директивата утврдува многу построги стандарди за квалитетот на воздухот и значително намалување на дозволени граници за испуштање на штетни супстанции: ПМ 2,5, и ПМ 10, честички, азотни оксиди, азотни диоксиди, сулфур диоксид, озон, јаглен моноксид, бензен, арсеник, кадмиум литиум и олово. За секоја загадувачка материја се утврдени конкретни цели, односно лимити, што земјите- членки, треба да ги исполнат, најдоцна до најдоцна до 2026 година, односно до 2030 година, кога е предвидено натамошно унапредување на овие стандарди.

Во табела број 1 и табела број 2 се прикажани максимално утврдени лимитите до 2026 година, односно до 2030 година, за испуштање на одделни штетни супстанции.

5 European Commission, The European Green Deal, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=legissum:4438420

6 United Nation, Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development https://sdgs.un.org/2030agenda,

Табела бр: Гранични вредности што треба да се достигнат најдоцна до 11 декември 2026 година

Временски период за пресметување на просекот	Гранична вредност	
PM2,5		
календарска година	25 μg/m3	
PM10		
за 1 ден	50 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 35 пати во календарска година
календарска година	40 μg/m3	
Азот диоксид (NO2)		
за 1 час	200 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 18 пати во календарска година
календарска година	40 μg/m3	
Сулфур диоксид (SO2)		
за 1 час	350 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 24 пати во календарска година
за 1 ден	125 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 3 пати во календарска година
Јаглерод моноксид (CO)		
најголема дневна средна вредност	10 mg/m3	

Табела бр.2 Гранични вредности што треба да се достигнат до декември 2030

Време на пресметување на просекот	Гранична вредност	
PM2,5		
за 1 ден	25 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 18 дена во календарска година
календарска година	10 μg/m3	
PM10		
за 1 ден	45 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 18 дена во календарска година
календарска година	20 μg/m3	
Азотен диоксид (NO2)		
за 1 час	200 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 3 пати во календарска година
за 1 ден	50 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 18 пати во календарска година
календарска година	20 μg/m3	

Сулфур диоксид (SO2)		
1 час	350 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 3 пати во календарска година
За 1 ден	50 μg/m3	не смее да се надмине повеќе од 18 пати во календарска година
календарска година	20 μg/m3	
Јаглен моноксид(CO)		
најголема осумчасовна вредност	10 mg/m3	
за 1 ден	4 mg/m3	не смее да се надмине повеќе од 18 пати во календарска година
календарска година	0,5 μg/m3	
Арсен (As)		
календарска година	6,0 ng/m3	
Кадмиум (Cd)		
календарска година	5,0 ng/m3	
Никел (Ni)		
календарска година	20 ng/m3	

Од податоците што се презентирани во табелите бр. 1 и бр. 2 може да се заклучи дека, Унијата ги утврди прецизно целите за максимално дозволени концентрации на штетни супстанции во воздухот за точно определени временски периоди. Овие периоди се утврдени во зависност од проценатa за влијанието на одредена супстанца за различни периоди, односно за еден час, за еден ден, како и кумулативно во текот на една календарска година, кои што треба да се остварат до 2026, односно до 2030 година. Како што може да се заклучи од табелите, директивата предвидува етапност во остварување на предвидените цели и тоа во мошне кус период, односно за иден период од две години, за да после до 2030 година се утврдувањата уште построги услови. Притоа, се утврдени и толеранции за максимален број на надминувања во одреден временски период, за емисии на одредени супстанции во воздухот.

Утврдените цели, односно лимити, што се однесуваат на намалување на концентрацијата на повеќе штетни супстанции во воздухот, се резултат на повеќегодишни научни истражувања, при што е констатирано дека доколку се преземаат сериозни мерки и активности во развојот и примената на новите технологии во сите сектори, кои го предизвикуваат загадувањето на воздухот, и доколку загадувањето се спречува и се намалува на самиот извор на загадувањето, реално е да се остварат овие цели. Со тоа, главен акцент се става на превентивни активности за намалување на загаденоста на воздухот. Ова директно придонесува за подобрување на квалитет на здравјето на луѓето и квалитет на севкупната животна средина во ЕУ. Постојат и одредени мислења дека овие цели се премногу амбициозни, особено за одредени помалку развиени земји-членки, во предвидените куси рокови. Но, сепак, ЕУ е цврсто решена да се движи кон остварување на овие цели. Досегашните интензивни активности во областа на квалитетот на воздухот ја покажуваат оваа определба на Унијата.

Државите-членки, согласно своите услови и капацитети, можат во националното законодавство да предвидат и построги стандарди од оние што се утврдени во Директивата, што е сосема логично, бидејќи сите земји-членки немаат исти капацитети и услови како и еднаков степен на развој. Но, обврската за остварување на минимум на стандардите во утврдените рокови, важи за сите земји членки. Ова, во извесна смисла, претставува и одредена новина, бидејќи досега во законодавството на ЕУ во областа на животна средина, често пати, беа утврдени различни ро-

ков за транспонирање и практична имплементација на европското еколошко законодавство, за одредени земји членки, а особено за земји-членки кои подоцна се приклучија на Унијата. Во Директивата се потенцира и дека, земјите-членки во националните законодавства треба да обезбедат цврсти и конкретни обврски за своето ангажирање за исполнување на условите, како од страна на државните институции, така и од страна на локалните институции. Исто така, се предвидува целосно усогласување на методите и постапките, за мерење, следење, лабораториско и други видови утврдување на квалитетот на воздухот.

3. УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА, ПРИСТАПОТ ДО ПРАВОСУДСТВОТО, НАДОМЕСТ НА ШТЕТИТЕ И САНКЦИИ

Европската Унија како заедница ја потпиша и ја ратификуваше Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучување и пристап до правда, во областа на животната средина, која е усвоена на 25 јуни 1998 година, во градот Архус во Данска. Поради тоа, конвенцијата е позната како Архуска конвенција.[7] Оваа конвенција го реафирмира принципот на Стокхолмската декларација и Рио-декларацијата, дека правото на здрава животна средина е темелно човеково право.[8] Унијата во своето законодавство за животна средина, постојано ги унапредува правата на граѓаните да бидат информирани и да учествуваат во одлучувањето, како и да имаат право на судска заштита во случај на повреда на правата од областа на животната средина. Партиципацијата на граѓаните во одлучувањето за прашањата на животната средина и нивниот активен однос спрема институциите, е предуслов за развој на еколошката демократија. ЕУ денес е светски лидер во развојот на еколошката демократија.

Новата директива за квалитетот на воздухот, ги надградува принципите на Архуската конвенција и предвидува обврски земјите-членки да ја информираат јавноста за квалитетот на воздухот, при што треба постојано да се обезбедуваат информации за времетраење на надминувањето на пропишаните лимити за квалитетот на воздухот, за емисиите на сите видови штетни супстанции, како и за локацијата каде што е регистрирано надминувањето на дозволените лимити, концентрацијата на штетните супстанции, предупредување за здравствените последици од загадувањето, особено за ранливата популација, последиците за вегетацијата, мерки кои треба да се преземат за заштита на здравјето, како и мерки што се преземаат од страна на институциите за намалувањето на загадувањето на воздухот. Исто така, Директивата обврзува на постојано информирање на јавноста за праговите за алармирање во случај на загадувањето на воздухот.

Сите овие информации треба да бидат објавувани и ажурирани на начин што ќе им овозможи на граѓаните на лесно пристапен начин да бидат запознаени со квалитетот на воздухот, преку објавување на веб страниците на националните и локалните институции и во средствата за јавно информирање. Притоа, треба да се информираат и организациите кои делуваат во областа на заштитата на животната средина, организациите на потрошувачите, како и организациите кои ги застапуваат ранливите групи на популацијата. Информациите треба да бидат еднообразни и лесно споредливи на територијата на целата Унија. Со ова Унијата значително го унапреди еколошкото право за информирање на јавноста.

Државите-членки треба да обезбедат, во согласност со националните законодавства, граѓаните да имаат лесно достапен пристап пред судот за да ја оспорат законитоста на сите одлуки, дејствија или пропусти од страна на државите-членки, кои се причина за загадување на воздухот, под услов да имаат доволен интерес или да можат да ја докажат повредата на нивните права. Граѓанските организации кои делуваат во областа на животна средина и заштита на здравјето

7 Convention on Access to Information, Public Participation in Decision – making and Access to Justice in Environmental Matters Justice in Environmental Matters. https://unece.org/environment-policy/public-participation/aarhus-convention/introduction

8 Шапурић, Зоран. Животна средина и одржлив развој, регулативи и политики. (Универзитет Американ Колеџ 2011).

на луѓето, како и во областа на заштитата на потрошувачите, во секој случај, имаат доволен интерес и тие можат безусловно да поведат вакви постапки.

Директивата јасно прецизира дека граѓаните кои имаат штетни последици по здравјето имаат право на надомест на штета и на судска заштита, односно право на широк пристап до правосудните органи на земјата-членка. Притоа, постапката пред правосудните органи мора да биде фер и правична и да се реализира во разумен временски рок. Директивата ги обврзува земјите-членки во своето законодавство да пропишат соодветни и ефикасни механизми за правна заштита, вклучувајќи ги и мерките на забрана на вршење на одредени дејства кои доведуваат до деградација на воздухот. Водењето на оваа постапка не треба да биде скапо за граѓаните и пристапот до правдата треба да биде лесно достапен.

Зависно од условите во националните законодавства, пред да се достави барање до правосудните органи, може да се предвиди претходно да се води постапка пред управните органи, при што и оваа постапката мора да биде ефикасна и да заврши во разумен кус рок. Исто така, државите-членки се обврзани во своите национални законодавства да предвидат брзи и ефикасни постапки кои не ги отежнуваат правата за надомест на штета предизвикана од загадување на воздухот. Роковите за застарување за поведување на постапка по барања за надомест на штета, не можат да започнат пред да престанат дејствата кои доведуваат до штетата, како и пред субјектот кој бара надомест на штета, да знае или разумно би можело да се очекува дека ќе знае дека ќе претрпи штета од загадување на воздухот. Притоа, во образложението на Директивата се наведува ставот на Судот на правдата на Европската Унија, од кој јасно произлегува дека штетата мора да биде фер и доволно компензирачка. Според Директивата, во националните законодавства на земјите-членки мора да се предвидат санкции за сторителите кои го предизвикале загадувањето на воздухот. Овие санкции мора да бидат ефективни, пропорционални и да имаат ефект на спречување, односно одвраќање од идни постапувања што може да доведат до загадување на воздухот.

При изрекувањето на санкциите треба да се земат предвид следниве околности: природата, тежината, размерот и времетраењето на испуштање на штетни супстанции, односно на прекршување на стандардите утврдени со законот, штетното влијанието врз населението, вклучувајќи го чувствителното население и ранливите групи на население, како и севкупното влијание врз животната средина. Исто така, при изрекување на санкциите треба да се земе предвид и остварувањето на целта на постигнување на висок степен на заштита на здравјето на население и животната средина, како и економската корист на физичките и правните лица остварена со активностите кои предизвикуваат загадување. Директивата обврзува на транспарентност на водењето на постапките пред правосудните органи на земјите-членки. Се потенцира одговорноста за земјите-членки за неисполнување на стандардите за квалитетот на воздухот, како и тоа дека хармонизацијата на националните законодавства со оваа Директива и усвојувањето на националните плански документи само по себе не значи исполнување на обврските, без целосна практична имплементација на стандардите.

4. ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ДИРЕКТИВАТА ЗА НАЦИОНАЛНОТО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Директивата го нагласува универзалниот карактер на загадувањето на воздухот и потребата на преземање мерки за подобрување на квалитетот на воздухот во цела Европа, како и во земјите кандидати за членство во ЕУ. Притоа, се нагласува потребата за помош на овие земји од ЕУ и нивното рано вклучување во активности за подигнување на стандардите за квалитет на воздухот. Од ова произлегува и обврската за натамошни напори на Северна Македонија за хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на квалитетот на воздухот. Уште поголеми напори ќе бидат потребни за практичната имплементација на стандар-

дите за квалитет на воздухот, особено ако се има предвид дека квалитетот на воздухот кај нас не е на задоволително ниво.

Република Северна Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, има обврска да го хармонизира своето законодавство со законодавството на ЕУ. Во областа на квалитетот на воздухот потребни се сериозни натамошни напори за унапредување на законодавството во оваа област. Законот за квалитетот на амбиентниот воздух е донесен во 2004 година и е менуван седум пати. Со Законот, меѓу другото, се уредуваат мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадувањето на амбиентниот воздух преку утврдување на стандарди со гранични и целни вредности за квалитетот на воздухот и формирање на информативен систем за следење на изворите на емисии на одредени супстанции во воздухот. Во моментот се важечки 31 подзаконски акти кои ја допрецизираат оваа материја. Хармонизацијата на националното законодавство во областа на квалитетот на воздухот со законодавството на ЕУ, досега се одвива бавно, исто како и практичното исполнувањето на стандардите за квалитетот на воздухот, па може да се констатира дека состојбите се алармантни. Нивото на концентрацијата на штетните супстанции во воздухот е многу повисоко од она што е утврдено во законодавството на ЕУ, но и во националното законодавство, а особено со емисијата на PM 2,5 и PM 10 честички.

Неповолните состојби со квалитетот на воздухот се констатирани и во извештаите на Европската комисија за Република Северна Македонија во последните пет години. Во овие извештаи се нагласува дека хармонизацијата на националното законодавство во областа на воздухот со законодавството на ЕУ, се одвива бавно. Мрежата за мониторингот на воздухот треба да се надгради и усоврши. Неопходно да се преземат итни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот не само заради усогласување со ЕУ. Тоа е неопходно, пред сè, заради заштита на здравјето на граѓаните. Прв чекор е усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, а потоа и преземање на конкретни интензивни мерки и активности, засновани на современи научни технолошки достигнувања, со кои ќе има позначајно подобрување на квалитетот на воздухот. Помошта и поддршката на ЕУ треба да даде значаен придонес, но неопходни се и многу поголеми напори од страна на државните и локалните институции во земјата.

ЗАКЛУЧОК

Квалитетот на воздухот е важен за квалитетот на здравјето и животот на граѓаните. Европската Унија и покрај тоа што е составена од земји-членки кои имаат разлики во севкупните капацитети, настојува да ги изедначи стандардите за квалитет на воздухот. Во последните три децении Унијата постојано прави големи напори за унапредување на стандардите за квалитет на воздухот кои се регулираат во европското законодавство. Ова придонесе за значително подобрување на квалитетот на воздухот. Неодамна усвоената Директива за квалитетот на воздухот, утврдува уште построги правила за максимално дозволените концентрации за емисии во воздухот на сите штетни супстанции. Условите и стандардите од Директивата, државите мора да ги имплементираат најдоцна до 2026 година, односно до 2030 година. Директивата го зајакнува правото на пристап на јавноста до информациите за квалитетот на воздухот и ги олеснува условите за пристап за барањата за надомест за штета предизвикана од загадувања на воздухот, со што значително се унапредуваат еколошките права.

Република Северна Македонија, како земја кандидат, значително заостанува со хармонизацијата на своето законодавството со законодавството на ЕУ во оваа област. Резултатите се незадоволителни и со практичната имплементација на стандардите утврдени во европското законодавство, но ова се однесува и на стандардите утврдени во националното законодавство.

(Авторот е професор на Универзитет Американ колеџ, Скопје)

ЕФЕКТОТ НА ЕДУКАТИВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВРЗ ЗНАЕЊЕТО И ОДНЕСУВАЊЕТО КАЈ ДЕЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

Едукативните интервенции за заштита на животната средина можат да доведат до значителни промени во знаењето и однесувањето кај деца со интелектуална попреченост. Вклучувањето на вакви програми во образовните институции може да има долгорочни позитивни ефекти врз овие деца и нивната еколошка свест. Едукативните интервенции со фокус на практични активности, визуелни и интерактивни методи, претставуваат ефикасен начин за развивање на еколошката свест кај децата со интелектуална попреченост.

МАРИЈА ДАВЧЕВСКА – ДЕЈАН ФИЛИПОВСКИ

АПСТРАКТ

Животната средина има големо влијание на развојот на децата, а особено за деца со интелектуална попреченост. Овој труд истражува ефекти на едукативната интервенција за заштита на животната средина врз знаењето и однесувањето на деца со интелектуална попреченост. Истражувањето е спроведено со 18 деца на возраст од 10 до 14 години, поделени во експериментална и контролна група. Применети се пред-тест и пост-тест за мерење на нивото на знаење и однесување поврзано со животната средина. Резултатите покажаа значајно подобрување во знаењето и еколошките навики кај децата од експерименталната група. Во контекст на резултатите, може да се потврди дека едукативните програми за животната средина имаат позитивен ефект не само на когнитивните аспекти на децата, туку и на нивното практично однесување во секојдневниот живот. Препораките вклучуваат интеграција на еколошкото образование во редовната наставна пракса за деца со интелектуална попреченост и понатамошно истражување на долгорочните ефекти на ваквите програми.

Клучни зборови: заштита на животна средина, деца со интелектуална попреченост, еколошко образование, едукативна интервенција.

ВОВЕД

Животната средина претставува не само физичка, туку и социјална и емоционална компонента која влијае на развојот на децата. Таа се состои од природни ресурси, урбани структури, климатски услови и културни аспекти, кои, заедно, го обликуваат секојдневието и животниот стил на секоја индивидуа. За децата, животната средина е многу повеќе од просто место за живеење, тоа е простор за учење, развој и социјализација. Особено за децата со интелектуална попреченост, животната средина игра клучна улога во нивниот развој, бидејќи овие деца може да имаат поинакво восприемање на светот околу нив.

Децата со интелектуална попреченост, во зависност од нивниот степен на попреченост, се соочуваат со различни предизвици во интеракцијата со животната средина. Тие можат да имаат тешкотии во сфаќањето на основните еколошки принципи, како што се важноста на заштитата на природата, рециклирањето и одговорното користење на природните ресурси. Истовремено, овие деца имаат потреба од посебни едукативни методи и интервенции кои ќе ги поттикнат да го разберат концептот на животната средина и да се активираат како активни учесници во нејзината заштита.

Едукативните програми за заштита на животната средина не само што се фокусираат на усвојување на знаења за природата, туку се стремат да развијат свест кај младите генерации за тоа колку е важно да се зачува животната средина за идните генерации. За децата со интелектуална попреченост, овој тип на образование може да има многу поголема важност, бидејќи ја отвора можноста тие да научат не само за еколошките концепти, туку и за нивната улога во зачувувањето на природата. Примената на соодветни едукативни стратегии и методи може да влијае врз подобрувањето на нивната еколошка свест и однесување и тоа не само во контекст на училницата, туку и во секојдневниот живот. Преку практичното учење и активностите што ќе ги вклучуваат, овие деца можат да научат како да бидат поодговорни и свесни за важноста на заштитата на животната средина.

ЗОШТО ОВА ИСТРАЖУВАЊЕ Е ВАЖНО?

Интелектуалната попреченост често доведува до тешкотии во разбирањето и аплицирањето на апстрактни концепти, како што се оние поврзани со заштита на животната средина. Но, преку практични и визуелни методи, децата со интелектуална попреченост може да научат како да размислуваат и делуваат еколошки одговорно. Систематски вклучувајќи ги овие деца во едука-

тивни активности за заштита на животната средина, ова истражување има потенцијал да понуди нови стратегии и препораки кои можат да се имплементираат во образовниот процес, за да се овозможи поддршка и поттик за развој на еколошка свест и одговорно однесување. Затоа, целта на истражувањево не е само да се проучат промените во знаењето и однесувањето кај децата, туку и да се изгради основа за понатамошни програми кои ќе помогнат во подобрувањето на образовните методи за деца со интелектуална попреченост, како и да се подобри нивната интеграција во еколошките иницијативи на пошироко ниво.

Ова истражување се занимава со влијанието на едукативната интервенција за заштита на животната средина врз знаењето и однесувањето на децата со интелектуална попреченост. При тоа, целта е да ги открие ефектите од примената на едукативни програми кои ги учат децата како да се грижат за животната средина, што има потенцијал да ја промени нивната свест, ставови и однесување во однос на еколошките прашања.

1. ОСНОВНИ АСПЕКТИ НА ЦЕЛТА

1.1. ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО НА ДЕЦАТА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Првична цел е да се испита постојното знаење на децата за основните еколошки концепти, како што се рециклирање, заштита на водата и воздухот, зачувување на енергијата и животните видови.

1.2. ПРОМЕНА ВО ОДНЕСУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА

Во текот на истражувањето, главна цел е да се измери како примената на едукативните методи влијае врз навиките и однесувањето на децата во врска со животната средина. Ова вклучува процена на нивните практични активности, како што се одговорноста за рециклирање, користењето на еколошки производи и други практики што ја поддржуваат заштитата на природата.

1.3. РАЗВОЈ НА ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ

Еколошката свест не подразбира само познавање на еколошките проблеми, туку и развој на внатрешна мотивација за да се учествува во активности кои ја заштитуваат животната средина. Едукативната интервенција има за цел да поттикне децата да разберат како нивните постапки можат да имаат влијание врз планетата, што понатаму ќе влијае на нивната мотивација за активно учество во заштитата на животната средина.

1.4. ПРОЦЕНА НА ЕФЕКТИВНОСТА НА ЕДУКАТИВНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА

Главната цел е да се процени како примена на специфични едукативни методи, како што се гледање на едукативни видеа, изработка на еколошки плакати, групни активности и практични задачи, влијае на знаењето и однесувањето на децата. Важен дел од ова истражување е да се утврди кои активности најдобро влијаат на развојот на еколошката свест и однесување кај децата со интелектуална попреченост.

1.5. АНАЛИЗА НА РЕАКЦИЈАТА НА НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Поради тоа што овие деца често имаат ограничен директен контакт со различни социјални групи, исто така ќе се испита како родителите и наставниците ги оценуваат промените во знаењето и однесувањето на децата по интервенцијата. Нивната перцепција е важна, бидејќи тие често имаат најмногу контакт со децата во секојдневниот живот и нивните повратни информации може да дадат дополнителни сознанија за тоа како интервенцијата влијаела врз децата на подолг рок.

2. ЗАДАЧИ

- Да се испита почетното ниво на знаење и однесување кај децата пред започнување на интервенцијата.
- Да се спроведе образовен процес кој вклучува активности за еколошко образование, во кој ќе се интегрираат практични задачи поврзани со животната средина.
- Да се измери ефектот на интервенцијата преку споредба на резултатите од пред-тест и пост-тест.
- Да се утврди дали еколошкото образование влијае на развојот на еколошките ставови и навики кај децата со интелектуална попреченост.
- Да се испита реакцијата на наставниците и родителите на промени во однесувањето на децата.

3. ХИПОТЕЗИ

Прва хипотеза: „Постои статистички значајна разлика во знаењето за животната средина пред и по примената на едукативната интервенција кај децата со интелектуална попреченост.“

Втора хипотеза: „Постои статистички значајна разлика во однесувањето поврзано со заштита на животната средина пред и по примената на едукативната интервенција кај децата со интелектуална попреченост.“

Трета хипотеза: „Наставниците и родителите ќе пријават подобрување на свесноста и еколошкото однесување кај децата по интервенцијата.“

4. МЕТОДОЛОГИЈА

4.1. ДИЗАЈН НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето е експериментално со употреба на пред-тест и пост-тест дизајн. Овој дизајн е избран заради неговата способност да покаже како конкретната интервенција влијае на знаењето и однесувањето на испитаниците.

4.2. ИСПИТАНИЦИ

Испитаниците се 18 деца на возраст од 10 до 14 години, со лесна интелектуална попреченост. Испитаниците се поделени во две групи: Експериментална група (9 деца), кои беа изложени на едукативната интервенција, и контролна група (9 деца), кои не се изложија на интервенција, но учествуваа во редовни едукативни активности.

4.3. ИНСТРУМЕНТИ

Прашалникот за знаење содржи 10 прашања кои ги оценуваат основните концепти поврзани со заштита на животната средина (како што се рециклирање, заштита на водата и воздухот). За мерење на еколошкото однесување се користи скала која опфаќа 20 тврдења, кои се оценија на Ликертова скала (од 1 – „Никогаш“ до 5 – „Секогаш“).

4.4. ИНТЕРВЕНЦИЈА

Едукативната интервенција се спроведе во 8 сесии, со времетраење од 45 минути секоја. Сесиите вклучија видеа за важноста на заштита на животната средина, практични активности (соз-

давање еколошки плакати, засадување дрвја), дискусии и групни активности за значењето на еколошките практики.

4.5. ПОСТАПКА

Пред-тест: Во почетната фаза на истражувањето, децата пополнија прашалник за знаење и беа оценети според скала за однесување. По извршување на тестовите, следеше спроведување на едукативната интервенција во текот на 8 сесии. Пост-тест: По завршувањето на интервенцијата, истите прашалници и скали се применија повторно за да се измери промената во знаењето и однесувањето.

5. РЕЗУЛТАТИ

5.1. РЕЗУЛТАТИ ЗА ЗНАЕЊЕ

Анализата на резултатите од прашалникот за знаење покажа значителен напредок кај децата од експерименталната група по завршувањето на едукативната интервенција. Пред започнувањето на интервенцијата, просечниот резултат на децата од експерименталната група изнесуваше 5,2 поени од можни 10, што укажува на ограничено основно познавање за концептите поврзани со заштитата на животната средина. По завршувањето на интервенцијата, истиот тест покажа просечен резултат од 8,1 поени, што претставува статистички значајно подобрување. Кај контролната група, која не беше изложена на интервенцијата, забележани се минимални разлики во резултатите. Просечниот резултат пред тестот изнесуваше 5,4 поени, додека по тестот изнесуваше 5,6 поени, што укажува на речиси непроменето ниво на знаење.

Овие наоди укажуваат дека едукативната интервенција имала значаен ефект врз проширување на знаењата кај децата од експерименталната група. Активностите кои вклучуваа гледање едукативни видеа, изработка на еколошки плакати, како и практични задачи, придонесоа за подобро разбирање и запаметување на основните еколошки концепти. Статистичката анализа покажа дека разликата во резултатите пред и по интервенцијата е статистички значајна ($p < 0.01$), што ја потврдува првата хипотеза на истражувањето.

5.2. РЕЗУЛТАТИ ЗА ОДНЕСУВАЊЕТО

Резултатите од скалата за однесување покажаа, исто така, позитивни промени кај експерименталната група. Пред интервенцијата, просечниот резултат на скалата за однесување беше 12,3 поени од можни 20, што укажуваше на слаба фреквенција на еколошки однесувања во секојдневниот живот. По завршувањето на интервенцијата, резултатот се зголеми на 16,4 поени, што укажува на значително почеста примена на еколошки однесувања, како што се фрлање отпад во канта, сортирање отпад, грижа за растенија и избегнување на непотребно расфрлање на материјали. Кај контролната група, разликата беше минимална: од 12,5 поени пред интервенцијата, резултатот се зголеми на 12,8 поени по интервенцијата, што е статистички незабележлива промена.

Овие податоци укажуваат дека едукативната интервенција не само што ја зголеми свеста за важноста на еколошките практики, туку и поттикна реални промени во однесувањето на децата. Практичните активности, како засадување дрвца и создавање плакати, одиграле клучна улога во вкоренувањето на овие однесувања. И статистичката анализа за овие резултати покажа значајна разлика меѓу пред-тест и пост-тест резултатите во експерименталната група ($p < 0.05$), со што се потврдува втората хипотеза.

5.3. ПЕРЦЕПЦИЈА НА НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ

Покрај квантитативните резултати, беа собрани и квалитативни податоци преку кратки интервјуа со наставниците и родителите на децата од експерименталната група. Повеќето наставници истакнаа дека децата станале позаинтересирани за активности поврзани со природата и покажа-

ле поголема иницијатива да се вклучат во задачи како чистење на училишниот двор, собирање хартија или грижа за растенијата во училницата. Родителите забележаа промени во секојдневните навики на нивните деца, како што се потсетување на семејството да не фрла отпад на улица, сугестирање рециклирање на отпадот дома, или зголемен интерес за еколошки теми. Овие наоди ја поддржуваат третата хипотеза, дека наставниците и родителите ќе пријават позитивни промени во свеста и однесувањето на децата по спроведената интервенција.

5.4. СУМИРАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Во целина, резултатите покажуваат дека едукативната интервенција има значително позитивно влијание врз знаењето и однесувањето на децата со интелектуална попреченост. И квантитативните и квалитативните податоци укажуваат на тоа дека програмата успеала да ја подигне еколошката свест, да поттикне промени во ставовите и да ги мотивира децата за практична примена на наученото.

ДИСКУСИЈА

Овие резултати потврдуваат дека едукативните интервенции за заштита на животната средина можат да имаат позитивен ефект врз знаењето и однесувањето на деца со интелектуална попреченост. Промените кои беа забележани во резултатите на децата од експерименталната група укажуваат на тоа дека на учењето за заштита на животната средина не само што влијае врз нивното когнитивно разбирање, туку и врз нивните секојдневни навики и ставови.

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето ја потврдува хипотезата дека едукативните интервенции за заштита на животната средина можат да доведат до значителни промени во знаењето и однесувањето кај деца со интелектуална попреченост. Вклучувањето на вакви програми во образовните институции може да има долгорочни позитивни ефекти врз овие деца и нивната еколошка свест. Едукативните интервенции со фокус на практични активности, визуелни и интерактивни методи, претставуваат ефикасен начин за развивање на еколошката свест кај децата со интелектуална попреченост.

Истражувањето, исто така, ја нагласува потребата од интегрирање на еколошкото образование во редовната наставна програма за учениците со посебни потреби, преку мултисензорни и искуствени активности, кои ги земаат предвид нивните индивидуални можности и стилови на учење.

Како препорака за идни интервенции, би било корисно вклучување на поширок опсег на активности во заедницата, како што се посети на паркови, учество во локални акции за чистење или соработка со организации за заштита на животната средина.

На крајот, истражувањето ја потврди важноста на мултидисциплинарниот пристап и соработката меѓу наставниците, родителите и локалната заедница во процесот на образование за одржлив развој, со цел создавање општество кое се грижи за животната средина и ги почитува принципите на еколошката одржливост.

ПРЕПОРАКИ

- Интегрирање на еколошкото образование во наставните програми за деца со интелектуална попреченост. Препорачливо е во редовната наставна програма за овие ученици да се вклучат содржини поврзани со заштита на животната средина. Наставата треба да биде приспособена на нивното ниво на разбирање, преку едноставни, визуелни и практични активности кои ќе овозможат полесно усвојување на знаењето
- Користење на мултисензорски и интерактивни методи. Со цел да се поттикне учење преку искуство, наставниците треба да користат видеа, демонстрации, игри, песни и практични задачи. Овој пристап ја зголемува мотивацијата, ја олеснува обработката на информациите и поттикнува долгорочно паметење.
- Редовно спроведување на практични активности. Практичните активности како засадување дрвја, изработка на рециклирани предмети, собирање отпад и чистење на училишниот двор се од клучно значење за развивање еколошки навики. Препорачливо е овие активности да се организираат редовно, како дел од наставниот процес или преку училишни проекти.
- Поголемото вклучување на родителите и семејството имаат важна улога во зацврстувањето на наученото знаење и однесување. Препорачливо е училиштето да организира работилници, предавања или заеднички еко-акции со родителите, за да се обезбеди поддршка и континуитет на еколошките вредности и дома.
- Обука на наставниот кадар за еколошко образование кај децата со посебни потреби. Наставниците треба да добијат обука за современи и ефикасни методи за спроведување на еколошко образование кај деца со интелектуална попреченост. Со тоа ќе се зголеми нивната компетентност и способност да креираат приспособени активности.
- Поврзување со заедницата и локалните организации. Ова ќе овозможи учениците да учествуваат во поширoки општествени активности и да ја почувствуваат важноста на својот придонес кон заедницата.

(Авторите се специјални едукатори - рехабилитатори во ОУРЦ „Маца Овчарова“ Велес)



Институт за човекови права